РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ООУ „Свети Климент Охридски“ с. Драслајца
ShFK „Shen Klimenti Ohridski“ f.Drasllajcë
Бр. 01 - 247/1
14. 08 20 25 год.
СТРУГА STRUGË

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ООУ „Свети Климент Охридски” – с. Драслајца

учебна 2024/2025 година

август, 2025 година

**Содржина**


Вовед ....................................................................................................................................4

1. Општи податоци за основното училиште ...............................................................................5

2. Мапа на основното училиште..................................................................................................9

3. Податоци за учениците во основното училиште ...................................................................10

4. Мисија и визија.......................................................................................................................10

5. „LESSONS LEARNED“ - Веќе научено/стекнати искуства..........................................................12

6. Програми и организација на работата во основното училиште ...........................................12

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ИНКЛУЗИВЕН ТИМ .........................................................................19

7. Воннаставни активности..........................................................................................................24

8. Ученичко организирање и учество .........................................................................................32

9. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција........33

10. Проекти што се реализираат во основното училиште..........................................................34

11. Поддршка на учениците.........................................................................................................40

12. Оценување.............................................................................................................................42

13. Безбедност во училиштето.....................................................................................................44

14. Грижа за здравјето ................................................................................................................44

15. Училишна клима ...................................................................................................................47

16. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар......................................48

17. Соработка на основното училиште со родителите/старателите..............................................49

18. Комуникација и промоција на основното училиште ..............................................................50

19. Соработка...............................................................................................................................51

20. СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА КРАЈ НА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОД........................................52

21. Извештај од работата на Директорот.....................................................................................63

22. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК – ПЕДАГОГ .........................68

23. Извештај од работата на библиотеката ... 76

24. Извештај од работата на Училишниот одбор ... 78

25. Извештај од работата на Совет на родители ... 81

26. Извештај од работата на Наставнички совет ... 83

27. Извештај од работата на Стручниот јазичен актив ... 85

28. Извештај од работата на природно - математичкиот Стручниот актив ... 88

29. Извештај од работата на стручниот Актив по техничко образование и информатика ... 94

30. Извештај од активот на општествени науки ... 95

31. Извештај од работата на Стручниот актив по ФЗО, музичко и ликовно образование ... 95

32. Годишен извештај на Одделенски совет на I одделение ... 99

33. Годишен извештај на Одделенски совет на II одделение ... 100

34. Годишен извештај на Одделенски совет на III одд. ... 101

35. Годишен извештај на Одделенски совет на IV одделение ... 102

36. Годишен извештај на Одделенски совет на V одд ... 103

37. Извештај од спроведена Самоевалуација за период од две години ... 104

## Вовед

Изготвувањето на овој извештај има нормативна основа која е предвидена со Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Неговото изготвување е потреба на училиштето и ќе му користи на училиштето во неговата понатамошна работа.

Извештајот претставува документ кој ги содржи сите поважни информации за оценка на работата на училиштето и остварувањето на Годишната програма за работа во учебната 2024/2025 година. Тој во суштина писмено ја изразува ангажираноста и остварувањето на дејноста на училиштето.

Информациите во извештајот се методолошки и хронолошки подредени според подрачјата предвидени во годишната програма за работа и воглавно се однесуваат на следните процеси: просторни и други услови за работа, реализација на наставни планови и програми, постигања на учениците во сите наставни и воннаставни области, соработка со родители, локална средина и локална заедница и други институции, МОН, БРО, Државен испитен центар, Државен просветен инспекторат, Невладини организации и др.

Во извештајот квантитативно се претставени ангажирањата на наставниците и стручните соработници во рамките на нивната работна седмица, и токму заради тоа тој содржи факти и информации од аспект на:

- ✓ Ангажирање на наставниците во реализација на наставата;
- ✓ Ангажирање на наставниците во реализација на значајни активности, значајни датуми, екскурзии, ученички натпревари, изложби, конкурси;
- ✓ Ангажирање на наставниците во работата на стручни органи: одделенско раководство, Совети на предметни и одделенски наставници, Стручни активи, Наставнички совети и други стручни тимови;
- ✓ Ангажирање во реализација на програмите на другите органи и организации: Совет на родители, Училишен одбор, Одделенски заедници, секции, спортски активности и сл.;
- ✓ Ангажирање во реализација на други посебни програми од воспитно-образовниот процес: грижа за здравјето на учениците, заштита на животната средина, општествено-корисна работа и уредување на училиштето;
- ✓ Ангажирање во реализација на програмата за стручно усовршување и професионален развој на кадарот;
- ✓ Ангажирање во реализација на програми за соработка со општествената средина: соработка со родители, соработка со локалната заедница соработка со бизнис заедницата, соработка со МОН и неговите единици, соработка со невладини организации, соработка со други училишта;
- ✓ Ангажирање во реализација на програмите за унапредување на наставата и оценувањето;
- ✓ Ангажирање на стручните соработници во реализација на нивните програми и афирмација на училиштето.

Целта на овој извештај е да обезбеди јасни насоки за одговорно вклучување на сите училишни субјекти во креирањето на програмските подрачја за работата во наредниот период.

# 1. Општи податоци за основното училиште

| | |
|---|---|
| Податоци | Централно училиште |
| Име на училиштето | ООУ „Свети Климент Охридски“ |
| Адреса, општина, место | с. Драслајца , Струга |
| Телефон | 075/922-480 |
| Фах | / |
| е-маил | ou-klimentohridski-draslajca-struga@schools.mk |
| Web-site | www.ouklimentohridski.wordpress.com |
| Основано од | Собрание на општина Струга, 1964 |
| Верификација - број на актот | 08-1142 од 1985 |
| Година на верификација | 1985 година |
| Година на изградба | 1985 година |
| Тип на градба<br>Површина на објектот | тврда 2191 m2 |
| Површина на училишниот двор | 40124 м2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | 600 м2 надворешно спортско игралиште<br>1000 м2 спортска сала |
| Училиштето работи во смена | прва |
| Начин на загревање на училиштето | парно греење |

| | |
|---|---|
| Број на паралелки | 11 |
| Број на комбинирани паралелки | 2 |
| Број на смени | една |
| Јазик на кој се изведува наставата | македонски |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | / |
| Податоци | Подрачно училиште |
| Име на училиштето | ООУ „Свети Климент Охридски“ – ПУ Мороишта |
| Адреса, општина, место | с. Мороишта , Струга |
| Телефон | 075/922-480 |
| Фах | / |
| е-маил | ou-klimentohridski-draslajca-struga@schools.mk |
| Web-site | www.ouklimentohridski.wordpress.com |
| Основано од | Собрание на општина Струга, 1964 |
| Верификација - број на актот | 08-1142 од 1985 |

| | |
|---|---|
| Година на верификација | 1985 година |
| Година на изградба | 1997, 2023 реновирано фасада и пвц столарија |
| Тип на градба<br>Површина на објектот | тврда<br>520 m2 |
| Површина на училишниот двор | 3716 м2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | 600 м2 |
| Училиштето работи во смена | прва |
| Начин на загревање на училиштето | парно греење |
| Број на паралелки | 5 |
| Број на комбинирани паралелки | / |
| Број на смени | една |
| Јазик на кој се изведува наставата | македонски |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | / |
| Податоци | Подрачно  училиште |
| Име на училиштето | ООУ „Свети Климент Охридски“ – ПУ Ложани |
| Адреса, општина, место | с. Ложани , Струга |
| Телефон | 075/922-480 |
| Фах | / |
| е-маил | ou-klimentohridski-draslajca-struga@schools.mk |
| Web-site | www.ouklimentohridski.wordpress.com |
| Основано од | Собрание на општина Струга, 1964 |
| Верификација - број на актот | 08-1142 од 1985 |
| Година на верификација | 1985 година |
| Година на изградба | 2008 реновирано |
| Тип на градба<br>Површина на објектот | тврда 222 m2 |
| Површина на училишниот двор | 1435 м2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | / |
| Училиштето работи во смена | прва |
| Начин на загревање на училиштето | Електрична енергија |

| | |
|---|---|
| Број на паралелки | 3 |
| Број на комбинирани паралелки | 2 |
| Број на смени | една |
| Јазик на кој се изведува наставата | македонски |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | / |
| Податоци | Подрачно училиште |
| Име на училиштето | ООУ „Свети Климент Охридски“ - Бицево |
| Адреса, општина, место | с. Бицево , Струга |
| Телефон | 075/922-480 |
| Фах | / |
| е-маил | ou-klimentohridski-draslajca-struga@schools.mk |
| Web-site | www.ouklimentohridski.wordpress.com |
| Основано од | Собрание на општина Струга, 1964 |
| Верификација - број на актот | 08-1142 од 1985 |
| Година на верификација | 1985 година |
| Година на изградба | 2001 реновирано |
| Тип на градба<br>Површина на објектот | тврда 179 м2 |
| Површина на училишниот двор | 5108 м2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | 600 м2 |
| Училиштето работи во смена | прва |
| Начин на загревање на училиштето | дрва |
| Број на паралелки | 4 |
| Број на комбинирани паралелки | 1 |
| Број на смени | една |
| Јазик на кој се изведува наставата | албански |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |

| | |
|---|---|
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | / |

## 2. Мапа на основното училиште

ООУ „ Свети Климент Охридски“ - с.Драслајца




ПУ Мороишта



ПУ Ложани



ПУ Биџево



### *2.1 Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“*

Училиштето има во предвид дека за успешна реализација на образовно - воспитниот процес покрај квалитетно изработените наставни програми, добро едуцираниот наставен кадар, голема е важноста на соодветниот простор, вклучувајќи ги тука и опремата и нагледните средства. Затоа, континуирани се залагањата за одржување и доопремување на просторот во училниците како и доопремување со нагледни средства и помагала.

## 3. Податоци за учениците во основното училиште

Основното образование е задолжително, трае девет години и се организира во три воспитно-образовни периоди и тоа од прво до трето одделение, од четврто до шесто одделение и од седмо до деветто одделение. Детето со поаѓањето во основното училиште стекнува статус на ученик. Запишувањето на детето во училиштето го спроведе трочлена комисија составена од педагог и два одделенски наставници.

- Комисија за запишување на првачиња во учебната 2024/2025 година, во состав:
  Катерина Спасеска - педагог
  Павлина Божиновска - одделенски наставник
  Суејла Дрбач – одделенски наставник

- Комисија за одложување на следењето на наставата во прво одделение за учебна 2024/2025 година, во состав:
  Катерина Спасеска - педагог
  Павлина Божиновска - одделенски наставник
  Суејла Дрбач – одделенски наставник

## 4. Мисија и визија

***Мисија***

Ние сме инклузивно и безбедно училиште кое настојува да обезбеди современа и квалитетна настава. Иако во моментов располагаме со дел од потребната ИТ опрема и нагледни наставни средства, активно работиме на унапредување на условите за работа и учење, со цел целосно воведување на современи наставни практики и технологии.

Нашето училиште ги охрабрува учениците да бидат лидери, да промовираат еднаквост, демократска средина, соработка, разновидност и меѓусебна почит. Посебен приоритет даваме на развојот на критичко размислување и обезбедување квалитетно образование и воспитување преку зајакнување на односите меѓу ученикот, родителот и наставникот – како темел на успешен и целосен воспитно-образовен процес.

Ние вложуваме во создавање позитивна и поттикнувачка средина за учење, каде се негува личниот и професионален развој, а наставниот процес се прилагодува согласно современите образовни текови и реформи.

Како воспитно-образовна институција, ја истакнуваме важноста на индивидуалноста и личниот напредок на секој ученик. Поттикнуваме учење без предрасуди, развој на критичко размислување, решавање на проблеми преку анализа, вреднување и логичко размислување, како и градење лични ставови засновани на разбирање, почит и аргументација.

***Визија***

Ние сме училиште кое стреми кон современи, квалитетни и инклузивни образовни практики, отворено кон иновации и континуиран развој. Иако нашето училиште се соочува со предизвици поврзани со инфраструктурата и е во исчекување на целосна реконструкција, посветено работиме на создавање на поттикнувачка и безбедна средина за учење и напредок.

Горди сме на нашата улога како образовна институција која ги негува културните вредности,

традицијата и различностите, истовремено охрабрувајќи го критичкото размислување, тимската работа и почитувањето меѓу учениците.

Следејќи ги современите текови во образованието, обезбедуваме наставни практики што им овозможуваат на учениците да стекнуваат корисни, применливи и трајни знаења, што ќе им помогнат во понатамошното образование и личен развој.

Нашата визија е да бидеме училиште кое го поддржува индивидуалниот развој, кое активно соработува со родителите и локалната заедница, градејќи силни врски и средина во која секое дете ќе добие поддршка да го достигне својот потенцијал. Како образовна институција се стремиме да поттикнуваме вистински вредности: етика, почитување, толеранција, тимска работа и одговорност – основа за успех во современото општество.

# 5. „LESSONS LEARNED“ - Веќе научено/стекнати искуства

Во учебната 2024/2025 година Наставниот план и програма се во целост реализирани од страна на сите одделенски и предметни наставници. Добра страна во реализацијата на наставните планови е тоа што програмските цели се јасно дефинирани и овозможуваат примена на активни методи, идејни решенија и стратегии при реализацијата, можности за интеграција и диференциран приод, зголемена динамика и мотивација на учениците, како и јасно дефинирани и очекувани исходи. Како одредени потешкотии во реализацијата може да се посочат преобемноста на наставните цели, повторување на содржини во различни теми и одделенија, како и евидентни апстрактни поими особено по одредени предмети.

Поединечни потешкотии при реализацијата постојат поради високо ниво на кои се напишани некои од учебниците, а кои недоследности се надминуваа со соодветно изготвени активности и дополнителна литература. Програмите се реализираа континуирано за сите возрасти и во сите паралелки како и дополнителните и додатните часови и секции.

# 6. Програми и организација на работата во основното училиште

### *6.1 Календар за организацијата и работата во основното училиште*

Учебната година во основните училишта започна на 1 септември 2024 година, а завршува на 31 август 2025 година. Наставната година започна на 2 септември 2024 година и заврши на 10 јуни 2025 година.

Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие. Првото полугодие започна на 2 септември 2024 година и заврши на 31 декември 2024 година. Второто полугодие започна на 20 јануари 2025 година и заврши на 10 јуни 2025 година.

Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор. Зимскиот одмор започна на 01 јануари 2025 година и заврши на 19 јануари 2025 година. За време на зимскиот одмор вработените во училиштето од 1 јануари 2025 година до 11 јануари 2025 година користеа платени работни денови.

Летниот одмор започна на 11 јуни 2025 година и завршува на 31 август 2025 година.

Воспитно - образовната работа за учениците се организира во текот на целата работнанедела.

Во учебната 2024/2025година наставата се остварува во 180 наставни денови.

На денот на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации. Традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик се одбележува со организирање на културни и други манифестации.

Работните денови кога се изведуваат ученичките екскурзии, денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми.

### *6.2 Работа во смени*

Работата во централното училиште во с. Драслајца ќе се одвива во една смена. За учениците од предметна настава организирана е настава по кабинети. Наставата започнува во 8:00. Времетраењето на еден час е 40 минути. Помеѓу вториот и третиот час има голем одмор во траење од 25 минути за учениците од одделенска и предметна настава. Помеѓу секој час има одмор од 5 минути.

Наставата во подрачните училишта во с. Мороишта, с. Ложани и с. Биџево ќе се одвива во една смена со почеток од 8:00 до 13:00. Секое подрачно училиште има голем одмор во траење од 25 минути

### *6.3 Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата*

Учебната година ја завршија 197 ученици. Наставата по сите задолжителни и изборни предмети, согласно Наставен план се реализираше на македонски јазик во 19 паралелки и албански јазик во 4 паралелки, односно вкупно 23 паралелки.

| | **Македонски јазик** | **Албански јазик** | **Турски јазик** | **Српски јазик** | **Босански јазик** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 19 | 4 | | | |
| **Број на ученици** | 167 | 30 | | | |
| **Број на наставници** | 31 | 5 | | | |

### *6.4 Комбинирани паралелки*

Во нашето училиште има 5 комбинирани паралелки, од кои 4 на македонски јазик и 1 на албански наставен јазик.

### *6.5 Странски јазици што се изучуваат во основното училиште*

Сите ученици како прв задолжителен странски јазик го изучуваа англискиот јазик, а како втор странски јазик во нашето училиште се изучуваше италијанскиот јазик во шесто и седмо одделение и рускиот јазик во осмо и деветто одделение.

### *6.6 Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение*

Во учебната 2024/2025 год. по предметот Физичко и здравствено образование во училиштето се реализираше тандем настава во следните одделенија: I, II, III, IV и V одд. според Планот и програмата за Физичко и здравствено образование.

Цели и задачи:

- Подобрување на квалитетот на часовите по ФЗО
- Целосен пристап (дидактичко-методски и техничко-тактички) кон усвојувањето на содржините
- Правилен раст и развој на децата
- Унапредување на моторичките способности кај учениците
- Воведување на здрави навики и навики за занимања со спортско-рекреативни активности од најрана возраст
- Јакнење на спортскиот дух кај децата и почитување на “фер плеј” принципи.

Очекувани резултати:

- Здрави и правилно развиени ученици

- Намален процент на деформитети кај децата
- Развиен позитивен став на учениците кон физички активности.

| Наставник по физичко и здравствено образ. | Одделенски наставник во 1,2,3,4 и 5 одделение | Паралелка |
|---|---|---|
| Марино Велоски | Рената Спироска, Јованка Спасеска, Розе Клечкароска | Драслајца |
| Марино Велоски, Наумче Спасески | Соња Милошеска, Павлина Божиновска, Анѓелина Ристоска, Наумоска Гордана, Даниела Карамачоска | Мороишта |
| Наумче Спасески | Злата Маџоска, Снежана Шурдоска, Мирјана Гоџо | Ложани |
| Фламур Таири | Суејла Дрбач, Нериманe Махмуди, Африме Анруши, Албана Мехмеди Лена | Биџево |

### *6.7 Изборна настава*

Училиштето ги почитува правата и обврските на учениците при определување за изборни предмети и ги спроведува прописите поврзани со таа проблематика. Преку изборните програми учениците ги проширувaат и продлабочуваат знаењата, способностите и вештините од научните области за кои се определиле.

Во учебната 2024/2025 год. во училиштето се изучуваа следните изборни предмети:

- Цртање, сликање, вајарство
- Изработка од хартија-оригами
- Театарски работилници
- Образование за животни вештини
- Танцување
- Футбал
- Финансиска писменост
- Заштита на животната средина
- Образование за животни вештини
- Техничко цртање и дизајнирање
- Класична култура
- Нашата татковина
- Техничко образование
- Програмирање
- Истражување на родниот крај

### *6.8 Дополнителна настава*

Дополнителната настава е застапена со одреден број часови, со што добива задолжителен карактер и се реализираше за учениците кои поради одредени објективни или субјективни причини заостанувaа при усвојување на наставното градиво и имаат тешкотии во учењето, побавно напредуваат или изразито заостануваат во усвојувањето на содрхините по поедини или повеке наставни предмети. Дополнителната настава како интегрална компонента на редовната настава се реализираше според следните основи: претходни согледувања на наставниците; актуелните потреби на учениците; сугестии на стручната служба и други лица.

Групите беа променливи по состав и број, а зависеа од потребите на самите ученици. Времетраењето на часовите беше флексибилно, заради специфичноста на овој вид настава. За секој ученик неопходно се применуваа индивидуални форми на работа или работа во тандеми како и микро групи, а поретко и

фронтална работа со учениците од групата. Се настојуваше преку разговори, посочување литература, упатување на соработка со стручни лица и други субјекти, родителите да се едуцираат што е можно повеќе и на таков начин да им помогнат на своите деца, кои имаа тешкотии во учењето и однесувањето. Распоредот за изведување на дополнителна настава се изготви и прикачи на огласната табла и web страната на училиштето.

### *6.9 Додатна настава*

Еден од основните императиви на нашето училиште за задоволување на емоционалните, физичките и социјалните потреби, како и поттикнување на индивидуален пристап кон учениците и нивно активно вклучување во наставниот процес е успешната реализација на додатната настава.
Додатната настава во училиштето се организираше и реализираше за учениците кои имаат потреба од проширување и продлабочување на знаењата по поедини наставни предмети, дисциплини и области. Во неа беа вклучени ученици кои во редовната настава постигнуваат натпросечни резултати и покажуваат надареност и талентираност за одделни наставни предмети и подрачја. Основни принципи во реализација на овој вид на настава се: индивидуалниот пристап, менторски принцип, флексибилност во време на одржување и во реализација на наставните содржини, истражувачки пристап во решавање на задачите и проблемите, разновидност и користење адекватни наставни форми и методи во наставата, користење и примена на современата технологија во наставата, работа во мали групи од теоретска и практична природа, самостојна работа на учениците и експериментирање.
Изборот на учениците се вршеше со систематско следење, испитување и вреднување на развојните способности. Исто така, приоритет беше грижата за надарените и талентираните ученици што веќе неколку години station наназад се актуелизираше како потреба и цел и се изградуваа моделите кои водат кон практично подобрување на постигнувањата на учениците како и подготовка за натпревари.
Распоредот за изведување на додатна настава се изготви и прикачи на огласната табла и web страната на училиштето.

### *6.10 Работа со надарени и талентирани ученици*

Образовниот систем има одговорност да им обезбеди на сите ученици целосно продолжување на едукацијата преку формална и неформална програма, која треба да биде и е предизвикувачка и мотивирачка. Се бара да се разберат индивидуалните потреби на учениците и да се имплементираат програми кои ќе ги задоволат тие потреби бидејќи учениците имаат различни способности, учат на различни нивоа и го развиваат својот капацитет и талент.

Во училиштето работата со талентираните ученици се одвиваше преку следните чекори:

- Идентификација на учениците;
- Поттикнување на когнитивниот домен преку редовната настава;
- Развивање вештини во воннаставните активности;
- Мотивирање на напредокот на учениците.

Во редовната настава се користеа повеќе стимулативни начини и извори за провокација на когнитивните способности кај учениците:

- Користење на напредни учебници и веб-страници;
- Побрза проодност низ наставните содржини;
- Самостојна истражувачка работа;
- Работа со ментор;
- Посложени нивоа на задачи;
- Задачи кои го поттикнуваат дивергентното мислење (различни пристапи и решенија);
- Користење на аудио-визуелни материјали;
- Флексибилност во работата;
- Едукативни излети и посети.

Цели: Поттикнување на потенцијалите на учениците во насока на професионален развој.

Оваа програма ја организираат наставници од оние предмети за кои има пројавено интерес. Улогата на наставникот во оваа настава ќе биде да ги мотивира и поттикнува учениците, да ги развива нивните способности и да ги подготвува за различни натпревари од општински, регионален или републички карактер. Посебно внимание се посветува на традиционалните државни натпревари. Во работата со овие ученици ќе се вклучи тим од наставници кои се директно вклучени во предвидената материја.

Во учебната 2024-2025 год. училиштето им додели пофалници и награди за ученик – првенец на генерација, за кониннуиран одличен успех и афирмација на училиштето на следните ученици:

1. Тамара Чавкоска– првенец на генерација
2. Миа Мангоска – континуриран одличен успех и трета награда на државен натпревар
3. Теодора Ѓоќеска – континуриран одличен успех
4. Филип Малески – континуриран одличен успех
5. Горазд Ојлески – континуриран одличен успех
6. Сара Милошеска - континуриран одличен успех и учество на државен натпревар

### *6.11 Работа со ученици со посебни образовни потреби* – **Катерина**

Во учебната 2024/2025 година во училиштето беше идентификуван само еден ученик со попреченост, за кој е издаден наод и мислење од надлежна институција и проценка од стручно тело за функционална проценка МКФ. За работата со ученикот, во училиштето има формирано училишен инклузивен тим (УИТ) составен од седум члена.

Училишен инклузивен тим се грижеше за инклузивните политики и практики на ниво на целото

училиште и за инклузивните тимови за учениците. За ученикот кој следеше настава со интензивирана поддршка по индивидуален образовен план (во натамошниот текст: ИОП) беше формиран инклузивен тим за ученик (ИТУ) и беше составен од: наставниците на ученикот, родителот/старателот, педагогот. Инклузивниот тим за ученик, е за период до завршување на основното образование. Со учениците со попреченост се работеше по ИОП, се со цел и тој ученик да напредуваат по сопствено темпо и согласно своите можности и способности, а се во согласност со препораките од стручно тело за функционална проценка (МКФ). Ученикот со попреченост континуирано се оценува според оваа програма, со прилагодување на неговите особености. Училишниот инклузивен тим ги осмислува и спроведува активностите на ниво на целото училиште и води грижа тие да бидат усогласени и применувани во воспитно- образовната работа. Се залага за инклузивно образование кое ја вреднува различноста и уникатните придонеси кои секој ученик ги дава во училницата, секое дете да има чувство на припадност и обезбедување и унапредување на квалитет на наставата во образование на учениците со попреченост.

За ученикот во учебната 2024/2025 година не беше доделен образовен асистент.

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ИНКЛУЗИВЕН ТИМ НА
### ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ



Во учебната 2024/2025 година во училиштето е идентификуван еден ученик со попреченост, за кој е издаден наод и мислење од надлежна институција и проценка од стручно тело МКФ. За работата со овој ученик, во училиштето има формирано училишен инклузивен тим (УИТ) составен од седум члена. Училишен инклузивен тим се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште и за инклузивните тимови за учениците.

Со учениците со попреченост се работи по **ИОП**, се со цел ученикот да напредува по сопствено темпо и согласно своите можности и способности, а се во согласност со препораките од стручно тело за проценка (МКФ).

**1** ученик следи настава по **ИОП**, во образовниот процес не беше вклучен **образовен асистент**.

***Активности за реализација на целите:***

| Цели | Содржини и активности | Реализатор | Време | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за работа со децата со посебни образовни потреби Запознавање со бројот на ученици и видот на попреченост | - Формирање на тим за поддршка<br>- Изготвување на Годишна програма за работа | Стручни соработници, одд. наставници, родители | август 2024 | - Успешна реализација на планираните активности. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Индивидуализирање и прилагодување на наставата кон потребите на учениците и нивна опсервација | - Разговори со одд.наставници од I, II, IV и V одд.<br>- Соработка со ресурсен центар „Кочо Рацин”<br>- Изработка на индивидуални оперативни планови за работа со учениците со посебни потреби<br>- Диференциран пристап во работата | Стручни соработници, одд. наставници, Ресурсен центар „Кочи Рацин“, МКФ.<br>Одд. наставници, стручни соработници, родители | септември/октомври 2024 | - Преглед и евиденција на учениците и видот на посебните потреби<br>- Помош на учениците со ПОП од стручните лица во соработка со училиштето.<br>- Успешна реализација на наставната програма со сите ученици<br>- Континуирано следење на постигањата. |
| Следење на индивидуалните постигања на учениците со посебни образовни потреби (крај на | - Евиденција на успехот и редовноста<br>- Користење на инструменти за следење и вреднување | Одд. наставници, стручни соработници, родители | декември 2024 | - Проценка на постигањата<br>- Дополнување на индивидуалниот оперативен план<br>- Определување на соодветни форми/методи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| прво полугодие) | | | | за работа. |
| Следење на индивидуалните постигања на учениците со посебни образовни потреби (трет квалционен период) | -Непосредна работа со учениците | одд. наставници, стручни соработници | март 2025 | -Изнаоѓање на соодветни форми и методи за работа со цел постигнување на подобри резултати |
| Евалуација на активностите предвидени со програмата | -Согледување на јаки/слаби страни од реализација на индивидуалните образовни планови | одд. наставници, стручни соработници | јуни 2025 | -Постигнување на планираните цели во воспитно-образовниот процес со овие ученици |

**План на активности за работа со деца со посебни образовни потреби за крајот на учебната 2024/2025 година**

| Задача | Активност | Време | Носител | Очекувани резултати | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|
| Идентификување на децата со ПОП - прво одделение | Разговори со децата со ПОП и родителите | август | Инклузивен тим | Навремено идентификувани деца со ПОП и соработка со родителите | Инклузивен тим |
| Мислење од МКФ | Обезбедување на мислење од МКФ и добивање на образовни/лични асистенти | август/сеп тември | Инклузивен тим, стручен тим од МКФ, Општина Струга | Навремено добиена медицинска белешка (потврда) за децата со ПОП и распределба на образовните/лични асистенти | Инклузивен тим |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Прилагоденост на децата со ПОП во воспитно-образов. процес | Опсервација и нивно прилагодување во наставата | октомври | Инклузивен тим | Адаптација и постигнување на очекуваните резултати на децата со ПОП | Инклузивен тим |
| Изработка на ИОП | Постигнување на целите поставени со ИОП за секое дете | октомври | Инклузивен тим | Надминување на одредени потешкотии на децата со ПОП | Инклузивен тим |
| Анализа на резултатите постигнати со учениците со ПОП | Опсервација, следење, разговори | декември/ јуни | Наставници, Инклузивен тим родители | Постигнување на децата со ПОП | Инклузивен тим |

### *6.12 Туторска поддршка на учениците*

Во ООУ “Свети Климент Охридски” – с.Драслајца не е организирана туторска поддршка на учениците.

### *6.13 План на образовниот медијатор*

Во ООУ “Свети Климент Охридски” – с.Драслајца нема образовен медијатор.

## 7. Воннаставни активности

***Краткотрајни воннаставни активности***

- излети и екскурзии
- еднократни рботилници
- акции во училиштето или во заедницата

***Долготрајни воннаставни активности***

- секции/клубови
- проекти
- гостувања

***Во овие активости влегуваат и:***

- Ученички натпревари
- Организација на Црвен крст
- Одбележување празници
- Посета на институции и културни манифестации
- Работилници
- Организирање на МИО активности

Како посебен вид воннаставни активности се оние поврзани со ученичкото организирање во рамките на училиштето:

- заедница на паралелка и
- Ученички парламент

**Постигнати ефекти:**

- Стекнување на знаењата, вештините и вредностите/ставовите зацртани со Националните стандарди за основното образование;
  Воннаставните активности се ориентирани на учениците и усогласени со индивидуалните потреби и со разликите меѓу учениците, за да обезбедат можност секое дете да ги запознае и максимално да ги развива своите способности, потенцијали и знаења;
  Понудените воннаставни активности се интересни, корисни и забавни, и се разликуваат од наставните не само по темите/содржините на кои се фокусираат, туку и по пристапот и методите на реализација на зацртаните содржини;
- Активно учество на учениците при планирањето, организирањето и спроведувањето на воннаставните активности што ке се реализираат, како и во вреднувањето на успешноста од нејзината реализација и ефектите од тоа;
- Организирање на воннаставни активности преку кои се поттикнува развојот на интеркултурните компетенции кај учениците и го промовира мултикултурниот/ мултиетничкиот карактер;
- Вклученост на родителите во реализацијата на воннаставните активности, работејки заедно со наставниците кои се одговорни за самата реализација;
- Соработката на училиштето со локалната заедница и организирање на заеднички настани преку кои ке се промовираат воннаставните активности и надвор од училиштето.

### *7.1 Екскурзии, излети и настава во природа*

Во учебната 2024/2025 год.се реализираа следните екскурзии:

- Еднодневна екскурзија за III одд. на релација Драслајца - Крушево – Драслајца
- Тридневна екскурзија за IX одд. низ Источна Македонија
- Еднодневен есенски излет за учениците од I-IX одд. Драслајца – Охрид ( Свети Стефан) – Драслајца
- Еднодневен пролетен излет за учениците од I-IX одд. Драслајца – Охрид ( стар град - кале) - Драслајца

**Еднодневна научна –наставна екскурзија до Крушево со учениците од трето одделение од ООУ Свети Климент Охридски –Драслајца**
**Реализирана на ден 13.05.2025 год**

Екскурзијата беше од научен карактер со посета на Крушево. Во Крушево, групата беше пречекана од страна на кустос во Музејот „Македониум“ каде учесниците имаа можност да се запонзаат со историјата на споменикот, неговата културна и архитектонска вредност, како и животот и делото на некои од хероите од Илинденскиот период. Групата ја посети и Спомен куќата на Тоше Проески, и посетата на неговото почивалиште. По посетите беше организиран ручек, каде учесниците имаа можност да се одморат, забавуваат и да поминат време заедно и придонесат за нејзино успешно реализирање.

Опис на патувањето:
Поаѓање во 08:00)
Предвидено време за пристигнување во Крушево околу 10-10 часот.
Слободно време за индивидуални активности, прошетка и разглед.
Тргнување за Струга во 16:00 часот

Програмата вклучува:
Превоз на дадената релација.
Организација и водство на патувањето.
Програмата не вклучува:
Индивидуални трошоци

Одделенски наставници: Гордана Наумоска, Розе Клечкароска, Мирјана Гоџо.

**Извештај за тридневна екскурзија**
**Учебна година: 2025/2025**

Класни раководители: Сања Котевска Клечкароска и Владо Ристовски
Одделенија: IX$^{а}$ и IX$^{б}$
Училиште: ООУ „Свети Климент Охридски“ - с. Драслајца
Период на реализација: 30.10.2024 – 1.11.2024 година

Од 30.10.2024 до 1.11.2024 година, деветтите одделенија при ООУ ,,Свети Климент Охридски" - с. Драслајца заедно со своите класни раководители, реализираа тридневна екскурзија низ Република Македонија.

Целта на екскурзијата беше учениците да се запознаат со културното, историското и природното наследство на нашата земја, да развијат самостојност, меѓусебно да се дружат и да се рекреираат.

**ПРВ ДЕН (30.10.2024)**

Официјалното поаѓање беше од дворот на ООУ „Јосип Броз Тито" - Струга во 8.00 часот.
Со учениците најпрво го посетивме градот Прилеп. Во Прилеп го разгледавме меморијалниот споменички комплекс **Могила на непобедените** и **Спомен-паркот на револуцијата.** Следуваше посета на археолошкиот локалитет **Стоби,** па учениците имаа можност да се запознаат со древната историја на областа.
Од Стоби се упативме кон Струмица. По прошетката во градскиот парк, ручавме во пицеријата *Happiness* сместена во самото срце на градот. Потоа продолживме со прошетка низ плоштадот и го посетивме **споменикот на Гоце Делчев** - нашиот национален херој.
Во 20.00 часот се сместивме во хотел „Мис Стоун" каде што вечеравме и се подготвивме за следниот ден.

**ВТОР ДЕН (31.10.2024)**

7.00 часот - појадок во хотел „Мис Стоун".
Во 8.00 часот тргнавме во село Вељуса, имавме прошетка низ селото и го посетивме **Вељушкиот манастир**, место познато по својата духовна вредност.
Потоа тргнавме накај Штип, имавме прошетка во центарот на градот, а потоа се упативме во Пробиштип. Во Пробиштип го посетивме **Музејот на ретки минерали**, каде учениците се запознаа со уникатните минерали од наше и странско поднебје и слушаа кратко предавање за нивната важност.
Ручекот беше во 14.00 часот во ресторан „Црешово топче".
Веднаш после ручекот, го посетивме **Лесновскиот манастир** во с. Лесново, пробиштипско, а од таму, во околу 16.00 часот, заминавме за Скопје. Во вечерните часови се сместивме во хотел „Континентал" и вечеравме.

**ТРЕТ ДЕН (1.11.2014)**

8.30 часот - појадок во хотел „Континентал".
Во 9.15 часот тргнавме во посета на **Скопско Кале** и учениците имаа прилика да уживаат во панорамскиот поглед на градот. Следуваше посета на **гробот на Гоце Делчев** и црквата **св. Спас**, што беше значајно историско и духовно искуство за сите нас.
Во Скопје го посетивме и **Музејот на македонската револуционерна борба**, а потоа прошетавме низ **Старата скопска чаршија** и плоштадот. После прошетката ја посетивме општина Сарај и **кањонот Матка,** каде што учениците се восхитуваа на природните убавини.
Во 15.00 часот тргнавме кон Тетово, а во 16.30 часот ручавме во ресторан во центарот на градот.
Во 18.00 часот, се упативме назад кон Струга и тоа всушност беше крајот на нашата авантура. Во 20.00 часот пристигнавме пред училиштето во с. Драслајца, каде што родителите ги пречекаа учениците.

Екскурзијата беше успешна и целите беа реализирани. Немаше неправилности и проблеми од било каков вид. Учениците се запознаа со важни историски и културни места, се запознаа со природните убавини во нашата земја, меѓусебно се дружеа, но создадоа и нови пријателства, со оглед на тоа што тридневното патување го реализиравме заедно со учениците при ООУ „Јосип Броз Тито" - Струга.

**Одговорни наставници: Сања Котевска Клечкароска и Владо Ристовски**

**Извештај за еднодневени излети**
**Учебна година: 2024/2025**

**Цели и задачи на училишните слободни активности**

Училишните слободни активности на учениците имаат за цел совладување и проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина, културноисториските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети, во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето.

**Задачи:**

- изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односи во општествениот живот.
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики.
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви.
- развивање позитивен однос кон националните,културните и естетските вредности.
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции.
- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуства за осамостојување и грижа за себе.
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**Содржини на активностите**

Излетот се организира и изведува на територијата на Република С. Македонија, на места, локалитети и објекти определени со правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и излети на ученици од основните училишта.
Со излетот се планира да се посети блиската околина, место кое не ја насминува далечината од 30 km.

1. **Есенски излет во месец октомври: Охрид – извори на реката Црн Дрим – црква Св.Петка – манастир Св.Наум Охридски.**
   **Време на реализација: 10.10.2024 г.**

Овој излет претставува можност за поттикнување на интересот кај учениците кон македонската историја, културното наследство, традицијата и архитектурата. Тие имаа можност да истражуваат значајни споменици и знаменитости од нашата татковина, како и да ги запознаат нејзините природни убавини.

Преку директен контакт со природата, учениците ги набљудуваа нејзините карактеристики во есенскиот период, ја согледаа разноликоста на рељефот и се запознаа со природните промени што ги носи ова годишно време. Истовремено, излетот придонесе за развивање на свеста за заштита на животната средина и создавање еколошки навики.

Активностите во природа помогнаа кај учениците да се поттикне физичката активност, одговорноста, самостојноста и грижата за себе и другите, како и да се стекнат нови искуства и социјални вештини преку заедничко дружење и истражување.

2. **Пролетен излет во месец Мај: Драслајца-Охрид: Лихнидос, Стари град, Антички театар, Плаошник, Самоилова тврдина, црквите Света Софија и Света Богородица Перивлепта, свети Јован Канео - Драслајца.**
   **Време на реализација: 13.05.2025 г.**

Пролетниот излет претставува можност учениците да ја запознаат богатата културно-историска и духовна традиција на Република С.Македонија. Посетувајќи ги знаменитостите на Охрид – Лихнидос, Стариот град, Античкиот театар, Плаошник, Самоиловата тврдина, црквите Света Софија, Света Богородица Перивлепта и Свети Јован Канео – учениците се запознаваат со вредностите на нашето културно наследство и неговото значење низ вековите.

Преку истражување на овие локации, учениците развиваат љубопитност кон историјата, уметноста и архитектурата, но истовремено уживаат во природната убавина на Охридското Езеро и неговата околина.

Овој излет поттикнува здрави животни навики преку движење и престој на чист воздух, а воедно ја зајакнува еколошката свест кај учениците, преку набљудување на промените во природата во пролетниот период. Учениците учат да се грижат за природата, стекнуваат искуства на терен, развиваат самостојност, одговорност и соработка со другарите.

### *7.2 Училишни спортски клубови*

Училиштето нема регистрирано училиштен спортск .

### *7.3 Секции*

| НАСТАВНИК | ВОННАСТАВНА АКТИВНОСТ |
|---|---|
| Сања Клечкароска Котевска<br>Весна Велоска Крстиновска | Драмски клуб |
| Весна Велоска Крстиновска | Новинарски клуб |
| Гордана Меческа Шумуликоска<br>Николина Мирјаноска<br>Јасмина Ѓерасимоска<br>Александра Тренески | Клуб на јазичари |
| Емилија Милошеска | Клуб на млади информатичари |
| Биљана Анѓелкоска Попоска<br>Анета Балоска Наумоска | Клуб на млади физичари и хемичари |
| Гордана Меческа Шумуликоска | Еколошка секција |
| Нацида Кочоска | Биолошка секција |
| Ангела Махоска | Ликовен клуб |
| Пеце Климоски | Музички клуб (хор и оркестар) |
| Златко Мартиноски<br>Марино Велоски<br>Наумче Спасески | Спортско рекреативна секција |
| Мирче Лазоровски | Историска секција |
| Александра Тренески | Секција по италијански и руски јазик |
| Јулија Милошеска | Географска секција |
| Сања Клечкароска Котевска<br>Весна Велоска Крстиновска | Рецитаторска секција |
| Емилија Милошеска<br>Сања Клечкароска Котевска<br>Јулија Милошеска<br>Владо Ристовски | Библиотекарска секција |

Учениците имаа можност да избираат ученички секции според својот интерес и потреба. Наставниците изработија свои програми за секциите по секој наставен предмет.

### *7.4 Акции*

Во нашето училиште во текот на училишната година се реализираа неколку акции (прослави, хепенинзи, хуманитарни настани, еколошки акции сл.). Акциите беа во организација на одговорните наставници, учениците и локалната заедница со цел развивање позитивен однос кон другите, негување меѓусебна почит, чувство на одговорност, развивање работни навики, истрајност во работата, уредно и навремено завршување на задачите, развивање навики за одржување на општа хигиена во училиштето и околината, развивање еколошка свест кај учениците, љубов кон природата, околината, природните и историските објекти и споменици.

Во однос на тоа, во училиштето се одрхуваа повеке активности:

- Организирање на хуманитарна акција за донирање на парични средства за хуманитарна помош за дете со ретка болест.
- Организирање на хуманитарна акција за донирање на парични средства за хуманитарна помош за настраданите од пожарот во Кочани.
- Изведување на активности за поттикнување на еколошката свест кај учениците како садење растенија, органска храна, грижа за училиштето (просториите и дворот);
- Соработување со Црвен крст и други хуманитарни организации за организација на добротворни акции за разни потреби;
- Учествување на манифестации со хуманитарен карактер во соработка со невладини организации и други училишта;
- Велигденски Базар;
- Општествено-корисна работа – учество во „ ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД“;
- Реализирани работилници преку Еразмус + проект.
- Недела на иформатиката.
- Комплетно варосување со поликолор на внатрешните ѕидови во ПУ Ложани и ПУ Бицево.
- Комплетно варусување со вар на внатрешните делови во ПУ Мороишта и сите училници во централното училиште.

### *7.5 Културно уметничко одбележување на пригодни датуми / Приредби*

По повод некои позначајни датуми се организираат ликовни и литературни конкурси , литературни читања, презентации. Учениците и наставниците подготвија свечена приредба по повод: Детска недела, Нова Година, Велигден, 8 Март, како и:

- Прослава по повод патрониот празник на нашето училиште и шеесет годишен јубилеј од неговото постоење.
- Одбележување на првиот училиштен ден, прием на првачиња;
- Одбележување на ден на учителот;
- Одбележување на Светскиот ден на учителот;
- Одбележување Недела на детето;
- Одбележување на Денот на востанието на македонскиот народ;
- Одбележување на Денот на македонската револуционерна борба;
- Одбележување на Повелбата на обединетите нации;
- Одбележување на Месецот на книгата;
- Одбележување на Светски ден на правата на детето;

- Одбележување на денот на италијанска кујна;
- Одбележување на 8 ноември – Ослободување на Струга;
- Прослава по повод Нова Година;
- Одбележување на Меѓународен ден на лица со попреченост;
- Одбележување на Недела на информатиката;
- Одбележување на денот на пролетта;
- Едукативна презентација од страна ППЕ Струга – правилно користење на ПП апарати;
- Симулациона вежба за евакуација при пожар од страна на ППЕ Струга;
- Одбележување на Денот за побезбеден Интернет;
- Одбележување на денот на жената 8 Март;
- Велигденски Базар;
- Генералка Викенд;
- Одбележување на Меѓународен ден на мајчиниот јазик;
- Одбележување на денот на Македонската азбука;
- Одбележување на 24 Мај, денот на сесловенските просветители, светите браќа Св.Кирил и Св.Методиј;
- Одбележување на Денот на ретки болести;
- Одбележување на светски Ден на здравјето;
- Одбележување на светски Ден на водата;
- Одбележување на верски празници;
- Одбележување на Денот на ЕУ;

### *7.6 Натпревари за учениците*

| Предмет/Одделение | Награда / ученик/ одделение/ ментор |
|---|---|
| Биологија | **18.02.2025 Миа Мангоска** IX одд./ментор Надица Кочоска- обезбеден пласман на регионален<br>**02.04.2025 Миа Мангоска** IX одд./ментор Надица Кочоска- II (второ место) на регионален натпревар<br>**31.05.2025 Миа Мангоска** IX одд./ментор Надица Кочоска- III ( трето место) на државен натпревар |
| Хемија | **27.02.2025** Тамара Чавкоска IX одд ./ ментор Анета Балоска Наумоска- обезбеден пласман на регионален<br>**17.04.2025** Тамара Чавкоска IX одд ./ ментор Анета Балоска Наумоска- регионален I (прва) награда<br>**20.05.2025** Тамара Чавкоска IX одд ./ ментор Анета Балоска Наумоска- државен III (трета) награда |
| Италјански јазик | **27.03.2025** Сара Милошеска VII одд/ Александра Тренески – пласман на регионален II (второ место)<br>**25.04.2025** Сара Милошеска VII одд/ Александра Тренески – регионален натпревар II (второ место) |
| Англиски јазик | **27.03.2025** Тамара Чавкоска IX одд ./ ментор Гордана Меческа обезбеден пласман на регионален III (трета) награда |
| Општински натпревар по Прва помош | **30.04.2025** ученици од VIII и IX одд/ ментор: Надица Кочоска и Марино Велоски<br>Општински натпревар по прва помош- освоено III ( трето) место |
| Меѓународен натпревар по Кенгур - математика | Учениците од I до IX одделение покажаа одлични резултати и логичко размилсување |

За учениците што покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираат натпревари на училишно, општинско, регионално и државно ниво, организирани од акредитирани здруженија. Ученичките натпревари играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот и претставуваат мотивирачки фактор за постигнување повисоки резултати во одредени области, придонесуваат да се зголеми интересот на учениците кон разни активности, да се развива натпреварувачкиот дух и да се зближуваат учениците од разни средини. Натпреварите се дел од активностите на Планот и програмата за работа со талентирани и надарени ученици.

Учениците учествуваа на натпревари според планот за општински, регионални, државни и меѓународни натпревари.

Постигнатите резултати на учениците кои го промовираа училиштето, беа редовно истакнувани пред учениците и на средствата за јавно информирање на нашето училиште.

## 8. Ученичко организирање и учество

За остварување на интересите на учениците во нашето училиште се организираат во ученичка заедница на паралелките,за прв пат оваа учебна година таканаречен ученички парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Првото свикување на ученичкиот парламент го оддржа директорот на училиштето. Ученичкиот парламент активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците, го промовира ученичкиот активизам, учествува во подготовката на годишната програма за работа, дава предлог-активности за годишните програми за екскурзии, дава предлози за воннаставни активности на училиштето, како и предлози за подобрување на воспитно-образовниот процес.Освен тоа, учениците учествуваат во оценувањето на работата на училиштето, а преку свои претставници учествуваат и во советот на родители, наставничкиот совет, организираат и учествуваат во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.На состанокот беше избран и претседателот на ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител за прв пат во оваа учебна година кој ќе се грижат за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето.

Младите луѓе се исто така граѓани. Тие имаат право на збор за работите кои влијаат врз нив и нивните заедници. Ова го вклучува и нивното училиште. Механизмите кои дозволуваат учениците да имаат збор во работењето на нивните училишта, не само што помага да се осигура дека младите луѓе го уживаат ова право, туку исто така им помагат да научат за демократските процеси.

Сепак, какви можат да бидат овие механизми, е прашање за дебата. Некои луѓе мислат дека е важно секое училиште да има свој одделен ученички парламент, други велат дека тоа не е потребно и дека постојат други патишта за создавање на можности учениците да придонесат во работењето на нивното училиште.

Оваа година во однос на спроведени активности од страна на ученичкиот парламент се издвојуваат следните:

- Избор на пратеници и избор на ученик правобранител според одредбите на новиот закон за основно образование;
- Активно учество на претседателот и заменикот на сите состаноци на Училишниот одбор;
- Активно учество во одбележување на Ден на толеранција , Ден на ретки болести;
- Учество на работилници и предавања во соработка со МВР Струга-одржани предавања од страна на инспектори од МВР на тема: Меѓуврсничко насилство, интернет насилство – сајбер булинг;
- Работилница за спречување на врсничко насилство во организација на Макпетрол;
- Спроведени планирани МИО активности.

## 9. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Нашето училиште се вклучи и води политика за позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и локалната заедница. Учениците низ работилници, предавања учеа да ја почитуваат сопствената култура и традиција како и културата на другите етнички заедници без оглед на која етничка група припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Воведувањето активности за меѓуетничката интеграција во образованието претставува вложување во иднината на децата и младите, затоа што им помага да станат одговорни граѓани кои знаат заеднички да живеат во мултиетничко општество и заеднички да придонесуваат за развојот на ваквото опшество. Со ова се јавува можност за непосредна комуникација и меѓусебен контакт меѓу учениците, меѓусебно запознавање и формирање интерперсонални релации, учење едни за други, едни од други, намалување на негативните стереотипи и предрасуди за другите. Со воведувањето на меѓуетничката интеграција во образовниот систем учениците пред се научија да соработуваат и комуницираат со другите, ги препознаваат и ги прифаќаат меѓусебните сличности и ги почитуваат меѓусебните разлики, градејќи меѓусебна доверба, стекнаа вештини за заедничко живеење во мултиетничко опкружување.

Координатор

Катерина Спасеска

## 10. Проекти што се реализираат во основното училиште

Нашето училиште и оваа учебна година работеше во насока на подобрување на воспитно - образовниот процес, подобрување на материјално - техничката опременост, на квалитетно знаење, унапредување на објективното оценување и во врска со тоа превземаше активности и соработуваше преку различни проекти.

- **Проект „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“** Овој проект има за цел да ја зајакне врската „родител – ученик – наставник„. Зајакнувањето на оваа врска ќе овозможи јакнење на воспитната компонента во воспитно – образовниот процес. Активностите ќе се реализираат во вид на отворени денови или викенди исполнети со соодветни настани. Во планот на активности се опфатени спортски натпревари помеѓу екипи составени од наставници, ученици и родители, организирање на музички настани, еколошки денови, организирање на базари по повод одредени празници, заеднички посети на национални музеи, галерии, фестивали и др. Проект „Училиште без насилство“
- **Намалување на насилството во училиштата – како да се сменат нештата** Програмата има за цел зголемување на свеста за насилството и за неговото спречување, како и за спроведување на законите за борба против насилството во секојдневниот живот. Примена на стратегии за справување со насилство во училиштата.
- **Интерни проекти во училиштето** спроведувани од страна на наставниците и учениците во соработка со родителите.
- Донација од 10 персонални компјутери за потребите на кабинетот по информатика од страна на господинот Новко Плаќаноски, сопственик на компанијата- ПН МЕТАЛ.
- Донација од 5 клима уреди, 14 персонални компјутери во ПУ Ложани, 8 компјутери во ПУ Мороишта од страна на г-динот Жарко Шурдоски сопственик на компанијата БЗ ГРОУП.
- Донација на материјали за целосна промена на електрична инсталација во ПУ Ложани од страна на господинот Жарко Шурдоски, сопственик на компанијата БЗ ГРОУП.
- Донација на материјали за поставување на клима уредите како и монтажа во ПУ Ложани од страна на господинот Јонче Спасески и Иван Спасески, сопственици на компанијата- Светлина и топлина.
- Донација за поставување и монтирање на електричната инсталација во ПУ Ложани од страна на компанијата ХЕС Црн Дрим.
- Донација за молерисување на внатрешните ѕидови и таваните во училишната зграда и донација на косилка за трева во ПУ Ложани од страна на господинот Андрија Илоски.
- Донација за материјал за пристапна рампа на влезот од централното училиште, од страна на општествено одговорна компанија. Додека изработката и поставувањето ги реализира господинот Васко Размоски и господинот Бобан Илоски.
- Донација на проектор во ПУ Мороишта од страна на наставникот Владо Ристовски.
- Донација за материјали за промена на дел од електричната инсталација и поставување на заземјување во ПУ Биџево од страна на господинот Менди Ќура.
- Донација за поставување и монтирање на електричната инсталација во ПУ Биџево од страна на компанијата ХЕС Црн Дрим.
- Донација за санирање на плафонот во ходникот и тоалетот во ПУ Биџево. Материјалите ги обезбеди училиштето, донацијата во вид на работна рака обезбедена од господин Кадар Дрбач.
- Преку ЕРАСМУС + проект обезбедена е смарт табла во централното училиште.
- Донација на лектирни изданија од страна на г – динот Кирил Маркоски сопспсвеникот на компанијата Маркоски К 73.
- Донација за 4 смарт телевизори од страна на неопрофитаблината организиација од САД Macedonia Schools Project.
- На училиштето од МОН му беа доделени 10 персонални компјутери, 10 мониотри и еден принтер.

| Име на проектот | Цел на проектот | Начин на реализација | Вклучени /одговорни наставници | Временска рамка | Средства за реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| Собирање и рециклирање стара пластика | Развивање на еко свест кај учениците | Опрделени се места и соодветни контејнери за собирање на пластика<br><br>Децата го следат и процесот на рециклирање | Гордана Шумуликоска Меческа<br><br>Владо Ристовски | Во текот на целата учебна година | Сопствени |
| Антикорупциска едукација | Запознавање на учениците со оваа општествена појава | Дебати,предавања,презентации.симулација на ситуации и настани | Мирче Лазоровски Сања Котевска Клечкароска | Во текот на целата наставна година | |
| Демократска клима во училиштето | Подигнување насвеста за позитивни промени во училиштето и заедницата | Отворен ден за Граганско образование | Мирче Лазоровски | Октомври Декември февруари | |
| Булинг-стоп на психичко насилство | Подигнување на свеста за врсничко, психичко и друг вид насилство | Работилници<br><br>Презентации<br><br>Дебати<br><br>Симулација на случај | Весна Велоска Крстиновска<br><br>Емилија Милошеска | Октомври<br><br>Декември | сопствени |
| Електронски отпад | Унапредување на знаењето за електричниот отпад и развивање еко свест кај учениците | На влезот од училиштето постои специјален сандак за електричен отпад во кој децата носат разни електрични уреди кои се неупотребливи | Владо Ристовски<br><br>Билјана Анѓелкоска Попоска | Во текот на целата година | Сопствени |
| Вонннаставни активности- | Согласно новите насоки од БРО – унапредување на начинот на реализација на | Клубови/секции<br><br>Екскурзии<br><br>Акции | Наставници, педагог, одделеснки раководители | Август/септември-програма,план на активности | Сопствени |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| системско менаџирање | вонnаставните активности во училиштето | | | | |
| Унапредување на хигиената во училиштето | Обезбедување дезинфекциони бариери,средства и сите неопходни помагала за почиста средаина и хигиена на повисоко ниво | Предавања<br>Знаци<br>Потсетници<br>Дежурни наставници | Директор, педагог, наставници | Во текот на целата учебна година | Сопствени |
| Џифони – мегународен филмски проект | Развивање љубов кон филмската уметност | Посета на филмскиот фестивал и учество на натпревар,квизови,<br>дебати | Весна Велоска Крстиновска, Сања Котевска Клечкароска | март | Сопствени |
| Проект на УСАИД<br>Училиште без насилство | Подигнување на свеста за превенција и заштита од училишно насилство | Работилници<br>Дебати<br>Симулации | Весна Велоска Крстиновска, Емилија Милошеска, педагог, одделенски наставници | Октомври<br>Март<br>мај | Сопствени |
| МИО – Мултиетничка интеграција | Интеграција на МИО на наставните часови | Обуки на наставници | | Септември<br>Декември<br>Март<br>мај | Сопствени |
| Традиционални меѓународни проекто со Гете институт | Литературни.<br>Ликовни конкурси | Меѓународно учество меѓународни сертификати за учениците и менторите | Ангела Махоска<br>Сања Котевска Клечкароска | март | Сопствени |
| Креација-едукација | Развивање на креативноста кај учениците преку едукативни игри | Креативни работилници во Фонтана | Емилија Милошеска, Златко Анѓелкоски, Мирче Лазоровски | Во текот на целата наставна година | Сопствени |
| Воспитни компоненти во наставниот процес | Фокус на воспитните аспекти од развојот на детето во рамките на наставниот час | Обуки на наставниците,вклученост на родители,работилници и сл | Педагог, Јованка Спасеска, Николина Шумуликоска | Во текот на целата наставна година | Сопствени |

## *10.1 ИЗВЕШТАЈ ЗА АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА*

Со самото воведување на проектот за антикорупциска едукација уште во 2018 год. беше одржана едукациска обука на наставниците од училиштето. Беа образложени сите компоненти на едукацијата, разработени и објаснати главните поими корупција и антикорупција, суштината и целта на запознавањето со ваквата појава во општеството.

Врз основа на тоа е изготвен план за поефикасно имплементирање во наставата по предметна настава. Имено, класните раководители одделувајќи простор во одделенските часови да ги реализираат неколкуте работилници за антикорупција како и да ги анектираат во планот и програмата за одделенски час. Исто така, антикорупциската едукација е во самата наставна програма по предметот „Граѓанско образование“ во деветто одделение.

Во прилог се и извештаите како се реализирале работилниците:

**„Антикорупциска едукација на учениците“**

Првата работилница според програмата за „Антикорупциска едукација на учениците“ е реализирана со учениците од деветто одделение, со наслов „Причини и последици од корупцијата“ на која се разјаснети повеќе поими поврзани со корупцијата и преку вежбата „Линија на животот“, при што учениците се доведуваат во ситуација на дилема како би реагирале во дадената ситуација прикажана преку вежбата.

Втората по ред работилница за антикорупциска едукација на учениците е реализирана со учениците од деветто одделение под наслов „Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција“. Преку вежбата каде се прикажани дадени ситуации, учениците треба да определат во кој случај имаме корупција и со тоа да се провери нивото на свесност на учениците за појавата на корупција во општеството и зошто корупцијата е нагативна општествена појава.

По повод **Меѓународниот ден за борба против корупцијата** (9-ти декември), на ден 16.12.2024 година, во нашето училиште беа организирани и реализирани повеќе активности со цел подигнување на свеста кај учениците за значењето на етичкото однесување и препознавање на корупцијата како штетна општествена појава.

<u>**Реализирани активности**</u>

1. **Објаснување на основните поими**

   **Корупција** е злоупотреба на моќта за лична корист. Во неа спаѓаат: мито, непотизам, изнуда, протекција, проневера и измама.

   Учениците се запознаа и со значењето на следниве најпознати форми на корупција:

   **Мито** – нудење/примање пари, подароци или услуги за влијание врз некоја одлука.

   **Непотизам** – фаворизирање роднини или пријатели при вработување или доделување договори.

   Преку илустративни примери, односно реални и измислени сценарија, беа прикажани сите горенаведени поими.

2. **Дискусија**

   Учениците учествуваа во дискусија на тема: „Зошто корупцијата е штетна појава?“ Нивните одговори и ставови беа насочени кон поимите: правда, интегритет, доверба, институции, законитост.

3. **Интерактивен квиз: „ДА“ или „НЕ“**

Учениците одговараа на прашања со ливчиња со натпис „ДА“ или „НЕ“, а потоа образложуваа зошто така одговориле. Во прилог следат дел од прашањата:

- Дали е корупција ако наставничка добие цвеќе за 8 Март? - НЕ (освен ако има скриена намера).
- Дали е корупција ако некој добие работа поради роднинска врска, без квалификации? - ДА (непотизам).
- Дали е корупција ако ученик бара оцена во замена за подарок? - ДА (мито).
- Дали е корупција ако ученик користи туѓи идеи во проект без да го наведе авторот/изворот? - ДА (плагијат).

Учениците активно учествуваа во препознавање на реални примери на неетичко однесување и корупција од секојдневниот живот.

4. **Извлекување заклучоци**

Учениците ја употребија техниката ***грозд*** со чија помош на табла ги запишуваа зборовите што ги поврзуваат со корупцијата:
мито, непотизам, измама, неправда, нечесност, сиромаштија, пропадната држава итн.
На крај, со наша помош, учениците го извлекоа следниов заклучок:
**„Корупција значи да ја сечеш гранката на којашто седиш!“**
Беше потенцирано и дека:

- Треба да се препознае и пријави секој обид за корупција.
- Важно е да се одолее на социјалниот притисок и да се поддржат вредности како што се правда и чесност.
- Единствен начин за изградба на здраво општество е активна борба против корупцијата.

**<u>Општ заклучок од реализираните активности</u>**

Активностите спроведени на 16.12.2024 година беа успешни и позитивно прифатени од учениците. Преку едукативни и интерактивни наставни техники, учениците се запознаа со основните поими поврзани со корупцијата и нејзините последици врз општеството. Се поттикна критичко размислување и дискусија за етичките вредности, а учениците изразија интерес за продолжување со вакви активности и во иднина.

Координатори: Сања Котевска Клечкароска, Весна Крстиновска Велоска, Мирче Лазоровски

### *10.2 ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ТИМОТ ЗА ЕКОЛОГИЈА*

Тимот за Екологија односно сите членови на Еко одборот, успешно ги реализираа сите планирани активности за учебната 2024/2025 година.
Во првото тромесечие од учебната година беа реализирани повеќе еколошки акции за чиста и здрава околина како и акции за уредување на училишниот двор и сите училишни згради.
Во второто тромесечие па се до крај на првото полугодие беше остварена соработка со општествено одговорни лица со чијашто помош и поддршка беа реализирани повеќе активности за уредување на училишниот двор. Исто така се реализираа и неколку работилници во како и едукативна презентација насловена Селекција на отпад и учество на покана на работилница за свесно справување со отпадот и реупотреба на истиот.

Во второто полугодие реализацијата на планираните активност беше успешна според предвидените активности.
Училиштето повторно се придружи кон проектот ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД во кој што учествуваа сите ученици од Централното и подрачните училишта заедно со тимот за Екологија.
Исто така беа реализирани и активности за Светскиот ден на водата, екологијата поврзани со пролетта и други.
Во текот на учебната 2024/25 година во склоп на редовната настава и вонннаставните активности фокусот беше насочен кон следните цели :

- Намалување на потрошувачката на енергија;
- Селекција и собирање на отпад;
- Зачувување на биодиверзитетот;
- Подобрување на здравјето и благосостојбата на учениците.

Целите произлегоа од потребата за промена во однесувањето на учениците кон главните актуелни еколошки проблеми и беше главниот фокус на нашите активности и промена на однесувањето со оглед на фактот дека денешните ученици ќе бидат лидери во нивната иднина. Во таа насока

- Потпишан меморандум за соработка со невладината еколошка организација Еко Свест;
- Собирни акции на пластика и хартија;
- Правила за селектирање отпад (да/не – плакат);
- Еко пораки-Заштита на планетата Земја;
- Еко пано-Цртежи со планетата Земја;
- Литературни творби на тема ВОДАТА СЕ ШТЕДИ ЗАТОА ШТО ВРЕДИ.
- Посета на просториите на Еко- свест во Вевчани на тема Мечката и нејзиниот свет – Откриј ги тајните на крупните месојади.
- Обележување на денот на водата
- Обележување на денот на екологијата
- Организирање на работилници за рециклирање и управување со отпад
- Засадување на дрвја и цвеќиња и уредување на зелени површини
- Еко пораки – Заштита на планетата Земја
- Еко пано – Цртежи со планетата Земја
- Еко пораки – Водата се штеди затоа што вреди .
- На часовите по биологија се интегрираа еко содржините во склоп на наставата.
- **Посета на просториите на еко-свест во Вевчани** : Учениците имаа можност да ги посетат просториите на еко-свест , каде што се запознаа со загрозените видови на животни кои живеат во нашата држава. Во рамките на овие посети, учениците учествуваа во работилници за запознавање на видовите на живи организми (растенија и животни) кои живеат на планината Јабланица. Исто така беа организирани квизови за подобро запознавање на учениците со живиот свет на планината Јабланица.
- **Практични работилници**: Во училиштето беа организирани работилници за рециклирање, садење растенија и изработка на еколошки производи од материјали што се користат во секојдневниот живот.
- **Креативни работилници**: Учениците учествуваа во работилници каде што изработуваа плакати, постери и кратки видео-клипчиња кои ја претставуваат важноста на водните ресурси и заштитата на природата.

Исто така и сите предметни и одделенски наставници ги остваруваа своите ЕКО содржини преку целата година низ нивната настава.
Еко координатори: Надица Кочоска, Гордана Шумуликоска, Меческа.

## 11. Поддршка на учениците

**Цели и задачи:**

- ✓ Систематско следење, евалуација и унапредување на воспитно -образовниот процес;
- ✓ Следење на успехот и поведението на учениците;
- ✓ Следење на процесот за професионално унапредување на работата на наставникот.

**Реализирана програмска активност:**

- ✓ Изготвување на годишни програми за работа на училишни тимови;
- ✓ Изработка на евидентни листови за следење и вреднување на напредокот на учениците;
- ✓ Организирани посети на часови;
- ✓ Изработка на Полугодишен и Годишен извештај за реализација на активностите;

**Постигнати цели и остварени ефекти**

- ✓ Планирање на воспитно - образовниот процес во училиштето;
- ✓ Подобрување на квалитетот на вреднувањето на знаењата (формативно и сумативно), објективно и континуирано оценување на учениците;
- ✓ Водење евиденција од набљудувани часови и извршени разговори со наставниците;
- ✓ Следење на квалитетот на реализација на наставата, поттикнување на креативен и интерактивен пристап во наставата, примена на ИКТ и диференцијација и индивидуализација во наставата;
- ✓ Увид во реализираните активности во текот на учебната година.

Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик, како и за неговиот интелектуален, социјален и емоционален развој. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските раковидители, наставниците и родителите за постигањата на учениците. Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Изготвените извештаи и анализи по паралелки се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар, а истите се целосно достапни за сите други наставници, за родителите и за самите ученици. Стручната служба изготвува извештаи на ниво на училиште и успехот се анализира на Наставнички совет. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.
Успехот на учениците се следи континуирано во текот на целата учебна година, преку формативно и сумативно оценување. Секој наставник има евидентни листови за следење на напредокот на учениците кадешто се забележуваат постигањата преку усни одговори, писмени работи, проекти, наставни листови. Сите изработки на учениците се чуваат во ученичко портфолио. Напредокот на учениците се следи преку е-дневник и портфолио. Учениците кои покажуваат солиден успех и висок пласман на натпревари се наградени од училиштето со пофалници.
Родителите најмалку 4 пати во текот на годината се информирани за напредокот на нивните деца.
Исто така, можат да се информираат на приемните денови на секој наставник. Изработен е Правилник за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки кој функционира и има ефекти.
Доколку ученикот преминува во друго училиште се почитува целосна процедура. Напредокот на учениците се следи и по паралелки на секое тримесечие во учебната година.
На крај на годината учениците добиваат свидетество за постигнатиот успех.

### *11.1 Професионална ориентација на учениците*

**Цел:** Професионално насочување на учениците во понатамошното школување

**Задачи:** Континуирано подтикнување на учениците за размислување на избор на професијата која го интересира од 1 до 9 одделение. Осознавање на учениците за постигнатиот успех во училиште и способностите кои ги поседува како битни фактори при избор на својата идна професија.

**Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**

Во изборот на нивното понатамошно образование училиштето им помага на учениците, така што ги информира за мрежата на средните училишта,условите за упис на истите, им овозможува директна средба со претставници на овие училишта кои вршат презентација на своите програми.
Учениците преку класните раководители учат за изборот на понатамошното образование.Секоја учебна година се организираат претставување на средни училишта. Стручната служба на училиштето редовно ги информира учениците за термините и условите за запишување во средно образование и им го презентира конкурсот за упис во средно образование. Со учениците од деветто одделение се врши проценка на нивните Професионални интереси, способности и снаодливост со луѓе.

**Реализирана програмска активност**

- Професионално насочување на учениците од 1-во до 9-то одделение во изборот на нивната професија. Реализација на работилници со учениците од 1-во до 9-то одделение.
- Презентација на Конкурс за запишување на ученици од деветто одделение во Средни стручни училишта и Гимназии за учебната 2025/26 година.
- Истакнување на Конкурсот за уписи за IX одд. во печатена форма на Огласна табла.
- Поделба и истакнување на Промотивни материјали на влезот на училиштето за запишување на ученици во средни стручни училишта и Гимназии во Општина Струга.
- Информирање на класни раководители и ученици и истакнување на презентации, отворен ден и други информации од Средни стручни училишта и Гимназии во општината
- Изработка на Годишен извештај за реализираните активности кои се поврзани со Професионалната ориентација на учениците од 1-во до 9-то одд.

**Постигнати цели и остварени ефекти**

- Создавање навика за размислување на учениците од најмала возраст за изборот на одредено занимање за кое би имале интерес да работат .
- Информираност на учениците и од IX одделение за се што е потребно при упис на учениците во Средни стручни училишта и Гимназиите во учебната 2025/2026 година
- Запознавање на учениците со програмата која ја нудат училиштата, условите за запишување и други информации кои се важни за учениците од 9-то одделение.
- Известување за реализираните активности за учебната 2024/25 година кои се планирани во Годишната програма на училиштето.

Реализатори на програмата:
директор, педагог, одделенски и класни раководители

### *11.2 Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација*

Во текот на учебната 2024/2025 год. се изведуваа и презентации на превентивни програми од неколку позначајни области како што се спречување на насилствата во училиштата, спречување дискриминација, заштита на учениците од заразни болести, заштита на учениците при вклучување во сообраќајот, превентивни програми како дел од програмата за животни вештини, болести на зависност, асоцијално однесување, соработка со установи за безбедност и социјална грижа. Во училиштето има изготвено програма за превенција на насилно однесување, со цел намалување на асоцијалното и насилното однесување, обезбедување сигурност и доверба меѓу учениците, зголемување на степенот на меѓусебно разбирање и толеранција, оспособување за решавање конфликтни ситуации, во кои

учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности. Училишниот тим за намалување на насилното однесување на учениците прави детектирање на видовите насилно однесување во училиштето, местата каде се случуваат и презема соодветни мерки за нивно сузбивање и намалување. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците-жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување, како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Директорот на училиштето е должен да го пријави до надлежните институции секој облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител/старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице вработено во училиштето. Во соработка со родителите и релевантни институции се спроведуваат активности во училиштето во кои учествуваа родителите, учениците и наставниците, со цел да се придонесе за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците.
Во текот на оваа учебна година се реализираа: предавања, разговори и работилници на часот по одделенска заедница, со стручните соработници, со одделенските раководители и со надворешни стручни лица во врска со превентива од болести (заштита, зараза, зависност).

## 12. Оценување

### *12.1 Видови оценување и календар на оценувањето*

Следењето на постигањата и оценувањето на учениците е формативно и сумативно, врз основа на стандардите за оценување и усолгасените критериуми изготвени на ниво на училиште и од страна на секој наставник.
Следењето на постигањата и оценувањето во училиштето се врши континуирано во трите воспитно-образовни периоди со тоа што:
-во првиот период (I-III одделение) учениците, беа оценети описно;
-во вториот период (IV-VI одделение) учениците на крајот на прво полугодие добиваа известување за успехот со описни оценки, а на крајот на учебната година беа оценати со бројчани оценки и оценка за општ успех;
-во третиот период (VII-IX одделение) учениците се оценуваа бројчано. Оценувањето се врши според изготвена Постапка за оценување на учениците, а во текот на учебната година ке се вршат анализи на успехот, поведението и редовноста на учениците по паралелки, наставни предмети, како и споредбени анализи на ниво на училиште. Во однос на писмените проверки (тестови, писмени работи, контролни задачи) беше изготвен распоред, истиот беше истакнат во Наставничката канцеларија, со него беа запознаени учениците и родителите.

### *12.2 Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар*

Директорот и стручната служба во текот на учебната година извршија увид во начинот на планирање на годишните програми на наставниците и во реализација на наставата, преку стручни посети и следење со инструмент кој ги мери различните аспекти во наставата, во дадена временска рамка во текот на учебната година. Исто така континуирано вршат увид во реализацијата на воннаставните активности и друга стручно – педагошка дејност.

### *12.3 Педагошка евиденција и документација*

Во текот на целата учебна година тимот за проверка на педагошка евиденција и документација

континуирано ја следеше и проверуваше педагошката документација (е-дневници, главни книги, евидентни листови и свидетелства). Целта беше навремено откривање и корекции на сите пропусти при водење на педагошката евиденција и документација. Ангажираноста на тимот придонесе за создавање навики кај наставниците од одделенска и предметна настава за редовно, точно, прецизно и последователно запишување на: часови, изостаноци, посети, родителски средби, оценки, планирани и реалзиирани тестови, активности итн. Крајниот резултат е правилно и континуирано водење на педагошка документација.

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ТИМОТ ЗА ПРОВЕРКА НА ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА

Членови на тимот: Директор - Мирослав Размоски, педагог - Катерина Спасеска

Извештајот се однесува на учебната 2024/2025 година и е во согласност со програмата за работа на тимот.

Во текот на првото полугодие беа извршени проверки на е-дневник во септември и декември 2024 год. и тоа внесување на наставни содржини, дополнителна и додатна настава, во соодветен период оценки и тековно останати активности, родителски средби и сл. се со цел точно, навремено и прецизно внесување на податоци во дневниците, известување на наставниците за постоечките неправилности, укажување на правилно понатамошно водење на педагошката документација и навремно реагирање до одделенските раководители и предметните наставници.

Во текот на септември и октомври се изврши и проверка на матичните книги со акцент на проверка на информациите за запишаните првачиња.

Пред почетокот на второто полугодие беа поделени активности и задачи за секој од членовите за поефикасно функционирање на овој тим. Во текот на второто полугодие беа извршени проверки на е-дневници во периодот од јануари до март 2024.

Во текот на месец јуни се изврши проверка и споредба на податоци внесени во дневник, матична книга и свидетелство така што евентуалните пропусти се навремено забележани и поправени согласно со правилникот. Се вршеше проверка на внесени наставни содржини, дополнителна и додатна настава, во соодветен период оценки и тековно останати активности, родителски средби и сл. се со цел точно внесување на податоци во дневниците, известување на наставниците за евентуалните неправилности.

Извештај разгледан по содржини (делови) онака како што се распоредени и содржините во дневникот.

**Содржина 1.** План според кој се изведува наставата, е во ред во сите паралелки и одделенија, и во централното и подрачните училишта, внесено од септември 2024 до јуни 2024.

**Содржина 2.** План за писмено проверување на постигањата на учениците- секој наставник соодветно планира писмени проверки за тековната учебна година, датумот на нивна реализација е внесен.

**Содржина 3.** Податоци за учениците/Преглед на изостаноци е во ред во сите паралелки, и во централното и подрачните училишта.

**Содржина 4.** Распоред на часови (внесено од страна на сите одделенски раководители на почетокот на учебната година). Дополнителни промени во распоредот се испечатени на лист со потпис и печат и се чуваат во секој дневник.

**Содржина 5.** Оценки и поведение. Внесено заклучно со наставничките совети од месец ноември - оценки за тромесечје во паралелките со бројчано оценување: VII, VIII и IX одд, и во паралелките со описно оценување I-VI одделение, втори оцени во месец ноември и декември - тековно, и полугодишни оцени, описни од I-VI одд и бројчани за ученици од VII, VIII и IX одделение. Трето тромесечје описно се оценети I-VI одделение, додека бројчано VII, VIII и IX одделение. На крајот на

годината бројчано се оценети од IV до IX одделение, а од I до III одделение – описно. Оцените се внесуваат редовно и во централното и подрачните училишта.
**Содржина 6.** Работа на час- се внесува континуирано (секојдневно)
**Содржина 7.** Преглед на изостаноци - наставниците редовно ги внесуваат отсутните ученици, па следствено на тоа и изостаноците се регулираат тековно.
**Содржина 8:** Паралелка (дополнителна настава и друга помош, додатна и консултативна настава и домашна работа)
Наставниците редовно ги внесуваат содржините за дополнителна и додатна настава за секоја паралелка соодветно.
**Содржина 9.** План за организирање на истражувачка работа, евиденција за: слободни ученички активности, вонннаставни активности и ученички натпревари, општествено корисна работа, здравствена заштита на учениците, состаноци со родители/соработка со родители, состаноци на наставниците од одделенскиот совет - се внесува тековно.
**Содржина 10.** Евиденција за реазлизирани одделенски совети и родителски средби, се пополнува тековно. Преглед на број на реализирани часови по секој предмет и Преглед на податоци на дневник на паралелка се наменети за крајот на учебната година и се уредно внесени.

## 13. Безбедност во училиштето

Училиштето има изготвено план за евакуација на учениците и вработените во случај на елементарни непогоди во кој секој од вработените има своја улога и задолженија. За поголема безбедност и ефикасност при евакуација, училиштето има изготвено скици на просториите на соодветниот спрат на кои се означени и правците за безбедно движење и најбрзо напуштање на училиштето. Во случај на елементарни непогоди (поплави, пожари, земјотреси, енормни врнежи од снег и друго) училиштето со тимот за справување од елементарни непогоди врши пробни евакуации. Училиштето е опремено со хидраднти, ПП-апарати и истите се поставени на видливо место. Во училиштето има прибор за прва помош во случај на повреда на ученик или вработен да се укаже прва помош.

## 14. Грижа за здравјето

Значајна задача на училиштето е да води грижа за физичкото, менталното, емоционалното, социјалното здравје на учениците, а тоа се остварува и се реализираше преку плански и организирани активности:

- обезбедување здрава училишна клима;
- информации за здрав начин на живот низ разни едукации и работилници во соработка со релевантни институции и стручни лица како и во соработка со Советот на родители;
- здрав начин на живот;
- подобрување на хигиенските услови;
- спортски активности, излети;

Целта на ова подрачје е оспособување на учениците, наставниците во училиштето за поздрав живот преку спроведување и поддржување на здравствена едукација низ различни форми, содржини и активности.
Негувањето и чувањето на психо-физичкото здравје на учениците е обврска на сите субјекти во училиштето и општеството во целост. Во оваа ситуација беше ставен акцент на советодавната функција на одделенскиот раководител и вклученоста на стручната служба за надминување на емоционалните потешкотии, неприфаќањето и стресните состојби кои се појавија во овој период, и

кои се јавија како пречка кај некои ученици за правилен емоционален развој на личноста на ученикот. Ова подрачје опфати активности со кои се обезбеди здрава и безбедна училишна и животна средина овозможувајки континуирано информирање на учениците за значењето на здравјето. Училиштето води грижа за здравјето на учениците имплементирајќи содржини кои се раелизираа низ задолжителната настава, одделенскиот час, едукативни пртезентации, во воннаставни активности.
Содржина на активности:

- Девијантни појави во училиштето и справување со истите;
- Едукативни работилници на тема насилство;
- Едукација за стекнување на хигиенски навики;
- Совети на учениците за нивно постојано одржување на лична хигиена;
- Заштита на учениците од зависностите дрога, тутун и алкохол;
- Здрава и правилна исхрана;
- Систематски прегледи кај учениците;
- Стоматолошки прегледи;
- Едукативни предавања и работилници за промените кои настануваат за време на пубертетот на девојчињата.

### *14.1 ИЗВЕШТАЈ ОД ТИМОТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД БОЛЕСТИ НА ЗАВИСНОСТ*

Цел и задачи:

- Подигање на свеста кај учениците и вработените за безбеден престој во училиштето и училишниот двор;
- Спречување на несоодветно однесување од страна на учениците, за време на одморите;
- Пристојно однесување на учениците на часовите при реализација на наставата;

Одделенските раководители ги информираат учениците (на одделенскиот час, на состаноците на одделенската заедница) дека во училиштето од педагошко-психолошката служба можат да добијат стручна помош, информација во врска со воспитно-образовната работа или решавање на проблеми актуелни за нивната возраст – всушност педагогот врши советодавна инструктивна работа со учениците.
Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции која подразбира дека во училиштето (училниците, канцелариите, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се консумира алкохол, и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции.
Во соработка со локалната заедница, МВР, невладините организации и други, училиштето редовно спроведува работилници и предавања на тема спречување на користење на цигари, алкохол, дрога и други опојни супстанци.

На часот на одделенска заедница одделенскиот раководител според програмата за Образование за животни вештини реализира наставни содржини и работилници кои опфаќаат и теми од справување со конфликтите и насилничкото однесување..

Согласно Еко-програмата учениците реализираат активности за здрава храна со цел подигање на свеста за поголема грижа за своето здравје. Училиштето соработува со родителите и други релевантни институции во обезбедување грижа за сите ученици и настојува во потикнување на соучениците во пружање помош и соживот во училиштето.

Грижата за здравјето на учениците во еден дел е испланирана во вонnаставното подрачје за грижа за здравјето на учениците. Во соработка со здравствените установи се вршат редовни систематски

прегледи на учениците и редовна имунолошка заштита (вакцинација).

Учениците континуирано или по потреба се информираат за етиологијата и начините на ширење на заразните болести ( ХИВ СИДА) и начините за превенција од нив, за болестите на зависност (наркоманија, алкохолизам,никотинизам ) и др.

Реализирана програмска активност:

- Донесување програма за работа;
- Разгледување на донесениот Кодекс за ученици кои следат настава;
- Работилници и предавања за основните проблеми кои настануваат со употреба на алкохол, цигари и наркотични супстанции и превентивни активности;

Постигнати цели и остварени ефекти:

- Безбедна училишна средина;
- Почитување на кодексот за однесување на учениците при реализација на настава;
- Запознавање на членовите на тимот со превентивни активности за несоодветно однесување кај учениците и навремено спречување.

Целна група: Ученици I- IX одделение

Реализатор: Тим за превенција од болести на зависност

Координатор на тимот: Катерина Спасеска, стручен соработник-педагог

Членови: Јулија Милошеска предметен наставник, Мирче Лазоровски предметен наставник, Владо Ристовски предметен наставник, Рената Спироска одделенски наставник, Павлина Божиновска одделенски наставник, Златка Мацоска одделенски наставник, Нериманe Махмуди одделенски наставник.

### *14.2 Хигиена во училиштето*

Хигиената е важен сегмент во работата и активностите во училиштето се со цел да се овозмохи безбеден престој на учениците и пријатна атмосфера за работа во училиштето. Училиштето направи проценка и изработи план за хигиена. Планот содржи термини за чистење со давање акцент на хигиената во училиштето. Пред започнувањето на учебната година училиштето беше детално исчистено и дезинфицирано. Постојано се работеше и се преземаа повеќе активности за подобрување на хигиената во училиштето и во сите училишни простории. За таа цел континуирано се спроведуваа следните активности:

 Постојано чистење на подовите во холовите и училниците;
 Чистење на санитарните јазли после секој одмор на учениците;
 Поставување течен сапун во сите тоалети;
 Чистење на работните површини, дезинфицирање;
 Употребување квалитетни санитарни средства;
 Водење грижа од страна на дехурните наставници;
 Проветрување на просториите.

Училиштето постојано и навремено набавуваше соодветно количество на средства за дезинфекција на рацете, средства за површините во училишната зграда. За таа цел беше формиран и тим кој се грижеше за хигиената во училиштето која секогаш да е на ниво со прифатливи стандарди и беше ставен акцент на безбедно работење и работна средина, безбедно учење, целосен опфат на сите ученици нивна добросостојба/заштита.

### *14.3 Систематски прегледи и вакцинирање*

Училиштето соработуваше со здравствени установи заради спроведување на здравствена заштита на учениците, посебно во вршењето на лекарски прегледи на децата кои се запишуваат во прво одделение, спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи и вакцинации согласно закон. Училиштето задолжително го информираше родителот односно старателот на ученикот за спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи. Програмата на училиштето за грижа на здравјето на учениците опфаќа реализација на програма за вакцинација на учениците, систематски прегледи, стоматолошки прегледи на забите, предавања, работилници за унапредување на здравјето, грижа за личната хигиена и хигиената на училиштето.
Оваа програма за грижа за здравјето на учениците ја реализираат сите вработени во училиштето, наставници, стручна служба, ученици, родители во соработка со училишниот тим за грижа за здравјето на учениците согласно програмата на ЈЗУ Здравствен дом – Струга.
Во месец март беше извршен систамтски преглед за сите вработени во училиштето.
Во месец април во просториите на училиштето се изврши здравствено-санитарен преглед на вработените.

## 15. Училишна клима

### *15.1 Дисциплина*

За успешно функционирање и работење на училиштето се водеше грижа и се поттикнуваше работна атмосфера. Тоа се реализираше и се споведуваше преку пофалби, истакнувања, од страна на училиштето и спроведување на педагошки мерки како инструмент за канализирање на несоодветни појави. Постои работна атмосфера за време на наставата со исклучоци, но сепак наставниците водеа гриха за однесувањето и безбедноста на учениците за време на часовите. Училиштето има пропишани педагошки мерки кои се применуваат при отстапувања во однесувањето и редовноста на учениците. Кога е потребно покрај редовните совети се свикуваат и вонредни совети по барање на одделенскиот раководител или предметниот наставник со цел за изнаоѓање соодветно решение поради детекција на соодветен проблем (несоодветно однесување во училиштето, невклучување во наставата од далечина, исклучување на соученик и наставник). При примена на педагошките мерки се следи понатаму однесувањето на ученикот и постојано му се дава совети кои ке му користат да го надмине несоодветното однесување.

### *15.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето*

Во училиштето се води грижа за функционалното и естетско уредување и одржување на просторот, во согласност со возраста на децата. Наставниците и учениците придонесуваат за уредувањето на училиштето со свои изработки, проекти и презентации, со цел подобар изглед и функционалност, водејќи сметка за мултикултурализмот во училиштето. Наставниците и учениците се грижат за ентериерот во училниците, додека тимот за естетско уредување е одговорен за уредувањето на ходниците и влезниот простор. Сите простории во училиштето функционално ги задоволуваат потребите на учениците и наставниците, со што се овозможува непречена реализација на наставата.

### *15.3 Етички кодекси*

За успешна работа, соработка и напредување на секој поединец и училиштето како целина, сите

засегнати учесници на училишното функционирање почитуваа соодветни етички кодекси. Тие се донесени врз основа на Законот за основно образование. Редовно на почетокот на учебната година сите субјекти се потсетуваа на основните правила од кодексите.
Со овие кодекси се опфатени основните барања и начела што го определуваат професионално - етичкото однесување на наставниците. Училиштето располага и со механизми за справување со непочитувањето на правилата пропишани во кодексите.
Овие барања и начела можат да се дополнуваат, прошируваат и усовршуваат.

### *15.4 Односи меѓу сите структури во училиштето*

Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето остваруваат формални и неформални средби.
Односите меѓу вработените и со учениците се регулирани со посебни Правила на однесување на сите структури (Куќен ред), вработени и учениците посебно. Училиштето има демократски формирана ученичка заедница како и одделенски заедници преку кои учениците навремено и целосно се информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Училиштето презема добро испланирани активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањето на воспитно – образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се добредојдени активно да се вклучат во наставниот процес. Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални родителски средби и приемни денови, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставниците на родителите во Училишниот одбор кој вклучува можност за кандидирање и истите доследно ги применува.
Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигање на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Доказ за вклученоста на родителите на учениците во животот и работата на училиштето е и изборот на родители во Совет на родители на ниво на паралелка, Совет на родители на ниво на училиште и членови од Советот на родители во Училишниот одбор.

## 16. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Оваа учебна година наставниците и стручните соработници посетуваа обуки реализирани од акредитирани здруженија во соработка со БРО и МОН.
На почетокот на учебната година наставниците беа задолжени да направат личен план за професионален развој при што секој наставник пооделно ги идентификува личните потреби за професионално надоградување.
Оваа учебна година наставниците и стручните соработници ги следеа следниве акредитирани обуки:

- Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблем;
- Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство и сл.);
- Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство, кибернасилство и слично;

- Учество на трибина „Крени глас“ во организација на Макпетро;
- Обука за користење на противпожарни апарати  и хидранти од ППЕ Струга;
- Користење на ИКТ во наставната;

### *16.1 Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар*

Професионалниот развој води кон кариерно напредување на воспитно-образовниот кадар. Во процесот на кариерен развој на наставниците, проценувањето на исполнетоста на стандардите за напредување во звања се врши од неколку аспекти, и ја прави училиштето. За таа цел воспитно-образовниот кадар во училиштето е запознаен со: Основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот, Професионалните стандарди за наставник- ментор, Професионалните стандарди за наставник - советник. Сите наставници имаат подготвени годишни, тематски планирања и подготовки за наставен час, односно имаат годишни и тематски процесни планирања што во себе ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и успешна релизација на часот со целосна мохност за успешно спроведување на наставната содржина. Планирањата на наставните содржини, содржат јасни насоки тоа што се очекува учениците да научат како и кога. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценувањето се јасно утврдени во планирањето, а наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите и можностите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето и наставниот процес.
Активностите на учениците како и домашните задачи се така планирани за да ефективно се искористи времето и на ученикот и на наставникот. Секој наставник планира во рамките на стручните активи да разменува искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ во наставата, соработки и размена на искуства со други наставници од други училишта, консултации со други обучени лица, користење и учествување во обуки и работилници кои ќе му помогнат на наставникот за напредување на личниот професионален развој.
Наставничкото портфолио документирано дава претстава во делот за професионалниот развој на наставниците.

## 17. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Посебно внимание се посветува на соработката со родителите преку индивидуални средби, разговори, родителски средби, состаноци со Советот на родители и Училишниот одбор. За таа цел, беа изработени програми за реализирање на содржините и активностите, а Советот на родители дава посебен придонес во унапредување на соработката. Родителите имаат можност да даваат свои предлози за подобрување на работата, да ја детектираат состојбата на училиштето, со цел подобрување на условите за работа. Исто така, родителите се вклучуваа во изведување разни активности, при што се земаа во предвид нивните предлози, мислењата и сугестии.
Родителите редовно беа информирани за наставниот процес од страна на директорот, наставниците и стручните соработници.
Се реализираше соработка со родителите во инклузивниот тим за работа со ученици со потешкотии во развојот и за напредување на талентираните и надарените ученици.
Со цел да се подобри соработката на училиштето со родителите, тие се вклучуваа во разни манифестации и промоции на училиштето, работилници, проекти, спортски настани, прослави, приредби, Велигденски Базар и друго.

### *17.1 Едукација на родителите/старателите*

Едукацијата на родителите се реализираше преку Советот на родители, едукативни предавања, реализирани на општите родителски средби, разговори и советувања. Во училиштето се реализира Програма за советување родители, со која родителите се советуваат и едуцираат како да им помогнат на своите деца во надминување на проблемите и подобрување на училишниот успех.
Стручните соработници и наставниците во текот на учебната година спроведуваат советодавно-консултативни разговори со родителите и вршат едукација на родителите на учениците кои имаат слаб успех, голем број изостаноци, изречени педагошки мерки, како и оние кои имаат асоцијално однесување. Училиштето редовно ги известуваше и едуцираше родителите преку соопштенија, брошури, флаери и групни и индивидуални средби.

## 18. Комуникација и промоција на основното училиште

Цели и задачи: Промовирање и маркетинг на училиштето како и на целокупните училишни активности. Рекламирање, промовирање, изработување на промотивен материјал за најзначајните училишни активности.
Информирањето на родителите и јавноста за случувањата во училиштето и постигнувањата на учениците се остварува преку повеќе форми и тоа:

- ✓ Информации истакнати на огласните табли во училиштето;
- ✓ Информации дадени за време на родителски средби;
- ✓ Информации дадени за време на приемни денови;
- ✓ Информации дадени од претставниците во Советот на родители и претставниците на Училишниот одбор;
- ✓ Информации наведени во евидентниот лист за постигањата на ученикот;
- ✓ Информации објавени на веб страната на училиштето: https://ouklimentohridski.wordpress.com
- ✓ Информации објавени на Facebook страна на училиштето;
- ✓ Информации од проекти и настани (прием на првачиња, Еразмус +, хуманитарни акции и др.)
- ✓ Информации наведени во брошурата за училиштето.

Реализирани програмски активности:

- ✓ Промовирање на училиштето преку ТВ станици, весници, електронски медиуми;
- ✓ Промовирање преку ВЕБ страната на училиштето и Facebook страната;
- ✓ Прием на првачиња;
- ✓ Промовирање на училиштето преку учество и освоени награди на учениците и наставниците на повеќе ликовни и литературни конкурси на општинско,регионално, државно и меѓународно натпреварување како и различни манифестации и вонаставни активности;
- ✓ Промоција преку Еразмус + проектот;
- ✓ Одбележување на Патрон празник на училиштето.

## 19. Соработка

- **Соработка со други образовни институции**

Училиштето во оваа учебна година имаше соработка со:

- ✓ МОН при доставување на Годишната програма на училиштето, Годишниот извештај за работата на училиштето и тековна соработка при воведување и реализација на сите промени, укажувањата и новините кои произлегуваат од министерството;
- ✓ БРО за унапредување на наставата, наставните програми, посета на обуки и семинари на наставниот кадар и др.;
- ✓ Општинскиот инспекторат и активот на директори на ниво на општина за низа консултации, размена на искуства, тековни прашања и разни настани;
- ✓ Основните училишта за наставни и вонннаставни активности (спортски натпревари и натпревари од други подрачја, литературни читања, размена на искуства помеѓу наставниците, проекти, конкурси и др.);
- ✓ Соработка со партнер училиштето „Зини Хани“ - Велешта во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција.

- **Локална заедница:** (локална самоуправа, бизнис заедница, местното население)

Училиштето воспостави соработка со локалната самоуправа и Градоначалникот на Општина Струга. Се бизнис заедницата се одржаа состаноци, средби по однос на набавка на наставни средства и помагала, ИТ опрема (компјутери, смарт табла, смарт телевизори, останата дополнителна опрема) донации на новогодишни пакетчиња, учество во манифестации, проекти и приредби од страна на училиштето.

Се остваруваа и посети на институции и бизнис-компании во локалното опкрухување, собири и здружувања по одредени случувања во училиштето.

Се промовираа постигнати резултати од различен вид, промовирање на проектни активности и др.

- **Институции од областа на културата:**

Учениците учествуваа на литературни, ликовни конкурси и реализираат посети на културно-историски споменици, музеи, изложби и слично..

- **Невладини организации:**

Училиштето остваруваше соработка и со други невладини организации како Црвениот крст, невладини организации од областа на екологијата и слично не само од општината туку и пошироко со учество во хуманитарни активности и проекти и сл.

- **Спортски друштва:**

Училиштето предвидуваше низа активности со спортските друштва од општината, соседните општини со учество во спортски натпревари од натпреварувачки и забавен карактер како што е и учеството во отворените фудбалски школи.

- **Здравствени организации:**

Училиштето целосно ја оствари потребната комуникација и соработка со Здравствениот дом, Центар за јавно здравје и одделението за орално здравје - стоматологија во градот Струга и други институции кои пружат здравствени и психолошки услуги.

Училиштето соработуваше со Центарот за социјална помош со цел задоволување на потребите на одредени групи на учениците.

- **Медиуми**

Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето е јавен и транспарентен. Училиштето има професионално организирано претставување и афирмирање преку известувања на локалните ТВ станици, електронски и пишани медиуми, доближувајќи ја на тој начин својата работа и активностите на учениците до локалната заедница.

## 20. СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА КРАЈ НА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОД.

### УСПЕХ , РЕДОВНОСТ И ПОВЕДЕНИЕ

**Општо за успехот**

Средна оценка на ниво на училиште на крајот од годината изнесува **4,34**, а во прилог е даден средниот успех во претходните 4 години :

| **Среден успех** | **2020/2022** | **2021/2022** | **2022/2023** | **2023/2024** | **2024/2025** |
|---|---|---|---|---|---|
| Среден успех на ниво на училиште | **3.89** | **4.27** | **4.04** | **4.15** | **4.34** |

**Средната оценка на македонски јазик е 4.33.**

**Средна оценка на албански наставен јазик е 4.39**

**СРЕДНА ОЦЕНКА НА НИВО НА УЧИЛИШТЕ Е 4,34**

**Табела 1:** Среден успех по предмети во одделенските паралелки

| Р.бр | ПРЕДМЕТ | 2020/2021 | 2021/2022 | 2022/2023 | 2023/2024 | 2024/2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонски јазик | 3,89 | 4,26 | 4.35 | 4,24 | 4,45 |
| 2 | Математика | 3.61 | 3,88 | 4.38 | 4,25 | 4,30 |
| 3 | Англиски јазик | 3,72 | 3,78 | 3,78 | 4,36 | 4,30 |
| 4 | Општество | 3.98 | 3,81 | 3,98 | 4.22 | 4,43 |
| 5 | Ликовно образование | 4,25 | 4,45 | 4.75 | 4,4 | 4,74 |
| 6 | Музичко образование | 4,10 | 4,41 | 4.76 | 4,38 | 4,75 |
| 7 | Физичко образование | 4,11 | 4,42 | 4.89 | 4,78 | 4,86 |
| 8 | Слободен изборен 1 | / | / | 4.72 | 4,7 | 4.82 |
| 9 | Слободен изборен 2 | / | / | 4.80 | 4,83 | 4,86 |
| 10 | Техничко образов. и Информатика | 4,10 | 4,20 | 4,61 | 4,54 | 4,61 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | Природни науки | 3,78 | 4,10 | 4.23 | 4,28 | 4,40 |

**Табела 2:** Среден успех по предмети во предметните паралелки

| | **ПРЕДМЕТИ** | **2020/ 2021** | **2021/ 2022** | **2022/ 2023** | **2023/ 2024** | **2024/ 2025** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонски јазик | 4,28 | 4,36 | 4,12 | 4,12 | 4.12 |
| 2 | Англиски јазик | 3,80 | 4.02 | 4,02 | 3.96 | 3.96 |
| 3 | Руски јазик | 3.86 | 4.34 | 4,12 | 3.84 | 3.98 |
| 4 | Италијански јазик | | | | 3,65 | 3.25 |
| 5 | Математика | 3,65 | 3.84 | 3.51 | 4.35 | 3.39 |
| 6 | Историја | 3.85 | 4.24 | 4.36 | 3.59 | 3.83 |
| 7 | Географија | 3.35 | 3.52 | 3,46 | 3.54 | 3.75 |
| 8 | Граганско образование | 3.92 | 4.32 | 4.71 | 4.29 | 4.32 |
| 9 | Биологија | 3.74 | 3.92 | 3.93 | 3.82 | 3.73 |
| 10 | Физика | 3.54 | 3.81 | 3,28 | 3.58 | 3.65 |
| 11 | Хемија | 3.76 | 3.89 | 3,62 | 3,8 | 3.45 |
| 12 | Техничко образование | 4.15 | 4.44 | 4,51 | 4,37 | 4.28 |
| 13 | Информатика | 4.33 | 4.10 | 4,18 | 3.88 | 3.67 |
| 14 | Ликовно образование | 4.44 | 4.64 | 4,51 | 4.87 | 4.74 |
| 15 | Музичко образование | 4.55 | 4.72 | 4,30 | 4.6 | 4.76 |
| 16 | Физичко образование | 4.78 | 4.84 | 4,64 | 4.67 | 4.69 |
| 17 | Запознавање со религиите | 4.10 | 4.64 | 4,31 | / | / |
| 18 | Етика | 3.99 | 4.57 | 4.77 | 4.38 | 4,62 |
| 19 | Иновации | 3.94 | 4.22 | 4,02 | 3.9 | 4,75 |
| 20 | Истражување на родниот крај | 4.85 | 4.6 | 4,92 | 3.57 | 4,75 |
| 21 | Проекти од информатика | 4.78 | 4.78 | 4,88 | 4,88 | / |
| 22 | Техничко образование (изборен) | 4.78 | 4.96 | 4,69 | 4,38 | 5.00 |
| 23 | Природни науки | 4.28 | 3.57 | 3,94 | 4.42 | 3,81 |
| 24 | Нашата татковина | 4.28 | 4,48 | 3.00 | 4.61 | 3,89 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 25 | Финансиска писменост(изборен) | / | / | / | 4.7 | 4,45 |
| 26 | Класична култура | / | / | / | / | 4,85 |
| 27 | Програмирање | | | | | 4,41 |
| 28 | Техничко цртање и дизајнирање(изборен) | / | / | / | 4.7 | 4,64 |

**Редовност и поведение**

Во текот на учебната година направени се вкупно 5115 изостаноци (25,9 просек по ученик), од кои 4 843 оправдани (24,5 просек по ученик) и 261 неоправдани (1.32 просек по ученик).

| | 2020/2021 | 2021/2022 | 2022/2023 | 2023/2024 | 2024/2025 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | **1837 (8,96)** | **1509 (7.50)** | **3709 (18.6)** | **4294(22,6)** | **5201(26,4)** |
| Оправдани | 1715 (8,3) | 1302(6.47) | 3488(17.5) | 4116(21,7) | 4940(25,0) |
| Неоправдани | 122 (0.59 | 207 (1.03) | 215 (1.08 | 178(0,93) | 261(1.32) |

**Поведението за 196 ученици е примерно , а за еден ученик незадоволително.**

**П Р Е Г Л Е Д**

На учениците на крајот на
учебната 2024/2025 година

Табела бр. 1

| **Одделение** | **Македонски јазик** | | **Албански јазик** | | **Турски јазик** | | **Српски јазик** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **се** | **ж** | **се** | **ж** | **се** | **ж** | **се** | **ж** | **се** | **ж** |
| **I** | 15 | 8 | 8 | 1 | | | | | 23 | 9 |
| **II** | 19 | 10 | 4 | 3 | | | | | 23 | 13 |
| **III** | 22 | 10 | 6 | 5 | | | | | 28 | 15 |
| **IV** | 19 | 13 | 8 | 4 | | | | | 27 | 17 |
| **V** | 20 | 11 | 4 | 2 | | | | | 24 | 15 |
| **I-V** | **95** | **52** | **30** | **15** | | | | | **125** | **67** |
| **VI** | 22 | 11 | | | | | | | 22 | 11 |
| **VII** | 17 | 4 | | | | | | | 17 | 4 |
| **VIII** | 17 | 7 | | | | | | | 17 | 7 |
| **IX** | 16 | 6 | | | | | | | 16 | 6 |
| **VI-IX** | **72** | **28** | | | | | | | **72** | **28** |
| **I-X** | **167** | **80** | **30** | **15** | | | | | **197** | **95** |

**I (прво) одделение од деветтолетка**

број на ученици, групи и
наставници

Табела бр.2

| Наставен јазик | | Паралелки | Број на ученици | Број на наставници |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонски | 3 | 15 | 3 |
| 2 | Албански | 1 | 8 | 1 |
| 3 | Турски | | | |
| 4 | Српски | | | |
| | ВКУПНО | 4 | 23 | 4 |

**Основно училиште “ Свети Климент Охридски “ Место с. Драслајца Струга**

## П Р Е Г Л Е Д

на вкупниот број запишани ученици, паралелки (чисти) на крајот на учебната 2024/2025 година со настава на македонски наставен јазик

| Училиште | Ученици и паралелки по одделенија | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **I** | | **II** | | **III** | | **IV** | | **V** | | **I - V** | | **VI** | | **VII** | | **VIII** | | **IX** | | **VI-IX** | | **I-IX** | |
| | Пр | У | Пр | У | Пр | У | Пр | У | Пр | У | **Пр** | **У** | Пр | У | Пр | У | Пр | У | Пр | У | **Пр** | **У** | **Пр** | **У** |
| Централни **I - IX** | | | | | 1 | 7 | | | | | **1** | **7** | 2 | 22 | 2 | 17 | 2 | 17 | 2 | 16 | **8** | **72** | **9** | **79** |
| Подрачни **I - V Ложани** | | | | | 1 | 7 | | | | | **1** | **7** | | | | | | | | | | | **1** | **7** |
| Подрачни **I – V Мороишта** | 1 | 8 | 1 | 5 | 1 | 8 | 1 | 6 | 1 | 12 | **5** | **39** | | | | | | | | | | | **5** | **39** |
| Вкупно | 1 | 8 | 1 | 5 | 3 | 22 | 1 | 6 | 1 | 12 | **7** | **53** | 2 | 22 | 2 | 17 | 2 | 17 | 2 | 16 | **8** | **72** | **15** | **127** |

## П Р Е Г Л Е Д

на вкупниот број запишани ученици во **комбинирани** паралелки на наставата со <u>македонски</u> наставен јазик  на крајот од учебната 2024/2025година

Табела бр.4/1

| Училишта | Ученици и паралелки по одделенија | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ком **II – IV** одд | | | **I - V** | | | **I - V** | | | | | | **V - VII** | | | **VI - IX** | | |
| | **I** | **IV** | **П** | **II** | **V** | **П** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **П** | **V** | **VII** | **П** | **VI** | **IX** | **П** |
| Централни **I - IX** | 7 | 6 | 1 | 7 | 6 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Подрачни Комбинирани | **V** | **IV** | **П** | **I** | **II** | **П** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **П** | **V** | **VII** | **П** | **VI** | **IX** | **П** |
| Подрачни **I – V** Комбинирани | 2 | 7 | 1 | 2 | 7 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| ВКУПНО | **9** | **13** | **2** | **9** | **13** | **2** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** |

## П Р Е Г Л Е Д

на вкупниот број запишани ученици, паралелки (чисти) на крајот од учебната 2024/2025 година со настава на  <u>АЛБАНСКИ</u> наставен јазик

## П Р Е Г Л Е Д

| Училиште | Ученици и паралелки по одделенија | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | | II | | III | | IV | | V | | I- V | | VI | | VII | | VIII | | V-IX | | I-IX | |
| | Пр | У | Пр | У | Пр | У | Пр | У | Пр | У | Пр | У | Пр | У | Пр | У | Пр | У | Пр | У | Пр | У |
| Централни I - VIII | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Подрачни I - VIII | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Подрачни I - V | | | 1 | 4 | | | 1 | 8 | 1 | 4 | 3 | 16 | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | 1 | 4 | | | 1 | 8 | | | 3 | 16 | | | | | | | | | | |

**П Р Е Г Л Е Д**

на вкупниот број запишани ученици, паралелки (комбинирани) на крајот на учебната 2024/2025 година со настава на АЛБАНСКИ наставен јазик

| Училишта | Ученици и паралелки по одделенија | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ком **III – V**одд | | | **I - V** | | | **I - IV** | | | | | | **V - VII** | | | **VI - IX** | | |
| | **I** | **III** | **П** | **I** | **V** | **П** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **П** | **V** | **VII** | **П** | **VI** | **IX** | **П** |
| Централни **I - VIII** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Подрачни **I - VIII** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Подрачни **I – V** Комбинирани | 8 | 6 | 1 | | | | | | | | | | | | | | | |

**П Р Е Г Л Е Д**

на наставниот кадар на крајот на учебната 2024/2025 година

Табела бр.5

| Наставен кадар по наставни јазици | Одделенска настава | | | | | Предметна настава | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | проф | наст | учит | неоф образ | се | проф | наст | учит | неоф образ | се | |
| Македонски | 11 | / | / | / | 11 | 21 | | | | 21 | 32 |
| Албански | 4 | / | / | / | 4 | | | | | | 4 |
| Турски | | | | | | | | | | | |
| Српски | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | 15 | | | | 15 | 21 | 1 | | | 21 | 36 |

**П Р Е Г Л Е Д**

на раководниот и стручниот кадар на крајот на учебната 2024/2025 година

Табела бр.6

| Работно место | Завршено образование | | Вкупен работен стаж | Работно искуство како директор, пом. и зам. директор,педагог, психолог, социолог |
|---|---|---|---|---|
| | ВСС | ВС | | |
| Директор | 1 | / | 14 години | 1 година |
| Зам.директор | | | | |
| Пом.директор | | | | |
| педагог | 1 | / | 14 години | 1 година |
| психолог | | | | |
| социолог | | | | |

## П Р Е Г Л Е Д

на изостаноците на учениците на крајот на
учебната 2024/2025 година

Табела бр. 7

| Наставен јазик | Одд / Вид | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | Оправдани | 345 | 253 | 267 | 218 | 211 | 950 | 1536 | 794 | 249 | **4810** |
| | Неоправдани | / | / | / | / | 11 | 15 | 92 | 41 | 102 | **261** |
| | се | 345 | 253 | 267 | 218 | 222 | 864 | 1628 | 837 | 351 | **5071** |
| Албански јазик | Оправдани | 26 | / | 58 | / | 46 | | | | | **130** |
| | Неоправдани | / | / | / | / | / | | | | | |
| | се | 26 | / | 58 | / | 46 | | | | | **130** |
| Турски јазик | Оправдани | | | | | | | | | | |
| | Неоправдани | | | | | | | | | | |
| | се | | | | | | | | | | |
| Српски јазик | Оправдани | | | | | | | | | | |
| | Неоправдани | | | | | | | | | | |
| | се | | | | | | | | | | |

**Основно училиште “** Свети Климент Охридски **“ Место с.** Драслајца
Струга

## П Р Е Г Л Е Д

на испишани ученици на крајот на учебната 2024/2025 година

Табела бр.8

| Наставен јазик | I | | II | | III | | IV | | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж |
| Македонски | / | / | / | / | / | / | / | / | | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Албански | | | | | | / | / | | | | | | | | | | | | |
| Турски | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Српски | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**П Р Е Г Л Е Д**

На неоценети ученици  на крајот на учебната 2024/2025 година

Табела бр.9

| Наставен јазик | I | | II | | III | | IV | | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж |
| Македонски | / | / | / | / | / | / | / | / | | / | / | / | / | 2 | / | / | / | / | / |
| Албански | | | | | | / | / | | | | | | | | | | | | |
| Турски | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Српски | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**П Р Е Г Л Е Д**

на поведението на учениците на крајот на

учебната 2024/2025 година

Табела бр.10

| Одд. / Поведение | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерно | **23** | **23** | **28** | **27** | **24** | **22** | **16** | **17** | **16** | **196** |
| Добро | / | / | / | / | / | / | **/** | / | / | **/** |
| Незадоволително | / | / | / | / | / | / | 1 | / | / | 1 |

**П Р Е Г Л Е Д**

на бројот на учениците со продолжен престој во училиштето крајот на учебната 2024/2025 година

Табела бр. 11

| Наставен јазик | Целодневен престој | | | Дневен престој | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Групи | Ученици | Наставници | Групи | Ученици | Наставници |
| Македонски | / | / | / | / | / | / |
| Албански | / | / | / | / | / | / |
| Турски | | | | | | |
| Српски | | | | | | |

**П Р Е Г Л Е Д**

на бројот на учениците кои користат исхрана во
учебната 2024/2025 година

Табела бр. 12

| Наставен јазик | Исхрана во училишна кујна | Друг вид на организирина исхрана | Самоиницијативно од учениците |
|---|---|---|---|
| Македонски | / | / | / |
| Албански | | | |
| Турски | | | |
| Српски | | | |

**Основно училиште “** Свети Климент Охридски **“ Место с.** Драслајца
Струга

## П Р Е Г Л Е Д

на општиот успех на учениците по наставни јазици на крајот на
учебната 2024/2025 година со
настава на МАКЕДОНСКИ наставен јазик

Табела бр.1

| Одделение | Вкупно Ученици | | 1 одлични | | 2 Мн.добри | | 3 добри | | 4 доволни | | Вкупно | | 1 со 1сл. | | 2 со 2 сл | | 3 со 3 и пов сл. | | 4 неоцени | | Сред оцен. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | ж | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | оп. оц. | |
| **I** | 15 | 8 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **II** | 19 | 10 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **III** | 22 | 10 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **IV** | 19 | 13 | 13 | 68.4 | 5 | 26.3 | / | / | 1 | 5.26 | | 100 | | | | | | | | | 4.57 |
| **V** | 20 | 11 | 16 | 80 | 3 | 15 | 1 | 5 | 0 | 0 | | 100 | | | | | | | | | 4.78 |
| **I-V** | **95** | **52** | 29 | | 8 | | 1 | / | 1 | | | | | | | | | | | | |
| **VI** | 22 | 11 | 7 | 31.8 | 9 | 40.9 | 4 | 18.1 | 2 | 9.09 | 22 | 100 | | | | | | | | | 3.89 |
| **VII** | 17 | 4 | 7 | 41.1 | **6** | 35.2 | 2 | 11.7 | 1 | 11.7 | 16 | 100 | | | | | | | 1 | | 4.15 |
| **VIII** | 17 | 6 | 6 | 37.2 | **8** | 47.0 | 1 | 5.8 | 2 | 11.7 | 17 | 100 | | | | | | | | | 4.00 |
| **IX** | 16 | 5 | 7 | 43.7 | **6** | 37.5 | 3 | 18.7 | | | 16 | 100 | | | | | | | | | 4.22 |
| **VI-IX** | **72** | **28** | | | | | | | | | | 100 | | | | | | | | | |
| **I -IX** | **167** | **80** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**П Р Е Г Л Е Д**

на општиот успех на учениците по наставни јазици на крајот на учебната 2024/2025 година со настава на АЛБАНСКИ наставен јазик

| Одделение | Вкупно Ученици | | 1 одлични | | 2 Мн.добри | | 3 добри | | 4 доволни | | Вкупно | | 1 со 1сл. | | 2 со 2 сл | | 3 повт. | | 4 неоценети | | Сред оцен. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | ж | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | оп.оц. | |
| I | 8 | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| II | 4 | 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| III | 6 | 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| IV | 8 | 4 | 4 | 50 | 1 | 12.5 | 2 | 25 | 1 | 12.5 | | | | | | | | | | | 3.99 |
| V | 4 | 2 | 4 | 100 | / | / | / | / | / | / | | | | | | | | | | | 4.79 |
| **I-V** | **30** | **15** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | **4.39** |

**Среден успех на ниво на училиште 4,34**

**Еден ученик од седмо одделение не ги положи испитите во предвидените термини и периоди во месец јуни и месец август. Истиот ја повторува учебната година, односно останува во седмо одделение.**

## 21. Извештај од работата на Директорот

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | АКТИВНОСТИ | ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ | СОРАБОТНИЦИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **I. ВОДСТВО** | -Изработка на Програма за работа на директор<br>-Учество во изработка на Годишната програма<br>-Создавање просторни и технички услови за успешен почеток на учебната година<br>-Организирање на воспитно образовната - работа во училиштето<br>-Информирање на заедницата за потребите на училиштето и обезбедување поддршка<br>-Учество во планирање, реализирање и следење на активности кои промовираат интеркултурно образование<br>-Соработка со граѓанскиот сектор и вклученост на вработените и учениците во проекти од интерес на училиштето<br>-Соработка со институции кои се надлежни за образованието (Општина Струга, МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, Центар за култура „ Браќа Миладиновци“ - Струга, Струшки вечери на поезијата, ОУРЦ“Кочо Рацин” и др.)<br>-Учество во планирање, реализирање и следење на активности меѓу училиштето и заедницата со кои се подобруваат постигањата на учениците (посети, реализација на наставни и воннаставни активности)<br>-Обезбедување услови за реализација на активности од областа на инклузија (МИО, ЕКО)<br>-Организација и реализација на хуманитарни и културни активности<br>-Континуирана соработка со органите и телата во училиштето<br>-Поддршка на реализација на програмите на | -Изработена годишна програма<br>-Подготвени училишни објекти за успешен почеток на новата учебна година<br>-Создадени услови за непречено одвивање на почетокот на учебната година<br>-Раководење, препознавање и усогласување на приоритетите во училиштето<br>-Обезбедени донации за осовременување на ВОП<br>-Обезбедена соработка со локалната средина<br>-Создавање и стимулирање на позитивна атмосфера во сите сегменти на работењето на училиштето<br>-Создавање емпатична,безбедна и грижлива училишна средина<br>-Учество во работата на стручни активи, одделенски совети, наставнички совет<br>-Промовирање и подобрување на училишниот имиџ<br>-Успешно организиран Патронат на училиштето<br>-Подготвителни активности за самоевалуација на училиштето<br>-Спроведена интегрална евалуација на училиштето | -Технички персонал<br>-Секретар, стручни соработници<br>-Институции во локалната средина<br>-Родители<br>-Членови на УО<br>-Наставници<br>-Ученици | -Август,2024<br>-Септември,2024-Јануари,2025 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ученичките организации,слободните ученички активности (Детски Парламент.)<br>-Соработка со институции при справување со кризни ситуации што го засегаат училиштето<br>-Соработка со родителите за решавање актуелни прашања<br>-Планирање и овозможување, вклучување на родителите во одделени сегменти од воспитно -образовниот процес (здравствена заштита, професионална ориентација, јавна и културна дејност...)<br>-Соработка со Совет на Родители заради поголема вклученост на родителите во животот и работата на училиштето<br>-Соработка со УО (обезбедување на соработка со органите и телата во училиштето)<br>-Соработка со граѓанскиот сектор<br>-Промовирање на училиштето во локалната средина (Веб страна, ФБ страна, Брошури, Патронен празник и др.)<br>-Следење на заемните односи во колективот и преземање мерки за подобрување на училишната клима и култура | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **II. РАКОВОДЕЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | -Организирање и водење состаноци<br>-Воспоставување и одржување систем на комуникација меѓу вработените во училиштето и локалната средина<br>-Одржување позитивни односи со вработените, родителите, учениците и други засегнати страни<br>-Наоѓање форми и начини за надминување на проблемите и недоразбирањата<br>-Активности за привлекување на поголем број на ученици<br>-Стратегија за намалување на осипувањето<br>-Активности за односи со јавноста како дел од Годишната програма за работа<br>-Формирање тим за справување со кризни ситуации<br>-Идентификување на професионалните и индивидуалните потреби и интереси на вработените<br>-Користење на интерните потенцијали и ресурси за стручно усовршување и континуирана едукација<br>-Препознавање на индивидуалните особини и способности на вработените и распределба на соодветни одговорности<br>-Распределба на наставни часови<br>-Континуирано следење и вреднување на работата<br>-Соработка со пошироката заедница<br>-Промовирање на тимска работа<br>-Интервјуирање потенцијални кандидати за вработување | -Комуникација меѓу вработените во училиштето и локалната средина<br>-Одржување позитивни и коректни односи со вработените<br>-Поддршка и учество во професионалниот развој<br>-Овозможување стабилна работна клима<br>-Правична распределеност на работните ангажмани<br>-Поставени остварливи стандарди за квалитетно работење и постигања на вработените | -Наставници<br>-Административно-технички персонал<br>-Родители,Ученици<br>-Институции /Локална средина | Континуирано |
| **III. ПЕДАГОШКО РАКОВОДЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО** | -Обезбедување на услови за реализирање на современа настава<br>-Следење и анализа на наставен час/активност и давање конструктивна повратна информација<br>-Раководење со процесот на изработка на различни видови планови и програми во училиштето и обезбедување нивна | -Промовирање на постигнувањата на учениците<br>-Создавање на безбедна и стимулативна средина за учење и развој на ученикот<br>-Обезбедување квалитетна настава | -Стручна служба<br>-Наставници | -Континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | имплементација во секојдневното работење на училиштето<br>-Увид во планирањата на наставниците и стручните соработници<br>-Изработка на индикатори и инструменти и процедури за вреднување на работата во училиштето (прибирање податоци за успехот на учениците поведение, изречени педагошки мерки)<br>-Користење на анализите во насока на подобрување на воспитно образовната работа во училиштето<br>-Советодавно – инструктивни разговори со наставници,ученици и родители<br>-Обезбедува потребни дидактички средства, работни материјали и инструменти<br>-Развивање и применување превентивни активности за почитување на правата на учениците и вработените (безбедности и недискриминација)<br>-Формирање на инклузивни тимови | -Планирање и поддршка на наставата и учењето<br>-Почитување на индивидуалните разлики и развој на сите ученици | | |
| **IV. ФИНАНСИСКО РАКОВОДЕЊЕ** | -Изнаоѓање дополнителни финансиски средства<br>-Континуирано следење на законитоста во финансиското работење<br>-Обезбедување услови за транспаретно усвојување на завршна сметка<br>-Изработка на финасиски план за јавни набавки<br>-Изготвување административно-финансиски работи<br>-Обезбедување на навремено исполнување на деловните обврски<br>-Континуирано обезбедување на материјално-технички ресурси согласно расположливите финансиски средства | -Финансиско работење усогласено со законска регулатива | -Книговодител<br>-Правник | -По потреба |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **V. ЗАКОНСКО И АДМИНИСТРА-ТИВНО РАБОТЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО** | -Законско и административо работење на училиштето<br>-Информирање на вработените и претставниците од училишните органи и текла за ррелевантни законски протоколи<br>-Изготвување интерни акти и документација во согласност со законските прописи<br>-Спроведување одлуки донесени од УО<br>-Организирање и координирање на работата на органите и телата во училиштето<br>-Соработка со институциите надлежни за надзор во училиштето и нивната улога во работењето<br>-Применување на регулативите и интерните процедури за административно раководење со училиштето (почитување на законот за архивско работење, заштата на информации од јавен карактер, закон за основно образование и др.)<br>-Обезбедување на услови за соодветно управување со електронската база на податоци<br>-Користење на информациски системи во секојдневната работа | -Раководење на училиштето согласно законската регулатива<br>-Континуирана примена на инфомрациски ситеми во училиштето<br>-Изработка на интерни акти и документации | -Правник<br>-Книговодител<br>-Стручна служба<br>-Училишен одбор<br>-Наставнички совет<br>-Одделенски совет<br>-Стручни активи<br>-ДПИ<br>-Општина | -Континуирано |

# 22. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СТРУЧЕН СОРАБОТНИК – ПЕДАГОГ

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Соработници | Целна група | Постигнати цели и остварени ефекти |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **Подрачје 1: РАБОТА СО УЧЕНИЦИ** | | | | |
| **Потподрачје: Поддршка на учениците во учењето** | | | | |
| Работа во Комисија за запишување на ученици во прво одделение (Изработка на оглас, соопштенија и формулари и нивно објавување на училишната фејсбук страна и на огласна табла; управување со поднесените пријави и придружната документација; прием и разговор со деца и родители /старатели; испраќање писма со известување до родителите/старателите на незапишаните деца, подготовка на списоци за запишани ученици во прво одд.) | Мај, август, 2024 | Директор, | Ученици | Непречено спроведен процес на запишување ученици во прво одделение, учебната 2024/25 година.<br><br>Запишани ученици во прво одделение согласно реонизацијата, старосната година, утврдената зрелост и извршената проценка на подготвеноста на децата за вклучување и напредување во образовниот систем.<br><br>Правилно формирани паралелки во согласност со однапред поставени критериуми. |
| Формирање паралелки за прво одделение<br>Доставување предлог паралелки до Директорот на училиштето за нивно одобрување | Август | Комисија за запишување деца во прво одделение | Ученици за прво одд. | Рапоределени ученици од прво одделение по паралелки според одредени критериуми и листите на опсервација |
| Препознавање и решавање тековни проблеми со кои се соочуваат учениците во процесот на учење | Континуирано | Наставници | Ученици | Дадена непосредна поддршка на учениците во учењето, подобрен успех на учениците и надминати потешкотии во учењето. |
| **Потподрачје: Следење и поддршка на развојот на учениците** | | | | |
| Следење на прилагодувањето на учениците во прво одделение | Октомври - декември, 2024 | Наставници, | Ученици од I одд. | Увид во прилагодувањето и адаптацијата на првачиња во училишната средина. |
| Советодавна работа со ученици кои имаат проблеми во однесувањет, несоодветно однесување, нередовност и сл. | Континуирано | наставници, родители | Ученици | Дадена стручна помош и поддршка на учениците за надминување на состојбите. |
| Интервенирање при несоодветно однесување на учениците за време на наставата | Континуирано | наставници | Ученици | Разрешени настанати проблемски ситуации,<br>применети соодветни стратегии за справување со несоодветно однесување на учениците. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Давање поддршка во идентификацијата на специфичните желби и интереси на учениците за реализација на слободни ученички активности и мотивација за вклучување во вонnаставни активности | Во текот на првото полугодие | Наставници | Ученици | Зголемена демократската партиципација на учениците во активностите на училиштето. |
| **Потподрачје: Професионална и кариерна ориентација на учениците** | | | | |
| Учество во организирање презентации на средни училишта во Општина Струга и поделба на промотивни материјали на учениците од 9-то одд. | Мај/јуни 2025 | Директор, раководители на паралелки | Ученици од IX одд. | Извршена презентација и промоција на работата на средни училишта и запознаени ученици со струките во средните училишта. |
| Запзнавање на учениците и класните раководители со начинот на електорнско аплицирање | Мај, 2025 | Наставници ученици | Ученици од IX одд. | Учениците се зпознаени со начинот на пополнување на електронска апликација за упис во средно училиште |
| Презентирање на Конкурсот за запишување на ученици во средните училишта | Мај, 2025 | Наставници Ученици | Ученици од IX одд. | Презентирање на Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта за учебна 2025/2026 година<br>- образовни профили и струки во средните училишта<br>-услови за запишување<br>- потрбни документи за запишување<br>-конкурсни рокови<br>-критериуми за избор на ученици |
| Индивидуални разговори со учениците од IX оддление за интересот и одлуката каде да го продолжат своето образованние | Мај | Ученици | Ученици | Прибирање податоци, самопроценка на учениците, нивната информираност и заинтересираност за понатамошно образование. |
| **Подрачје 2: РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ** | | | | |
| **Потподрачје: Поддршка на наставниците за планирање и реализација на воспитно - образовниот процес и самоевалуацијата** | | | | |
| Активности за известување и објаснување на концепциските документи | Континуирано | Директор, наставници | Наставници | Стекнати знаења за нови закони, правилници, упатства, концепциски документи и слично. Споделени информации и дадени насоки за примена на концепциски документи. |
| Давање стручна помош и поддршка на наставниците за планирање и успешна реализација на воспитно - образовниот процес | Континуирано | Директор, наставници | Наставници | Унапреден воспитно - образовен процес. |
| Организирање и реализирање индивидуални консултации со наставниците за планирање на наставата | Континуирано | Наставници | Наставници | Дадени насоки за операционализација на целите, подготовка на час/активност, избор на форми, методи, средства, организација на работата, индивидуализација и друго. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Поддршка на наставниците при водење на педагошка евиденција и документација | Континуирано | Наставници | Наставници | Правилно и уредно пополнета педагошка евиденција и документација. |
| Давање насоки и стручна помош за документирање на постигањата на учениците | Континуирано | Наставници | Наставници | Правилно формативно следење и сумативно оценување на учениците. |
| Работа со наставници – приправници | Континуирано | Наставници - приправници | Наставници | Успешно воведени наставници во наставно - воспитниот процес. |
| Организирање и реализирање на информативни средби за актуелни настани и иновации во наставата | Континуирано | Одделенски наставници, предметни наставници | Наставници | Споделени информации за тековни работи и актуелни настани, дадени нсоки за унапредување на наставниот процес со примена на иновативни методи на работа. |
| **Потподрачје: Поддршка на наставниците за работа со учениците** | | | | |
| Давање насоки за работа на наставниците со одделни групи и поединечни ученици (потешкотии во учењето, проблеми во развојот, болест, емоционални проблеми, Надарени ученици и слично). | Континуирано | наставници | Наставници, ученици | Препознаени потреби на учениците, почитување на личноста на секој ученик, идентификувани и развивани негови јаки страни. |
| Давање на специфични насоки за работа на наставникот со одделни групи и поединечни ученици | Континуирано | Наставници | Наставници, ученици | Унапредена наставна работата и подобрени резултати во учењето. |
| Запознавање на наставниците со карактеристиките на новозапишаните ученици | По потреба | наставници | Наставници, ученици | Примена на индивидуализација во наставната работа. |
| Стручна поддршка на наставниците за воспоставување на добра комуникацијата со учениците и помеѓу учениците | Континуирано | Наставници | Наставници, ученици | Унапредени меѓусебни односи на релација наставник – ученик, ученик - ученик |
| Помош на наставникот во справување и разрешување на проблеми со однесувањето на учениците | Континуирано | наставници | Наставници, ученици | Согледани причини за несоодветно однесување, предложени стратегии за надминување и согледани ефекти од превземените активности. |
| **Потподрачје: Поддршка на наставниците за работа со родителите** | | | | |
| Упатување на наставниците кон поефективна комуникација и соработка со родителите | По потреба | наставници | Наставници, родители | Подобрена комуникација наставник – родител. |
| Предлагање содржини за родителски средби во согласност со потребите | По потреба | Директор, наставници | Наставници, родители | Успешно реализирани содржини соодветни на моменталните услови и ситуација. |
| Градење стратегија за соработка со одделни групи родители или поединци во разни области | По потреба | наставници | Наставници, родители | Извршено активно вклучување на родителите во работата на училиштето. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Потподрачје: Поддршка на наставниците за работа со родителите** | | | | |
| Упатување на наставниците кон поефективна комуникација и соработка со родителите | По потреба | наставници | Наставници, родители | Подобрена комуникација наставник – родител. |
| Предлагање содржини за родителски средби во согласност со потребите | По потреба | Директор, наставници | Наставници, родители | Успешно реализирани содржини соодветни на моменталните услови и ситуација. |
| Градење стратегија за соработка со одделни групи родители или поединци во разни области | По потреба | наставници | Наставници, родители | Извршено активно вклучување на родителите во работата на училиштето. |
| **Подрачје 3: РАБОТА СО РОДИТЕЛИ** | | | | |
| **Потподрачје: Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите** | | | | |
| Индивидуални консултации и советодавна работа со родители чии деца се соочуваат со потешкотии во учењето, нередовно посетување на наставата и несоодветно однесување. | По потреба | Директор, наставници | Родители, ученици | Дадена поддршка на родителите чии деца се соочуваат со неуспех во учењето, нередовно посетување на наставата и несоодветно однесување за време на истата. Подобрен успех кај учениците, надминати одредени појави и несоодветно однесување кај децата и намален број на изостаноци. |
| Индивидуални консултации за поддршка на родителите (начин на комуникација, кризна ситуација во семејството, мотивирање за учење, организиација на слободното време на детето сл.) | По потреба | наставници | Родители, ученици | Дадена соодветна поддршка на семејството. |
| **Потподрачје: Едукација на родители** | | | | |
| Информативни разговори со родителите за услугите што ги нуди училиштето за поддршка на учениците | Континуирано | Директор, наставници | Родители | Унапредена меѓусебната доверба и соработката со родителите. |
| **Подрачје 4: СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА** | | | | |
| **Потподрачје: Соработка со локалната заедница** | | | | |
| Планирање, реализирање и следење на активностите меѓу училиштето и заедницата за промоција на училиштето | Континуирано | Директор, наставници | Ученици | Продлабочување на соработката со локалната зедница |
| Информирање на локалната самоуправа и локалната заедница за потребите и постигањата на училиштето | Континуирано | Директор, вработени лица во Општината, стручни лица | Училиште | Унапредена комуникација со локалната самоуправа и локалната заедница. |

| Потподрачје: Соработка со стручните институции и организации | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Соработка со институции од областа на образованието: МОН, БРО, Државен просветен инспекторат, училишта... | Континуирано | Инспектори, советници за основно образование | Училиште | Добиена стручна помош за унапредување на работата на училиштето, навремено доставени барани податоци и пополнети прегледи, табели и формулари. |
| Консултирање на институции (образовни, социјални, здравствени, и др.) при работа со одредена група ученици, наставници, родители како и за сопствената работа и земање во предвид на нивните препораки | По потреба | Стручни лица | Ученици, наставници, родители | Добиена стручна помош за унапредување на сопствената работа. |
| Соработка со стручните соработници од Општински основни и средни учелишта | По потреба | Стручни соработници | Училиште | Разменети знаења и искуства со стручните служби од општинските основни училишта и пошироко. |
| ЈЗУ Центар за јавни здравје, Општински центар за социјална работа на Струга, Полициска станица СВР – Охрид и ОВР Струга , невладини организации и други установи кои придонесуваат за остварување на целите и задачите на воспитно - образовната работа | По потреба | Директор Секретар Наставници | Ученици, родители | Соработка со институциите, Навремено доставени податоци и изнаоѓање решенија за определени состојби во училиштето. |
| Запознавање и упатување на ученици и родителите во соодветни институции за решавање на одреден проблем. | По потреба | Директор, наставници, стручни лица | Родители, ученици | Разрешени одредени ситуации и проблеми. |
| **Подрачје 5: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА** | | | | |
| **Потподрачје: Личен професионален развој** | | | | |
| Изработка на личен план за професионален развој за развивање на професионалните компетенции на педагогот | Август 2024 | Директор | Педагог | Изработен личен план за професионален развој . |
| Планирање, евиденција и прибирање докази за сопствениот професионален развој | Континуиран о | Директор | Педагог | Документиран професионален развој и уредно водење на професионалното досие |

| Подрачје 6: АНАЛИТИЧКО - ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Потподрачје: Анализа и проценка на воспитно - образовната работа** | | | | |
| Изготвување на инструменти за прибирање на податоци (протоколи, обрасци, евидентни листи, прегледи) | наменски | Директор, наставници | Училиште | Изготвени инструменти и прибрани податоци |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Статистичко – педагошка обработка на податоци за опфат на учениците според возраст, пол и етничка припадност | Октомври, 2024 | Наставници | Училиште | Увид и детален преглед на учениците според возраст, пол и етничка припадност во почетокот на учебната 2024/25 година. |
| Утврдување на социјалната структура на учениците во учебната 2024/25 година | Ноември, 2024 | Раководители на паралелки | Училиште, ученици | Увид и детален преглед на социјалната структура на учениците во учебната 2024/25 година. |
| Анализа на постигнатиот успех, поведението, редовноста и педагошки мерки на учениците во учебна 2024/25г. | Ноември 2024 јануари,2025 април, 2025 јуни, 2025 | Директор, стручни соработници, наставници | Училиште, ученици | Констатирана состојба за постигнатиот успех и поведението на учениците и предложени соодветни мерки и активности за подобрување |
| Изработка на анализи и други извештаи за состојбите во различни области од воспитно-образовната работа (за потребите на воспитно – образовни институции и организации) | По потреба | Директор, наставници | Училиште | Воспоставен систем за редовни анализи и извештаи за одделни воспитно-образовни прашања во училиштето, континуирано навремено дадени податоци за состојбата на училиштето. |
| Изработка на полугодишен и годишен извештај за работа на педагошката служба | Јануари 2025 Јуни 2025 | Директор | Училиште | Презентација и документација на работата на педагогот во текот на учебната 2024/2025 година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Учество во изработка на Полугодишен и Годишен извештај за работата на училиштето во за тековна и наредна учебна година | Јануари, 2025 јуни/јули, 2025 август 2025 | Директор, стручни соработници, наставници | Училиште | Документирање на воспитно – образовна работа на училиштето |
| **Потподрачје: Истражување на воспитно – образовната работа** | | | | |
| Прегледи, Извештаи, Анкети | Тековно | Наставници | Училиште | Извршена статистичка обработка и анализа на податоци. |
| **Подрачје 7: УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА** | | | | |
| **Потподрачје: Училишна структура и организација (планирање, следење на настава, педагошка евиденција и документација, евалуација)** | | | | |
| Спроведени анкети до учениците и родителите за задолжителни изборни предмети, согласно Водичот за слободни изборни предмети во основното образование | мај | Директор Наставници | ученици | Дефинирани изборни предмети кои ќе се изучуваат наредна учебна година. |
| Учество во организирање и реализирање на вонаставни воспитно – образовни подрачја | Континуирано | Директор, наставници | Училиште, наставници, ученици | Унапредени и успешно реализирани вонаставни активности во училиштето . |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Учество во запишување новодојдени ученици во училиштето (распределба по паралелки) и испишување ученици од училиштето | По потреба | Директор, раководители на паралелки | Ученици | Запишување новодојдени ученици во соодветни паралелки и премин на ученици во други училишта. |
| Следење на организацијата и реализацијата на наставата по задолжителни и изборни предмети, додатна и дополнителна настава | Континуирано | Директор, наставници | Училиште, наставници, ученици | Унапредување на наставниот процес |
| Следење на реализацијата на воннаставните активности | Континуирано | Директор, наставници | Училиште, наставници, ученици | Унапредување на воннаставните активности . |
| Активности при избор на најдобри ученици од IV - IX одд. и Првенец на генерација и работа во Комисија за избор на првенец на училиште | Мај / јуни, 2025 | Директор, наставници | Ученици | Учество во Комисија за избор на првенец на генерација |
| Следење и вреднување на планирањата на наставниот кадар | Континуирано | Директор, наставници | Наставници | Увид во планирањата на наставниот кадар и унапредување на планирањата. |
| Следење и проверување на педагошката евиденција и документација, со предлог мерки за подобрување | Континуирано | Директор, наставници | Наставници | Увид во регуларноста и квалитетот на водењето на педагошката документација. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Следење на постигнатиот успех, поведението и редовноста на учениците во наставата и воннаставните активности | Континуирано | Наставници | Ученици | Увид во постигнувањатае, поведението и редовноста кај учениците. |
| Учество во работата на стручните органи и тела во училиштето | Тековно | Директор, стручни соработници, наставници | Наставници | Придонес во работата на стручните органи и тела , подобрување квалитетот на воспитно-образовниот процес. |
| Водење педагошка евиденција и документација на сопствената работа | тековно | / | Педагог | Евидентирање на активностите и увид во сопствената работа . |
| Водење на евиденција за работата со ученици и родители | тековно | / | Педагог | Документирање на спроведените активности со учениците, наставниците и родителите. |
| Изработка на протоколи, соопштенија, формулари, службени покани, евидентни листи и сл. | По потреба | Директор, административна служба | Училиште | Навремено информирање на |
| Учество во работата на одделенските и наставничките совети, стручни активи. | наменски | Директор наставници | Наставници ученици | Согледување и утрдување на состојбите во наставата |
| **Потподрачје: Училишна клима, безбедна средина и демократско учење** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Учество во активности за креирање на позитивна социо - емоционална клима во училиштето | тековно | Вработени во училиштето , ученици, родители | Училиште, наставници, ученици | Поттикнување соработка меѓу сите чинители во училиштето заради создавање безбедина средина и позитивна клима. |
| Низа работилници за „ Врсничко насилство“ и последици меѓу учениците | Тековно | Ученици Наставници | Ученици | Препознавање, пријавување и осуда на врсничкото насилство кај учениците, развивање другарство и меѓусебно почитување |
| Учество во организирање на хуманитарни акции за помош на ученици од социјално ранливи категории | По потреба | Директор, наставници | Ученици | Успешно реализирање на хуманитарните акции и развивање на свест за меѓусебна помош и хуманост. |

Стручен соработник - педагог Катерина Спасеска

## 23. Извештај од работата на библиотеката

**Одговорни наставници:**

Емилија Милошекса

Сања К. Котевска

Јулија Милошекса

Владо Ристовски

Училишната библиотека во учебната 2024/2025 година, со разноликоста на своите содржини и активности, се стремеше да се вклопи во воспитно-образовниот процес. Преку книжевниот фонд кој го поседува, а кој беше комплетно реорганизиран и подреден според потребите на учениците, внесен во електронска евиденција, како и селектирање на оштетените книги, библиотеката и библиотечниот простор стана нивно секојдневие, потреба и катче каде воспитно поминуваат дел од своето време. Активностите се организираа според изготвената Годишна програма за работа на училишната библиотека. Се реорганизира и библиотекарска секција, во која доброволно членуваат ученици од 6-9 одделение и истите активно се вклучени во сите активности предвидени со Годишната програма на секцијата. Секцијата.

На почетокот на учебната година беа примени и распределени бесплатни учебници од 1-9 одд., испратени од МОН, за кои се води соодветна евиденција.

По повод **Меѓународниот ден за борба против корупцијата** (9-ти декември), на ден 16.12.2024 година, во нашето училиште беа организирани и реализирани повеќе активности со цел подигнување на свеста кај учениците за значењето на етичкото однесување и препознавање на корупцијата како штетна општествена појава.

## Реализирани активности

5. **Објаснување на основните поими**

   **Корупција** е злоупотреба на моќта за лична корист. Во неа спаѓаат: мито, непотизам, изнуда, протекција, проневера и измама.

   Учениците се запознаа и со значењето на следниве најпознати форми на корупција:

   **Мито** – нудење/примање пари, подароци или услуги за влијание врз некоја одлука.

   **Непотизам** – фаворизирање роднини или пријатели при вработување или доделување договори.

   Преку илустративни примери, односно реални и измислени сценарија, беа прикажани сите горенаведени поими.

6. **Дискусија**

   Учениците учествуваа во дискусија на тема: „Зошто корупцијата е штетна појава?“ Нивните одговори и ставови беа насочени кон поимите: правда, интегритет, доверба, институции, законитост.

7. **Интерактивен квиз: „ДА“ или „НЕ“**

   Учениците одговараа на прашања со ливчиња со натпис „ДА“ или „НЕ“, а потоа образложуваа зошто така одговориле. Во прилог следат дел од прашањата:

- Дали е корупција ако наставничка добие цвеќе за 8 Март? - НЕ (освен ако има скриена намера).
- Дали е корупција ако некој добие работа поради роднинска врска, без квалификации? - ДА (непотизам).
- Дали е корупција ако ученик бара оцена во замена за подарок? - ДА (мито).
- Дали е корупција ако ученик користи туѓи идеи во проект без да го наведе авторот/изворот? - ДА (плагијат).

Учениците активно учествуваа во препознавање на реални примери на неетичко однесување и корупција од секојдневниот живот.

8. **Извлекување заклучоци**

Учениците ја употребија техниката ***грозд*** со чија помош на табла ги запишуваа зборовите што ги поврзуваат со корупцијата:
мито, непотизам, измама, неправда, нечесност, сиромаштија, пропадната држава итн.

На крај, со наша помош, учениците го извлекоа следниов заклучок:
**„Корупција значи да ја сечеш гранката на којашто седиш!“**

Беше потенцирано и дека:

- Треба да се препознае и пријави секој обид за корупција.
- Важно е да се одолее на социјалниот притисок и да се поддржат вредности како што се правда и чесност.
- Единствен начин за изградба на здраво општество е активна борба против корупцијата.

## Општ заклучок од реализираните активности

Активностите спроведени на 16.12.2024 година беа успешни и позитивно прифатени од учениците. Преку едукативни и интерактивни наставни техники, учениците се запознаа со основните поими поврзани со корупцијата и нејзините последици врз општеството. Се поттикна критичко размислување и дискусија за етичките вредности, а учениците изразија интерес за продолжување со вакви активности и во иднина.

Во текот на месец јуни беше изработена и Програмата за работа на библиотеката и Библиотекарската секција, за учебната 2025/2026 година.

Библиотекари:
Сања К. Клечкароска
Емилија Милошеска
Јулија Милошеска
Владо Ристовски

## 24. Извештај од работата на Училишниот одбор

Училишниот одбор на ООУ „ Свети Климент Охридски“- с. Враслајца како орган на управување брои седум члена:

1. Наумка Велевачковска- претседател на УО- претставник од Совет на родители
2. Златко Мартиноски - заменик претседател- претставник од наставниците, стручни соработници и воспитувачи
3. Елизабета Спироска- член, претставник од родителите
4. Ангелина Малеска- член, претставник од родителите
5. Богоја Вељаноски- член, претставник на основачот- општина Струга
6. Гордана Наумоска- член, претставник од наставниците, стручни соработници и воспитувачи
7. Биљана Анѓелкоска Попоска- претставник од наставниците, стручни соработници и воспитувачи

На седниците на училишен одбор се поканувaат и во неговата работа учествуваат, без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент.

Според член 106 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 05.08.2019 година):

(1) Орган на управување на основното училиште е училишниот одбор
-врши интервју со кандидатите за директор,
-предлага на градоначалникот на општината, односно на министерот еден кандидат од пријавените кандидати на објавениот оглас за избор на директор,
-дава предлог до директорот за избор на наставници и стручни соработници,
-одлучува по приговорите и жалбите на вработените во основното училиште,
-одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици и
-врши и други работи утврдени со статутот на основното училиште.
(2) Училишниот одбор на основното училиште за поднесените жалби мора да одлучи во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата.
(3) Доколку подносителот на жалба е член на училишниот одбор истиот се иззема од процесот на на одлучување по жалбата.
Според член 108 од истиот закон надлежности на училишниот одбор се:
Училишниот одбор на основното училиште:
-донесува статут на основното училиште,
- предлага годишна програма за работа и извештај за работа на основното училиште до совет на општината, а државните основни училишта до Министерство,
-донесува Развојна програма на училиштето,
-предлага финансиски план до основачот,
-предлага завршна сметка до основачот,
-објавува јавен оглас за избор на директор во најмалку три дневни весници кои се издаваат на територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците кој се издава на на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазикразличен од македонскиот јазик.

Врз основа на законот за основно образование и Статутот на ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга училишниот одбор ја составува својата програма за работа. Соработката меѓу органот на раководење и органот на управување во едно училиште сигурно води кон успех и унапредување на дејноста на училиштето.

Улогата на УО во училиштето е опфатена во следните области :

- визија и развој на училиштето
- избор на клучен персонал
- надзор врз раководењето
- финансиски надзор
- прибирање средства
- подршка на проекти
- следење на квалитетот на оценувањето
- следење на благосостојбата на учениците
- подобрување на односите со властите

Земајќи ја предвид својата програма за работа Училишниот одбор во текот на учебната 2024/25 одржа 11 седници, со датум на одржување и дневни редови дадени во прилог.

| датум | Дневен ред |
|---|---|
| 08.07.2024 | 1. Избирање на стручен тим за подговка на програмата за екскурзии и други слободни активности за учебната 2024/2025 година и донесување одлука за формираниот тим.<br>2. Предлози, прашања, сугестии |
| 15.08.2024 | 1. Усвојување на записникот од претходната седница<br>2. Разгледување и усвојување  на годишната за работа на училиштето за учебната и програмата за екскурзии во учебната  2024/2025 година.<br>3. Разгледување и усвојување на посебните програми за учебната 2024/2025.<br>4. Предлози, прашања, сугестии |
| 30.09.2024 | 1. Разгледување и усвојување на записникот од претходната седница<br>2. Запознавање со наставните програми за основно образование.<br>3. Давање мислење и согласност за ученичките екскурзии за учебната 2024/2025 година.<br>4. Предлози, прашања, сугестии |
| 07.10.2024 | 1. Усвојување на записникот од претходната седница<br>2. Донесување на одлука за распишување на оглас за директор на училиштето.<br>3. Формирање на комисија за разгледување на документите по објавен оглас за директор<br>4. Предлози, прашања, сугестии |
| 25.10.2025 | 1. разгледување и усвојување на записникот од претходната седница<br>2. Интервју со кандидатите за директори и советникот од ПЕ БРО Струга<br>3. Разгледување на записникот од комисијата за разгледување на документите по објавениот оглсас за директор на училиштето<br>4. Донесување на одлука за давање предлог за именување на директор.<br>5. Предлог за директор на ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца<br>6. Предлози, прашања, сугестии |

| | |
|---|---|
| 29.10.2024 | 1. Усвојување на записникот од претходната седница<br>2. Разгледување и усвојување на развојната програма на училиштето<br>3. Предлози, прашања, сугестии |
| 11.11.2024 | 1. Усвојување на записникот од претходната седница<br>2. Усвојување на планот за финансии за 2025 година |
| | 3. Предлози, прашања, сугестии |
| 15.01.2025 | 1. Усвојување на записникот од претходната седница<br>2. Разгледување на пристигнатите документи за наставници и давање мислење до директорот на училиштето за пријавените кандидати.<br>3. Разгледување и усвојување на правилникот за видови пофалби, награди и педагошки мерки за учениците во училиштето<br>4. Предлози, прашања, сугестии |
| 29.01.2025 | 1. Разгледување и усвојување на записникот од претходната седница<br>2. Донесување решение за формирање на комисија за самоевалуација<br>3. Предлози, прашања, сугестии |
| 10.02.2025 | 1. Усвојување на записникот од претходната седница<br>2. Донесување на одлука за издавање под закуп на училишната спортска сала<br>3. Предлози, прашања, сугестии |
| 27. 02. 2025 | 1. Усвојување на записникот од претходната седница<br>2. Разгледвување и предлагање на усвојување на завршните сметки за 2024 година<br>3. Разгледување на извештајот од пописната комија за извршениот попис во училиштето во 2024 година<br>4. Донесување на одлука и утврдување на цената за издавање на површината во училиштето во училишниот двор.<br>5. Разгледување, утврдување и донесување на одлуки за правилници, кодекси и протоколи во училиштето.<br>6. Прашања, предлози, сугестии |
| 30.06.2025 | 1. Донесување решение за формирање стручен тим за подготовка на програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците во основното училиште.<br>2. Разгледување и усвојување на извештајот за самоевалуација.<br>3.Донесување на решение за користење на годишен одмор за директорот на основното училиште.<br>4.Донесување правилник за оценување, напредување и полагање на испити за ученици.<br>5. Разгледување и усвојување на планот за заштита и спасување од природни незгоди и други несреќи.<br>6.Разгледување и усвојување на проценката за заштита и спасување од природни незгоди и други незгоди. |

Согласно Статутот на ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Дрaслајца, Струга, Законот за основно образование, програмата и тековните потреби кои се во интерес на училиштето, училишниот одбор континуирано учествува во подобрувањето на квалитетот на наставата и воопшто работата на училиштето.

Претседател на УО,
Наумка
Велевачковска

## 25. Извештај од работата на Совет на родители

Советот на родители при ООУ „Свети Климент Охридски" – с. Драслајца, Струга во текот на учебната 2024/2025 година ги реализира своите активности како дел од програмата за работа на Советот.

Советот на родители делува во рамките на соработка на училиштето со родителите со цел разгледување на прашања од заеднички интерес за работата на училиштето и учениците, како и за прашања поврзани со реализација на процесот на воспитно – образовна работа во училиштето.

Советот на родители во своите надлежности:

- Дава мислење за предлог Годишната програма на училиштето;
- Расправа за Извештајот за работа на училиштето, како и за подобрување на успехот и поведението на учениците;
- Предлага програми за подобрување на стандардите во наставата;
- Дава согласност на предлозите на Директорот за воведување на повисоки стандарди;
- Се вклучува во организирање на јавниот и културниот живот на учениците, спортски и други манифестации, заштита на животната средина во училиштето и надвор од него;
- Ги организира другите родители за учество и реализација на јавниот живот во училиштето;
- Ги ангажира родителите за собирање донации;
- Активно учествува во реализација на меѓуучилишна работа во градот и надвор од него;
- Дава предлози и мислења до Советот на наставници и до Училишниот одбор за други прашања кои се од интерес за учениците и училиштето.

Советот на родители при ООУ „Свети Климент Охридски" – с. Драслајца, Струга, составен од 33 членови. Претседател на Советот е Елизабета Спироска.

**АКТИВНОСТИ НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ:**

| датум | Дневен ред |
|---|---|
| 05.07.2024 | 1. Разгледување и усвојување на годишниот извештај за учебната 2024/2025.<br>2. Разгледување на извештајот од контролниот инспекциски надзор по интегрална евалуација.<br>3.Разно |
| 08.07.2024 | 1.Избирање на стручен тим за подготовка на програмата за екскурзии и други слободни активности во училчиштето.<br>2. Разно |
| 15.08.2024 | 1. Давање мислење за годишната програма за работа на училиштето во учебната 2024/2025 година.<br>2. Давање на мислење за програмата за екскурзии за учебната 2024/2025 година<br>3. Разно |

| | |
|---|---|
| 30.09.2024 | 1. Запознавање со наставните планови и програми за основно образование.<br>2. Давање мислење и согласност за ученичките екскурзии предвидени за учебната 2024/2025 година.<br>3. Разно |
| 29.10.2024 | 1. Разгледување и освојување на развојната програма на училиштето |
| 11.04.2025 | 1. Давање согласност за извршување на еднодневен излет во Охрид<br>2. Давање согласност за ивршување на еднодневна екскурзија во Крушево |
| 30.06.2025 | 1. Разгледување на извештајот за самоевалуација на училиштето за учебната 2025-2027. |

Со ист елан, ентузијазам, идеи и желби за соработка на релација родител – училиште дете, Советот на родители при ООУ “Свети Климент Охридски“ - с. Драслајца од Струга ќе продолжи да работи и да придонесува за работата на училиштето

Претседател на Совет на родители
Елизабета Спироска

## 26. Извештај од работата на Наставнички совет

Наставничкиот совет како највисок стручен орган одржа состаноци. Состаноците на Наставнички совет се одржаа во следниве датуми:

| датум | Дневен ред |
|---|---|
| 05.07.2024 | 1. Разгледување и усвојување на годишниот извештај за учебната 2024-2025<br>2. Разгледување на извештајот од контролниот испекциски надзор по интегрална евалуација<br>3. Разно |
| 08.07.2024 | 1. Избирање стручен тим за подготовка на програма за екскурзии и други слободни активности во училиштето<br>2. Разно |
| 15.08.2024 | 1. Разгледување на годишната програма за работа во учебната 2024-2025, како и посебните програми за престојната година.<br>2. Распределба на часови.<br>3. Разно |
| 30.09.2024 | 1. Запознавање со наставните планови и програми за основно образование.<br>2. Давање мислење и согласност за училишните екскурзии предвидени за учебната 2024-2025.<br>3. Разно |
| 29.10.2024 | 1. Разгледување и освојување на развојната програма на училиштето.<br>2. Тековни проблеми |
| 14.11.2024 | 1. Разгледување, утврдување и усвојување на успехот и поведението за првото тромесечие од учебната 2024-2025<br>2. Разно |
| 02.12.2024 | 1. Педагошки мерки |
| 15.01.2025 | 1. Разгледување и утврдување на успехот и поведението на учениците од I – IX одделение за прво полугодие во учебната 2024-2025.<br>2. Разгледување на правилникот за видови пофалби, награди и педагошки мерки за ученици во училиштето и формирање комисија за истиот<br>3. Тековни прашања |
| 29.01.2025 | 1.Разледување на полугодишниот извештај за работа на училиштето.<br>2. Известување за процесот за самоевалуација во учебната 2025 година.<br>3. Избор на ментори за наставниците приправници.<br>4. Тековни прашања. |

| | |
|---|---|
| 27.02.2025 | 1. Разгледување и усвојување на кодекси, правилници и протоколи<br>2. Разно |
| 11.04.2025 | 1. Разгледување на успехот, поведението и редовноста на учениците од прво до деветто одделение за трето тримесечје за учебната 2024/2025 година.<br>2. Разно |
| 10.06.2025 | 1. Разгледување на успехот, поведението и редовноста на учениците од прво до деветто одделение за крајот на учебната 2024/2025 година.<br>2. Давање позитивно мислење за полагање стручен испит за наставникот приправник Златко Анѓелкоски, за неговата воспитно образовна работа во текот на приправничкиот стаж во период од 01.05.2024 до 30.04.2025 година.<br>3.Разно |
| 30.06.2025 | 1.Разгледување на извештајот од спроведената самоевалуација.<br>2.Номинирање на одделенски и предметни наставници за изготвување на годишна програма за работа на училиштето.<br>3.Предлог на членови од одделенски и предметн и наставници за формирање на инклузивен тим. |

## 27. Извештај од работата на Стручниот јазичен актив

Во текот на учебната 2024/25 година , Јазичниот актив во нашето училиште ја спроведе програмата за истиот која беше донесена на почетокот на учебната година. Членовите на јазичниот актив изготвија планирања во согласност со наставните програми изготвени од страна на Бирото за развој на образованието. Во рамките на јазичниот актив во текот на учебната 2024/2025 година се одржуваа консултативни средби со наставниците за размена на идеи и искуства за реализација на активностите во училиштето.

Во рамки на предметот Англиски јазик, се водеше дискусија за предизвиците во изучувањето странски јазици.

Учениците беа вклучени во различни активности во текот на целата учебна година.

- По предметот Англиски јазик ,учениците учествуваат во одбележувањето на патрониот празник на училиштето со кореографска изведба на песничката “My school”. По повод новогодишните празници , учениците од VII одделение подготвија рецитал.

- Учениците учествуваа во одбележувањето на Меѓународниот ден на водите( 22 март) и Денот на планетата Земја (22 април) со пишување пораки и изработка на постер.

**Учество на натпревари :**

- Ученичката Теона Костеска од V одделение и ученикот Христијан Спасески од VII одделение учествуваа на општинскиот натпревар по англиски јазик под менторство на наставничката Николина Мирјаноска

- Ученичката Тамара Чавкоска освои трето место на општинскиот натпревар по англиски јазик ,под менториство на наставничката Гордана Шумуликоска Меческа

Учениците во текот на учебната 2024/2025 година учествуваа на литературни конкурси со свои лични творби: поезија, проза и есеи по предметот македонски јазик.

- На 31.12 2024 година се реализира во училиштето интерен литературен конкурс за учениците од второ до деветто одделение на тема: „Новогодишната магија не зближува сите нас“. Учество зедоа повеќе ученици од предметна настава, а забележани и наградени беа творбите од:

  - ✓ Марија Анѓелеска 6-то б одд.
  - ✓ Миа Мангоска 9то а одд.
  - ✓ Тамара Чавкоска 9то б одд.

Учениците добија пофалници и книги на подарок како и ги прочитаа наградените творби пред публиката на Новогодишната приредба во училиштето.

- Ученици учествуваа на литературен конкурс во организација на издавачката куќа „Арс ламина“ и „Литература. мк„-Скопје со свои лични творби на темата „Читањето е супер моќ“ организирано со цел да се поттикне читањето книги кај учениците од основно образование. Ученици со свои творби:

  - ✓ Викторија Стрезоска 6то а
  - ✓ Јордан Будиноски 6то а
  - ✓ Филип Профилоски 6то а
  - ✓ Елизабета Дулеска 6то а

- Ученици учествуваа на литературен конкурс во организација на МОН во чест на Денот на усвојување на македонскиот јазик и македонската азбука, Петти мај-ден на македонскиот јазик. Свое учество со есеи пратија учениците на тема „Македонскиот јазик-мој идентитет, културно наследство и аманет“:

  - ✓ Горазд Ојлески 9то б
  - ✓ Миа Мангоска 9то а
  - ✓ Викторија Стрезоска 6то а
  - ✓ Елизабета Крстановска 6то а
  - ✓ Марија Анѓелеска 6то б
  - ✓ Наде Малеска 6то б

- Во однос на активностите, на петти ноември во рамките на училиштето се одржа интерпретативно читање на извадоци од книги и ученички лектири на сцената од училишната сала за приредби, по повод Месецот на книгата. Учество зедоа повеќе ученици од 6-то, 8-мо и 9-то одделение.

- На седми декември се одржа приредба по повод свечено одбележување на патронатот на училиштето “Свети Климент Охридски“ каде се изведоа во рамките на програмата: драмски, музичко-ритмички и рецитаторски изведби кои произлегоа од активностите на драмско литературната и рецитаторска секција во склоп на предметот Македонски јазик. Учество зедоа повеќе ученици од 6-то, 8-мо и 9-то одделение.

- Драмско –рецитаторската секција во рамките на предметот се состануваше активно низ текот на целата година со свои активности и вежби за развивање рецитаторски способности, јазично-сценско изразување и драмско интерпретирање на текстови.

Наставник: Весна Крстиновска Велоска
Учениците од седмо и осмо одделение учествуваа во интерактивни активности посветени на развивањето на јазичните вештини во рамките на предметот македонски јазик.

Активностите започнаа со интерактивни вежби за слушање и усно изразување, учениците слушаа кратки раскази, а потоа се отвори дискусија за нивната содржина. Оваа активност им помогнаа да развијат вештини за активно слушање, за разбирање на текстови, како и за стекнување самодоверба при усно изразување во врска со содржините на текстовите. Учениците пишуваа кратки состави на следниве теми: „Се разбудив во свет без современа технологија“, „Омилени обичаи и традиции од нашето поднебје“ и „Најголемите предизвици со кои се соочувам во тинејџерството“. Оваа активност кај учениците поттикна креативност, но и натпреварувачки дух при изразувањето.

- За Светскиот ден на поезијата, учениците читаа поезија од еминентни македонски автори, но пишуваа и презентираа и свои поетски дела. Оваа активност им овозможи да ја изразат својата креативност и да ја истражат убавината на нивниот мајчин, македонски јазик. Во продолжение, учениците учествуваа во разни игри и квизови со кои се тестираа нивните знаења и вештини, а ваквите игри на забавен начин ги поттикнаа да развиваат нови зборови и изрази.

- За патрониот празник на училиштето, учениците учествуваа во драмската претстава „Печалбари“ од Антон Панов преку која покажаа колку е важно изразувањето да биде соодветно за да се доловат ликовите од дело какво што е „Печалбари“. За предновогодишната приредба учениците повторно учествуваа со лични прозни и поетски творби, како и со глумење во кратки хумористични скечови. Пред самиот крај на учебната година, учениците учествуваа во уште една драмска претстава: „Момчето што немаше страв“.

Наставник Сања Котевска Клечкароска

Во текот на учебната 2024/2025 година, учениците од шесто и седмо одделение учествуваа во повеќе наставни активности по италијански јазик, со цел развивање на преведувачки вештини и збогатување на речникот преку темата „Слободно време и хобија“.

**Натпревари по италијански јазик**

- На ден 06.03.2025 година се одржа училиштен натпревар по италијански јазик за учениците од ООУ„Свети Климент Охридски“ с.Драслајца. Ученичките Викторија Стрезоска, Ана Мангоска и Елизабета Дулеска од паралелката VI$^{а}$ и учениците Марко Џутески, Марија Анѓелеска и Кристина Велевачковска од паралелката VI$^{б}$ учествуваа на училишниот натпревар. Ученичката Марија Анѓелеска го освои првото место и обезбеди учество на општинскиот натпревар по италијански јазик.

- На ден 26.03.2025 година во просториите на ООУ „Јосип Броз Тито“ во Струга се одржа општински натпревар по италијански јазик за учениците од основните училишта. Учениците Сара Милошеска и Христијан Спасески од паралелката VII$^{а}$ и ученичката Марија Анѓелеска од паралелката VI$^{б}$

учествуваа на општинскиот натпревар. Ученичката Сара Милошеска освои II место и обезбеди учество на регионалниот натпревар по италијански јазик за основните училишта. Ментор: Александра Тренески

- На ден 15.04.2025 година во просториите на ООУ „Јосип Броз Тито“ во Струга се одржа регионален натпревар по италијански јазик за учениците од основните училишта. Ученичката Сара Милошеска од паралелката VII$^{а}$ учествуваше на регионалниот натпревар и освои II место со што обезбеди учество на државниот натпревар по италијански јазик за основните училишта. Ментор: Александра Тренески
- На ден 09.05.2025 година во просториите на Филолошкиот Факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се одржа државен натпревар по италијански јазик за учениците од основните училишта. Ученичката Сара Милошеска од паралелката VII$^{а}$ учествуваше на државниот натпревар и освои VI место.

Членови на јазичниот актив:

- Весна Крстиновска Велоска
- Сања Котевска Клечкароска
- Гордана Шумуликоска Меческа
- Николина Мирјаноска
- Александра Тренески

## 28. Извештај од работата на природно - математичкиот Стручниот актив

Стручниот Актив на Природно – Математичките групи на предмети за учебната 2024/2025 година изготви годишна програма за работа и во најголем број успеа да ја реализира.
- Планирање, следење и анализа на реализираните задачи од воспитно – образовната работа;
- Дополнителна настава, додатна, подготвителна настава за полагање на поправни испити, планирање менторство и подготовка на учениците за натпревари и слично;
- Реализирани теми и одржани трибини на Стручниот Актив на Природно - Математичките Групи на Предмети во учебната 2024/2025 година по наставни предмети;

Реализирани теми на стручниот актив на природно-математичките групи:

| ***Датум*** | ***Тема, содржина на работна задача*** | ***Реализатор*** |
|---|---|---|
| 20.09.2024 | Начини за вклучување на ИКТ во природната група предмети | Тимска работа |
| 18.10.2024 | Презентација, техники на учење | Катерина Спасеска |
| 29.11.2024 | Аритметичка средина | Златко Анѓелкоски-Математика |
| 21.12.2025 | Примена на електромагнети | Билјана А. Попоска-Физика |
| 28.02.2025 | Тесалација-мозаици | Билјана А.Попоска-Математика |
| 28.03.2025 | Видови на варијација | Надица Кочоска-Биологија |
| 25.04.2025 | Универзален индикатор и PH скала | Анета Балоска-Хемија |
| 23.05.2025 | Хидрографски карактеристики на Северна Америка | Јулија Милошеска -Географија |

МАТЕМАТИКА

Во текот на првото и второто полугодие од учебната 2024/2025 година наставниците Златко Анѓелкоски и Билјана Анѓелкоска Попоска изведуваа редовна настава по предметот математика во шесто, седмо, осмо и деветто одделение во ООУ „Свети Климент Охридски" – с. Драслајца Струга. Беше изведувана дополнителна настава за ученици кои покажуваа слаб успех, како и додатна настава за ученици со поголем интерес за овој предмет. Во текот на изведувањето на наставата беа применети повеќе методи на работа (индивидуална работа, работа во парови, работа во мали групи). Беа применети различни листи на оценување (самооценување на претходни знаења за темата, самооценување на презентација, меѓусебно оценување на учениците, контролни тестови, наставни ливчиња, усни излагања на учениците). За работата, наставникот води наставничко портфолио, портфолио за учениците и има изработено дневни, тематски и годишни планирања.
На 27.03.2025 година беше одржан натпревар по математика во организација наПриродно-математичкото здружение АРМАГАНКА – Скопје , и како член на комисија наставниците се стекнаа со сертификат. На овој натпревар наставниците беа ментори на 10 ученици и беа постигнати следните резултати:

- ✓ Христијан Спасески I награда
- ✓ Емилијан Костески II награда
- ✓ Матеј Симевски III награда
- ✓ Александар Спироски II награда
- ✓ Ана Мангоска II награда
- ✓ Дора Филева III награда
- ✓ Викторија Стрезоска III награда
- ✓ Лазар Маџаровски III награда
- ✓ Марија Ангелеска пофалница
- ✓ Елизабета Дулеска пофалница

Наставник по математика:
Златко Анѓелкоски
Билјана Анѓелкоска Попоска

**ФИЗИКА**

**<u>Наставни планови и програми</u>**

Наставниот предмет физика е застапен во осмо и деветто одделение по 2 часа неделно. Наставните планови и програми на наставата по физика се изработени и навремено доставени до педагошката служба во училиштето. Доставени се годишно планирање, тематско процесно планирање, план и програма за додатна и дополнителна настава, како и СУА.

Имплементирани се еко-стандардите, активности од МИО и повеќе од 30% примена на ИКТ.

Корелацијата на физиката со екологијата е направена преку темата “Енергија ” во деветто одделение ,поточно наставните единици: “Обновлива енергија” и “Намалување на топлинска загуба”.

<u>Постигања на учениците</u>

Следењето на учениците се извршува преку различни методи, форми, инструменти за следење. За подобрите ученици се изведува додатна настава, за послабите дополнителна како и математичко-физичка секција.

Во текот на првото полугодие овие активности се одвиваа според следниот распоред:

Додатна настава I-ва седмица во месецот

Дополнителна настава III-та седмица во месецот

СУА II-ра седмица во месецот

Второ полугодие:

II-ра седмица во месецот

<u>Учење и настава</u>

Во текот на оваа учебна година имавме посета од страна на ученици од Турција , преку “Erasmus +”, кои следеа час по физика за осмо одделение: “Толкување на графикони растојание-време”.

Одржано е и предавање од стана на одговорен наставник по физика во склоп на Природно-математички актив во месец декември на тема: “Примена на електромагнети”.

**Оценување на постигањата на учениците**

- Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата (промените) на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување), со цел да се воспостават врските помеѓу учењето, поучувањето и оценувањето. Следењето на постигањата на учениците е составен дел на планирањето на наставата и на учењето.

- Оценувањето треба да се базира врз користење на повеќе различни методи за да се намалуваат слабостите и за да се земаат предвид различните стилови и предиспозиции за учење на учениците. Притоа, проверувајќи го напредокот во постигањата на учениците, наставникот може да ги насочува учениците кон поставените цели на наставата.

- Оценувањето треба да биде праведно, т.е. да се спроведува непристрасно, како при вреднувањето на постигањата, така и при интерпретацијата и користењето на резултатите.

- Оценувањето треба да се врши транспарентно, што подразбира дека учениците треба точно да знаат кои се целите на наставата, кои се очекуваните постигања и како тие постигања ќе се оценуваат. Тоа значи дека учениците треба да знаат зашто и што треба да научат и што, како и кога ќе се оценува.

- Учениците и родителите континуирано треба да имаат увид во оценувањето.
- Начини на проверување и оценување :
- усни одговори на прашања поставени од наставникот или од ученици, разговор меѓу наставникот и учениците и разговор меѓу учениците;
- писмени извештаи на податоци од истражувањата;
- практична изведба(вежби, моделирање, изработка на цртежи, скици, други графички материјали, примена на формули);
- проектна работа (набљудување, предвидување, собирање податоци и објекти, мерење запишување и прикажување на податоците, презентирање);

**Научното истражување се фокусира врз:**

- дискутирање како идеите да се претворат во форма која може да се провери;
- правење на предвидувања користејќи научно знаење и разбирање ;
- избирањето докази потребни за истражување на конкретни прашања, проверување дали доказите се доволни ;
- правење низа набљудувања и мерења, правилно користејќи едноставна опрема;
- користење на табели, дијаграми и графикони за прикажување на резултати ;
- правење на споредби ;
- извлекување заклучоци од добиените резултати и правење дополнителни предвидувања.
- работа во група;
- разговор
- дијалог наставник - ученик;
- контролни листови, тестови на знаења;
- домашни работи;
- чек листи.

Постигањата на учениците во текот на наставната година се оценуваат бројчано.

Наставник по физика:
Билјана Анѓелкоска Попоска

**ГЕОГРАФИЈА**

**Наставни планови и програми**

Наставните планови и програми за наставата по географија се изработени и навремено доставени до педагошката служба и Директорот на училиштето .Истите се изработени според планот – барањата на Министерството за образование и Бирото за развој на образованието .

Доставено е годишно планирање , тематско – процесно планирање , програми за дополнителна , додатна настава и слободни ученички активности .

**Постигања на учениците**

- Следење на постигањата на учениците се извршува преку разни методи , форми и инструменти за следење . За послабите ученици редовно се изведува дополнителна настава , а за подобрите и додатна настава , како и слободни ученички активности .

**Учење и настава**

- Наставата се одвива според однапред направениот план за работа

**Следење на напредокот на учениците**

- Оценувањето на учениците е објективно , реално и транспарентно и истото се заснова на пропишаните правила и норми .

- Следењето на постигањата на учениците се врши континуирано , преку разни чек листи , чек листи по Блумова таксономија , за секој ученик пооделно , се бележи во евидентни листови за континуирано следење на учениците . За поголема нагледност и транспарентност за секој ученик се води и ученичко портфолио .

**Обуки и семинари , потврди и сертификати**
Во текот на оваа учебна година беа одржани
Erasmus+ Group Mobility of Pupils - 28.10.2024-01.11.2024 - Сертификат

Erasmus+ School Education project - 27.10.2024- 02.11.2024 - Certificate of mentorship

Пролетен семинар за наставници и професори по географија од основните и средни училишта Македонско Географско Друштво - Центар за кариера , ПМФ - 04.04.2025 - Сертификат

Наставник по географија
Јулија Милошеска

**Биологија**
**Наставни планови и програми**
Наставните планови и програми на наставата по биологија за VII , VIII и IX одд , се изработени и навремено доставени до психолошко – педагошката служба во училиштето и Директорот. Истите се изработени според планот – барањата на Министерството за образование и Бирото за развој на образованието.
Доставено е годишно планирање , тематско процесно планирање, програми за дополнителна и додатна настава и слободни ученички активности.
Имплементирани се еко стандардите, активностите од МИО проектот, и повеќе од 30% примена на ИКТ.
**Постигања на учениците**
- Следењето на постигањата на учениците се извршува преку различни методи, форми, инструменти за следење. За послабите ученици редовно се изведува дополнителна настава, а за подобрите и додатна настава , како и слободни ученички активности.

Дополнителна настава - секоја 2 недела во петок , после 6 час
Додатна настава - секоја прва недела во петок после 6 час
Слободни ученички активности - секоја трета недела во петок после 6 –ти час

**Учење и настава**
- Наставата се одвива според однапред направениот план за работа, до сега не се направени отстапки поради било која причина
- Реализиран е отворен нагледен час во месец Март за видови на варијации .

**1) Поддршка на учениците - следење на напредокот**
- Оценувањето на учениците е објективно, реално и транспарентно и истото се заснова на пропишаните правила и норми.
- Следењето на постигањата на учениците се врши континуирано, преку разни чек листи, аналитички скали, скали на проценка и сл., чек листи по Блумова таксономија за секоја тема, за секој ученик одделно (насочено следење), се бележи во евидентни листови за континуирано следење на учениците. За поголема нагледност и транспарентност, за секој ученик се води ученичко портфолио.
**2) Обуки, семинари и сертификати**
- Учество на на натпрвари по биологија, и добиени сертификати од општински, регионални и државни натпревари.
- Сертификат од Еразмус + програмата на тема Булинг.

**3) Натпревари**
Натпревар по биологија ( општински, регионален и државен) на кои учество зема 1 ученик од IX одд.

Награди на натпревари:
- **Општински натпревар**
Миа Мангоска - прва награда
**Регионален натпревар**
Миа Мангоска - втора награда

**Државен натпревар**
Миа Мангоска - трета награда

Натпревар по прва помош на кој учество зедоа ученици од VII, VIII и IX одд., и освоија трета награда на општинско ниво.

Според работните должности на почетокот на учебната година изработени се основните планирања за работа и изведување на наставата по предметот Биологија. Изработени се глобални, годишни планирања за изведување на наставата по Биологија во VII, VIII и IX одд. Според наставните програми изработени од страна на бирото за развој на образованието, усвоени од страна на МОН. Наставникот исто така изведува и дополнителна и додатна настава за кои има изработено и доставено план и програма.
Учествува во работата на еко одборот како негов член и ја води биолошката секција. Со биолошката секција учествува на активности предводени од страна на Еко –свест во Вевчани, на тема Мечката и нејзиниот свет. Во рамките на биолошката секција се изведоја низа на слободни ученички активности при која учениците ракуваа со микроскоп, подготвуваа свежи препарати и истите ги набљудуваа под микроскоп, собираа растенија за подготвување на хербариум и албум со лековити растенија.
На натпреварите по Биологија организирани од страна на Македонското Биолошко друштво учествуваше како ментор и тестатор, со кои освои значајни награди. На општинско ниво прва награда, регионален натпревар втора награда и на државен натпревар трета награда.

Наставник по биологија : Надица Кочоска

**<u>Хемија</u>**

Во текот на првото и второто полугодие од учебната 2024/2025 година наставничката Анета Балоска Наумоска изведување редовна настава по предметот Хемија во осмо и деветто одделение во ООУ„Св. Климент Охридски“ с. Драслајца – Струга.

**<u>Наставни планови и програми</u>**

Наставните планови и програми на наставата по Хемија за осмо и за деветто одделение, се изработени и навремено доставени до педагошката служба во училиштето и Директорот. Истите се изработени според планот – барањата на Министерството за образование и Бирото за развој на образование.

Доставено е годишното, тематското процесно планирање, програми за дополнителна, додатна настава, слободни ученички активности како и примена на ИКТ во наставата.

**<u>Постигања на учениците</u>**

- Следењето на постигањата на учениците се извршува преку различни методи, форми, инструменти за следење.

Беше изведувана дополнителна настава за ученици кои покажуваа слаб успех, додатна настава за ученици со поголем интерес за овој предмет, како и слободни ученички активности.

**<u>Учење и настава</u>**

Наставата се одвива според однапред направениот план за работа, до сега не се направени отстапки поради било која причина.

1) **<u>Подршка на учениците – следење на напредокот</u>**

- Оценувањето на учениците е објективно, реално и транспарентно и истотот се заснова на пропишани правила и норми.

- Во текот на изведувањето на наставата беа применети повеќе методи на работи (индивидуална работа, работа во парови, работа во мали групи).
- Следењето на постигањата на учениците се врши континуирано преку различни листи на оценување:
  - Разни чек листи (по Блумова таксономија за секоја тема),
  - Аналитички скали и скали за проценка,
  - Самооценување на претходни знаења за темата,
  - Самооценување на презентација,
  - Меѓусебно оценување на учениците,
  - Контролни тестови,
  - Наставни ливчиња,
  - Усни излагања на учениците.

За поголема нагледност и транспарентност, за секој ученик се води ученичко портфолио, а за рсботата на наставникот се води наставничко портфолио со изработени дневни, тематски и годишни планирања.

**2) <u>Обуки и семинари, потврди и сертификати</u>**

- Сертификат и потврда за учество во Erasmus + Group Mobility od Pupils за Еразмус (Времетрање во часови: по 1 час на ден: 28.10.2024 и 01.11.2024)
- Учество на семинар по хемија за VII одделение по новата концепција (крај на Јуни).

**3) <u>Натпревари</u>**

- Натпревар по Хемија (општински, регионален и државен) на кои учество зеде една ученичка Тамара Чавкоска од IX одделение и јас како нејзин ментор.
- На ден 21.02.2025 година се одржа општински натпревар по хемија во организација на Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија, акредитиран од МОН за организација на натпревари по хемија за ученици од основни и средни училишта во просториите на ООУ„Св. Климент Охридски“ с. Драслајца - Струга. Ученичката Тамара Чавкоска од паралелката IX б учествуваше на општинскиот натпревар каде освои I место и обезбеди учество на регионалниот натпревар по хемија. Како нејзин ментор бев јас - Анета Балоска Наумоска.
- На ден 12.04.2025 година се одржа регионален натпревар по хемија во организација на Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија, акредитиран од МОН за организација на натпревари по хемија за ученици од основни и средни училишта во просториите на ООУ во Кичево. Ученичката Тамара Чавкоска од паралелката IX б учествуваше на регионалниот натпревар и освои I место каде обезбеди учество на државен натпревар по хемија. Ментор: Анета Балоска Наумоска.
- На ден 17.05.2025 година се одржа државен натпревар по хемија во организација на Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија, акредитиран од МОН за организација на натпревари по хемија за ученици од основни и средни училишта во просториите на Природно-Математичкиот факултет во Скопје. Ученичката Тамара Чавкоска од паралелката IX б учествуваше на државниот натпревар и освои III место. Ментор: Анета Балоска Наумоска.

**<u>Предметен наставник - наставник по Хемија</u>**

**<u>Анета Балоска Наумоска</u>**

## 29. Извештај од работата на стручниот Актив по техничко образование и информатика

**Членови на стручниот актив**:

- Емилија Милошеска - наставник по ТО и информатика
- Јован Белкоски - наставник по ТО и информатика

Во рамките на редовната настава по предметот информатика и техничко образование и информатика се вметнати содржини од ЕКО-стандардите, како и активности од МИО. Истите, досега се реализирани онака како што имам испланирано во годишните програми.

На ден се одржа 12.02.2025 по повод недела на информатиката, учениците од VI одд. зедоа активно учество во прокетот кој имаше важна и актуелна тема „Предобро за да биде вистинито.Да се заштитиме од онлајн измами“.

Учениците изратија различни програми во Scrath на дадената тема со што се долови насловот и исто така учениците научиа како да се заштитат од онлајн измами.

Во учебната 2024/25 година, програмата по предметот Техничко образование и информатика за петто одделение од активот на природните науки (техничко, информатика, математика) беше во целост реализирана.

По повод големиот христијански празник Велигден, наставникот по Техничко образование и информатика заедно со учениците од петто одделение во централното училиште “Св.Климент Охридски” во с.Драслајца и подрачните училишта во с. Мороишта и с.Ложани подготвија велигденски украси, макети и модели кои беја изложени на училишниот базар кој се одржа на 28 Април 2025 година.

Се дискутираше со учениците како се утврдува продажна цена на еден изработен продукт, кој го изложија на училишниот базар.

Извештајот го подготви: Емилија Милошеска и Јован Белкоски

## 30. Извештај од активот на општествени науки

Во учебната 2024/25 година, програмата по предметите од активот за општествени науки (граѓанско образование, историја, историја и општество, географија, етика, етика на религиите) беше во целост реализирана.

Според новата концепција за основно образование во шесто одделение исто така програмата беше реализирана во предметот „Историја и општество“ и предметот „Историја на религиите“ по модули како што е пропишано во истата.

По повод патронoт ден на училиштето, наставникот по историја заедно со учениците од историската секција подготвија предавање за учениците за животот и делото на нашиот патрон Св. Климент Охридски. Во склоп на работата на историската секција исто така беа постигнати значајни активности во текот на целата година како на пример: Предавање за 8 Ноември „Денот на ослободувањето на Струга”, 11 Октомври – Денот на Македонското народно востание, прибирање на историски документи, изработки на постери, плакати и хамери, како и историски ленти со најзначјните историски моменти.

Беа одржани и неколку дебати по предметот граѓанско образование со учениците од деветто одделение на часовите според програмата. Некои од нив ја разработуваа темата на Сајбер-булингот, Меѓуврсничкото насилство, Корупцијата во државата и борбата против неа (антикорупција).

Претседател на активот
Мирче Лазоровски

## 31. Извештај од работата на Стручниот актив по ФЗО, музичко и ликовно образование

**Извештај за работата на активот по физичко и здравствено образование**
**Наставници по физичко и здравствено образование: Златко Мартиноски, Марино Велоски, Наумче Спасески**

Во учебната 2024/2025 година се одржуваа спортски активности како натпревари во фудбал со натпреварувачки карактер и пријателски карактер помеѓу училишта.

-Во октомври 2024 година се одржа општински натпревар по футсал кој се одвиваше во спортскиот балон Ултрас – Струга. На општинскиот натпревар учествуваше нашето училиште ООУ „Свети Климент Охридски“ со екипа од следните ученици:

1.Лука Спасески
2. Алексеј Милошески
3. Филип Спасески
4.Лука Спасески
5. Златко Ламбески
6.Илија Стојаноски
7. Александар Спироски
8. Иринеј Попоски

- Во месец ноември се одржа пријателски натпревар во фудбал во спортската сала од нашето училиште каде гости беа ученици од ООУ „ Мурат Лабуништи“ од село Боровец. Учествуваа следните ученици:

1.Лука Спасески
2. Алексеј Милошески
3. Филип Спасески
4.Лука Спасески
5. Златко Ламбески

6.Илија Стојаноски
7. Александар Спироски
8. Иринеј Попоски

**Наставник по физичко и здравствено образование:**
**Марино Велоски, Златко Мартиноски, Наумче Спасески**

**Наставен предмет:** Музичко образование
**Образовно ниво:** Основно образование (VI – IX одделение)
**Наставна година:** 2024/2025
**Координатор на активот:** Пеце Климоски
**Дата на изготвување:** 10.06.2025

Извештај за на активностите и резултатите од работата по музичко образование за учебната 2024/2025 година. Во рамките на активот се реализираа планирани активности кои беа насочени кон унапредување на наставната практика, поддршка на учениците и развој на наставниот кадар.

## Реализирани активности

| **Број на состаноци** | **Реализирани** | **Коментар** |
|---|---|---|
| Планирани: 8 | Реализирани: 8 | Вклучително и дополнителни состаноци за подготовка на приредби и настани |
| **Активности по месеци:** | | |
| • **Септември:** Анализа на наставната програма; изработка на годишни и тематски подготовки. | | |
| • **Октомври:** Работилница за интегрирање и корелација на предметот музичко образование со други наставни предмети (јазик, историја, географија, математика, физичко и здраствено образование и ликовно). | | |
| • **Ноември:** Реализиран јавен час во VIII одделение на тема „Традиционална музика во Македонија“. | | |
| • **Декември:** Успешна подготовка и изведба на музичка точка за новогодишна приредба и приредба по повод патронатот на училиштето. | | |
| • **Јануари:** Анализа на успехот од првото полугодие; самоевалуација на наставата. | | |
| • **Февруари:** Посетен вебинар на тема „Користење на дигитални алатки во музичка едукација (YouTube, Noteflight, Chrome Music Lab)“. | | |
| • **Март – Април:** Подготовка и учество на ученици на училишни и општински музички настани. (8 Март, 1 Април, 28 април- базар , 21 мај, 10 јуни крај на учебна година). | | |
| • **Мај:** Организирање на вонваставна активност – „Ден на музиката“ со учество на ученици од сите одделенија. | | |
| • **Јуни:** Завршна евалуација и изготвување на овој извештај. | | |

**Остварени цели**

| Цел | Степен на остварување | Коментар |
|---|---|---|
| Унапредување на наставната практика | Остварена | Применети се нови наставни методи, мултимедија и групна работа |
| Размена на искуства меѓу наставниците | Остварена | Одржани се меѓусебни часови на набљудување и дискусии |
| Подготовка на ученици за јавни настапи | Остварена | Ученици учествуваа на приредби, натпревари и културни манифестации |
| Стручно усовршување на наставниците | Остварена | Реализирана внатрешна обука; посета на еден вебинар |
| Вклучување на локалната заедница | Делумно | Соработка постои, но има простор за поголема вклученост |
| Меѓупредметна интеграција | Остварена | Интегрирани теми со историја, јазик, уметност и информатика |

Работата на Стручниот актив по музичко образование во учебната 2024/2025 година се реализираше успешно. Сите планирани активности беа реализирани со високо ниво на ангажман и креативност од страна на наставниците. Забележано е зголемено учество на учениците во музичките активности, како и развој на нивните музички и изведбени способности.

**Препораки за следната година:**

1. Поголемо вклучување на родителите и локални уметници во наставни и вонналставни активности.
2. Продолжување со дигитализација на наставниот процес.
3. Организирање заеднички проект со други предметни активи.
4. Поттикнување на интершколска соработка со други основни училишта.

**Предметен наставник по музичко образование :** Пеце Климоски

По предметот ликовно образование, одржана е посета на изложба во мај 2025 година во Струга, со учениците од IX одд. Со цел учениците да научат што е поставка на една изложба; да научат како треба да се однесуваат во изложбениот простор, како се разгледува поставката на делата ако тоа се слики, скулптури или графички дела.

За денот на детето со учениците од VII одд, одржана е активност со изработување на разни ликовни творби кои вклучуваат плакати и пароли посветени за Универзалниот ден на детето (ноември 2024г.)

Патронатот на учичиштето “Св. Климент Охридски” – и 60 години јубилеј на училиштето е изведена изложба од страна на ученици од VI до IX одд. ( декември 2024г.) Со цел учениците да научат како се уредува просторот кога станува збор за изложување ликовни творби. Притоа во текот на настапите по

повод патронатот е одржана активност со ученик од VII одд. – Цртање на ликот на Свети Климент Охридски со техника јаглен.

По повод големиот верски празник – Велигден , во училиштето е одржан е велигденски базар со учениците од сите подрачни училишта, притоа учениците од VI, VII и VIII одд. изработија проекти со тема на празникот кои беа изложени во холот на училиштето каде што е одржуван базарот со цел посетителите да имаат можност да ги видат.

Активност - Разгледување на каталози, списанија и различна литература од областа на ликовната уметност и дискусии околу истото со учениците од IX одд. ( Април 2025г.)

Групна работа во природа. Март - месец на екологијата

Цел и задачи: Учениците да научат да творат во услови надвор од училиштето; користејќи различни материјали; собирање и рециклирање на отпадоци; креирање на творби со скулптурален карактер, со учениците од VII одд.

Со самиот крај на учебната година со учениците е изведена активност со цел да се погрижат за естетскиот изглед на училишниот простор; декорација на ѕидовите – цртање на групни ликовни творби кои притоа се поставе и низ холовите на училиштето. И поставување на селектираните цртежи на ученици од сите одделенија.

Наставник по ликовно образование: Ангела Махоска

## 32. Годишен извештај на Одделенски совет на I одделение

Во текот на учебната 2024/2025 година, стручниот актив на прво одделение успешно ги реализираше предвидените активности согласно годишната програма за работа. Работата започна уште во август, со утврдување на целите и задачите на активот, изготвување на годишен план за работа, како и поделба на активности меѓу наставниците. Беа подготвени посебни планови за животни вештини, ЕКО-стандарди, како и план и програма за изведување екскурзии.

Во текот на август се реализираше и подготовка на наставниот процес преку уредување на училниците, креирање на работни катчиња и координација околу распоредот на часови. Се изврши планирање на употребата на ИКТ во наставата, со застапеност од најмалку 30% во наставните часови, а се договорија и формите за евалуација преку писмени проверувања, вежби и контроли.

Во септември се изврши тематско и неделно планирање, беше организирана родителска средба со презентација на годишните планови, а се реализираше и посета на библиотека, со што се поттикна интересот кај учениците за читање. Се применуваа активни методи на настава со акцент на ученичка вклученост.

Во текот на октомври и ноември се следеше напредокот на учениците преку редовна проверка на знаењата, контроли и анализи. Се водеше евиденција за присуството, и се изготвија подготовки за одделенски совет со анализа на постигањата по првото тромесечие.

Во декември се реализираа еколошки активности преку уредување на училницата, а учениците учествуваа и во новогодишната приредба. Беше извршено известување на родителите за постигањата на учениците.

Во јануари се анализираа резултатите од првото полугодие, со цел планирање на активности за понатамошно унапредување.

Во февруари се реализираа активности поврзани со запознавање на учениците со содржините од втората тема и набљудување на природата во зимски услови.

Март беше посветен на рефлексија и презентација на работата по втората тема, реализирање на еколошки занимливости и подготовка за излет. Еднодневниот излет се реализираше во мај со активно учество на учениците.

Во април, учениците учествуваа на Велигденскиот базар, а посветено се работеше со ученици кои покажаа послаб успех. Се направи анализа на контролни тестови со цел насочување на понатамошната работа.

Работата на активот заврши во јуни со следење на педагошката евиденција, дополнителната и додатната настава, како и состојбата со ученичките отсуства. Се изврши евалуација на работата на активот и подготовка на материјали за завршниот одделенски совет.

Совет на одделенски наставници: одговорни наставници во прво одделение.

## 33. Годишен извештај на Одделенски совет на II одделение

Во текот на учебната 2024/2025 година, наставниците од второ одделение активно и континуирано работеа на унапредување на воспитно-образовниот процес, согласно претходно изготвената годишна програма на стручниот актив. Во месец август беа утврдени целите и задачите на активот, беше изготвена годишна програма за работа, како и посебни планови за животни вештини, ЕКО-стандарди и екскурзии. Секој наставник доби конкретни задолженија во рамките на тимската организација.

Наставниците се посветија на приспособување на училниците и создавање поттикнувачка средина преку работни катчиња. Истовремено беше усогласен распоредот на часови и се дефинираше начинот на примена на ИКТ во наставата, со планирано вклучување од најмалку 30% во часовите. Се изврши планирање на начинот и формите на проверка на ученичките знаења.

Во септември се реализираа тематски и неделни планирања, организирана беше прва родителска средба со презентација на планираните наставни активности, како и активности за поттикнување читање преку посета на библиотека. Во наставата активно се применуваа интерактивни и ученички ориентирани методи.

Во октомври се спроведоа контролни задачи и писмени проверувања за следење на постигањата, а наставниците во активот заеднички се договорија за унапредување на дневните подготовки. Ноември беше посветен на следење на напредокот кај учениците, анализа на присуството и подготовка на материјали за одделенски совет. Се изврши и анализа на постигнувањата на учениците во првото тромесечие.

Во декември се одржа втора родителска средба со цел известување за ученичките постигнувања, а училниците беа естетски уредени во согласност со ЕКО-стандардите. Учениците активно се вклучија во подготовките и учеството на новогодишната прослава. Се следеше напредокот по сите наставни предмети.

Јануари беше резервиран за анализа на првото полугодие и ревизија на постигнувањата, со што се создаде основа за понатамошно планирање. Во февруари учениците се запознаа со целите и активностите од наставните содржини во рамките на втората тема, а преку набљудување на природата во зимски услови се поттикнуваше практичната примена на знаењата. Постојано се следеше напредокот кај учениците со цел благовремена интервенција.

Во март се презентираа рефлексии од втората тема и беа организирани едукативни активности поврзани со еколошка свест. Родителите беа навремено информирани за ученичките постигнувања, а учениците беа подготвени за претстојниот излет, кој успешно се реализираше во мај.

Месец април беше исполнет со активности кои придонесоа за развој на креативноста – организиран беше Велигденски базар. Се спроведе дополнителна поддршка за ученици со послаб успех, а беа анализирани резултатите од контролни тестови за подобра насоченост на наставата.

Во јуни наставниците водеа ажурна педагошка евиденција, ја следеа реализацијата на дополнителната и додатната настава, и ја анализираа состојбата со отсуствата. Годината заврши со евалуација на целокупната работа на активот и подготовка на податоци за одделенскиот совет.

Совет на одделенски наставници: одговорни наставници во второ одделение.

## 34. Годишен извештај на Одделенски совет на III одд.

Во текот на учебната 2024/2025 година, наставниците од трето одделение реализираа низа активности насочени кон унапредување на воспитно-образовната работа, во согласност со утврдената годишна програма на стручниот актив.

Активностите започнаа во август, кога се утврдија целите и задачите на активот, беше подготвена годишна програма, како и посебни планови за животни вештини, еко-стандарди и екскурзии. Секоја наставничка доби конкретни задолженија, а се поставија основите за успешна координација во текот на целата учебна година. Се уредија училниците и беа оформени работни катчиња за поддршка на активната настава. Распоредот на часови беше усогласен, а се испланира и примената на ИКТ алатки во наставата, во согласност со предвидената застапеност од најмалку 30%.

Во септември се изврши тематско и неделно планирање, беше одржана родителска средба со презентација на наставните содржини, а учениците посетија библиотека и учествуваа во активности со примена на активни методи на учење. Овие пристапи значително придонесоа за поттикнување на ученичката заинтересираност и активност.

Октомври и ноември беа посветени на проверка и анализа на ученичките постигнувања преку писмени проверувања, вежби и контроли. Се следеше и присуството на учениците, а наставниците заеднички договараа подобрувања во дневното планирање. Се изготвија податоци за одделенскиот совет и беше направена анализа на успехот на учениците во првото тромесечие.

Во декември наставниците ги информираа родителите за напредокот на нивните деца, се работеше на естетско уредување на училниците во рамки на примената на еко-стандардите и се подготвуваа учениците, активно да земат учество во новогодишната прослава. Се продолжи со следење на постигнувањата и во предметите што ги изведуваат други наставници - англиски јазик.

Јануари беше месец на евалуација на првото полугодие. Се следеше реализацијата на наставните часови, како и постигнувањата и присуството на учениците. Февруари продолжи со реализација на наставата по теми и активности, преку што се поттикна развојот на практични знаења кај учениците. Се следеше успехот по сите предмети и се интервенираше каде што беше потребно.

Во март, беа организирани интернет-активности поврзани со еколошки занимливости, а родителите беа известени за тековниот напредок на учениците и целите на претстојниот излет. Екскурзијата беше успешно реализирана во мај, со што учениците добија можност за учење преку директно искуство.

Во април се организираше Велигденски базар, поттикнување на креативноста кај учениците. Наставниците посветија дополнително внимание на ученици со послаб успех, преку индивидуализирана дополнителна настава, а беа направени и анализи на контролни тестови.

Учебната година заврши во јуни со водење и проверка на педагошката евиденција, следење на присуството, како и реализацијата на наставата по сите предмети. Активот изврши самоевалуација на својата работа и ги подготви завршните извештаи за одделенскиот совет.

Совет на одделенски наставници: одговорни наставници во трето одделение.

## 35. Годишен извештај на Одделенски совет на IV одделение

Наставниците од четврто одделение во текот на учебната 2024/2025 година работеа согласно Годишната програма на стручниот актив, со цел континуирано унапредување на воспитно-образовната практика и поддршка на целокупниот развој на учениците.

Во август беа поставени темелите на тимската работа преку утврдување на целите и задачите на активот. Се изготвија планови за работа – годишна програма, план за животни вештини, план за еко-стандарди, како и програма за екскурзии. Секој наставник презеде определени обврски во рамките на активот. Просторот за настава беше адаптиран и збогатен со работни катчиња, а беа договорени распоредот на часови и термините за средби на активот.

Со почетокот на септември наставниците преминаа на конкретна реализација на наставата преку тематски и неделни планови. Родителите беа запознаени со целите и содржините на наставата на првата родителска средба. Посетата на библиотека и користењето на ИКТ алатки беа дел од пристапот за стимулирање на читање и дигитална писменост, а наставата се базираше на активна и ученичко-центрирана методологија.

Во октомври и ноември беа спроведени писмени проверувања, контролни задачи и вежби со цел следење на постигањата. Наставниците заеднички се консултираа за унапредување на планирањето, а редовно се следеше и ученичкото присуство. Се подготви анализа на резултатите за одделенскиот совет и беа идентификувани области каде што е потребна дополнителна поддршка.

Во декември се реализираше втората родителска средба, каде родителите добија повратна информација за постигањата на своите деца. Учениците учествуваа во активности поврзани со еко-стандардите преку уредување на училницата, како и во новогодишната прослава, преку соработка со ученици од други одделенија. Се следеа постигнувањата по сите предмети, вклучително и оние изведувани од предметни наставници.

Во јануари беше направена сеопфатна анализа на реализацијата на наставните часови и ученичките резултати од првото полугодие. Во февруари учениците беа воведени во наставните содржини на втората тема, а се поттикнуваше еколошката свест и практична примена на знаењата. Се водеше постојано следење на ученичкиот успех.

Март беше месец за презентација и рефлексија на постигнувањата, како и за изведување активности поврзани со еколошки занимливости преку користење на интернет ресурси. Се одржа родителска средба со известување за напредокот, како и подготовка за излетот. Во мај истиот излет беше успешно реализиран со рекреативно - едукативен карактер и активно учество на учениците.

Во април наставниците организираа Велигденски базар, преку кој се поттикна уметничкиот израз на учениците. Се спроведоа дополнителни часови со ученици со пониски постигања, а беа анализирани резултатите од контролни тестови за подобра насока на идните наставни чекори.

Во јуни беше следена и ажурирана педагошката евиденција, како и евиденцијата за дополнителна и додатна настава. Се направи анализа на оправданите и неоправданите отсуства. Учебната година заврши со евалуација на работата на активот и подготовка на податоци за одделенскиот совет, при што се направи преглед на реализацијата на наставата по сите предмети.

Совет на одделенски наставници: одговорни наставници во четврто одделение.

## 36. Годишен извештај на Одделенски совет на V одд.

Во Во текот на учебната 2024/2025 година, наставниците од петто одделение работеа организирано и координирано согласно со Годишната програма на стручниот актив. Главниот фокус беше насочен кон унапредување на наставниот процес, следење на постигањата на учениците, подобрување на соработката со родителите, како и примената на современи наставни методи и дигитални алатки.

Активностите започнаа во август со подготовка на годишната програма, распределба на задачи и изготвување на планови за работа: план за животни вештини, еко-стандардите и екскурзии. Наставниците ги организираа и адаптираа училниците за учебната година, креираа работни катчиња и го усогласија распоредот на часови. Се договорија и редовните термини за состаноци на активот. Особено внимание беше посветено на планирањето на ИКТ-застапеноста, при што се вклучи дигитална поддршка во најмалку 30% од наставните часови.

Во септември беа подготвени тематските и неделните планирања, се одржа родителска средба со презентација на наставните содржини и цели, и се реализираа активности поврзани со посета на библиотека и имплементирање на активна настава. Учениците беа вклучени во интерактивни активности кои поттикнуваа критичко размислување и соработка.

Во октомври и ноември беа реализирани писмени проверувања, контролни прашања и вежби, со цел утврдување на постигнувањата на учениците. Се следеше редовноста и дисциплината преку евиденција на оправдани и неоправдани отсуства, а беа направени и првични анализи на успехот. Наставниците од активот се консултираа и извршија договори за подобрување на планирањата и наставната пракса.

Во декември беше одржана родителска средба со цел известување за постигањата на учениците. Беа спроведени активности за уредување на училниците во рамки на еко-програмата, а учениците учествуваа и во новогодишната прослава со останатите одделенија. Дополнително, се следеше успехот по предметите изведувани од предметни наставници, како што се природни науки, англиски јазик и техничко образование.

Јануари беше посветен на анализа на резултатите од првото полугодие и евиденција на реализираните часови. Во февруари наставниците ги запознаа учениците со целите на втората наставна тема и спроведоа активности за набљудување на зимската природа, што придонесе за развој на практични вештини. Се следеше ученичкиот успех и се правеше навремена интервенција каде што беше потребно.

Март беше резервиран за презентација на постигнатите резултати од втората тема, заедно со еколошки истражувачки активности на интернет. Родителите беа информирани за напредокот и за целите на претстојниот излет, кој беше успешно реализиран во мај. Излетот беше рекреативен и едукативен и придонесе за продлабочување на знаењата преку директно искуство.

Во април учениците учествуваа на Велигденскиот базар. Посебно внимание беше посветено на учениците со послаб успех, преку дополнителна настава и индивидуален пристап. Анализата на резултатите од контролни тестови помогнаа во насочување на наставните активности кон идентификуваните потреби.

Учебната година заврши во јуни со ажурирање на педагошката евиденција, следење на реализацијата на дополнителната и додатната настава, како и евиденција на оправдани и неоправдани отсуства. Се направи самоевалуација на работата на стручниот актив и беа подготвени завршните извештаи за одделенскиот совет.

Совет на одделенски наставници: одговорни наставници во петто одделение.

## 37. Извештај од спроведена Самоевалуација за период од две години

**ИЗВЕШТАЈ**
од самоевалуација на ООУ „Св. Климент Охридски“ - Драслајца, период 2025/2027 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ 161/2019, 229/2020, 3/25 и 74/25 година) Општинското основно училиште „Св. Климент Охридски“ - Драслајца, изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2025/2027 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 29.01.2025 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1. Јованка Спасеска - претседател (одделенски наставник)
2. Катерина Спасеска - педагог
3. Златко Анѓелкоски - предметен наставник
4. Мирче Лазоровски - предметен наставник
5. Елизабета Спироска - родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот февруари - мај 2025 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | 1. Златко Анѓелкоски - координатор<br>2. Билјана Анѓелкоска Попоска<br>3. Весна Крстиновска Велоска<br>4. Мирјана Гоџо<br>5. Владо Ристовски<br>6. Албана Лена Мехмеди<br>7. Пеце Климоски |
| 2. Постигања на учениците | 1. Мирче Лазороски - координатор<br>2. Катерина Спасеска<br>3. Емилија Милошеска<br>4. Соња Милошеска<br>5. Гордана Наумоска<br>6. Африме Анруши<br>7. Злата Маџоска |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | 1. Сања Котевска Клечкаровска<br>2. Надица Кочоска<br>3. Јулија Милошеска<br>4. Јован Белкоски<br>5. Рената Спироска<br>6. Даниела Карамачоска |

| | |
|---|---|
| | 7. Суејла Дрбач |
| 4. Управување и раководење | 1. Јованка Спасеска - координатор<br>2. Анета Балоска Наумоска<br>3. Александра Тренески<br>4. Неримане Мах,уди<br>5. Марино Велоски<br>6. Јасмина Герасимоска<br>7. Фламур Таири |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 30.06.2025 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи..<br><br>Наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др. Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат |

различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби.

Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. Најголем број од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите. Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП програма според препораките од МКФ. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Наставниците и стручните соработници се делумно обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП. Училиштето не располага со асистивна технологија. Пристапот во училиштето, просторот во ходниците и во училниците, тоалетите се делумно приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост. Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно со нивните интереси. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел за најдобар интерес на ученикот. Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби. ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во ГПРУ, проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. Училиштата што реализираат настава на повеќе наставни јазици, најголемиот број воннаставни активности ги реализираат со јазично хетерогени групи ученици. Има примери на организирани заеднички наставни часови со ученици кои наставата ја следат на различни наставни јазици, согласно со Упатството за организација на заеднички наставни часови.

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е

интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество. За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците. Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели. Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и кодекс за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми во стручните активи, наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив се запознаени учениците и родителите. Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.

Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Инструментите за оценување се унапредуваат во соработка со стручната служба

Статистичкиот преглед редовно се реализира и презентира од страна на стручната служба пред наставниците на наставнички совет. Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината ќе биде презентиран на крајот на учебната година

Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците.

Поголем дел од учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Во училиштето, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности.

Најголем број од учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето. Во училиштето се реализираат воннаставни активности предложени од учениците. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор, низ транспарентна процедура. Учениците се вклучени во подготвувањето на

програмите за вонаставни активности.

Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.

**Силни страни**

Поголем број од испитаниците сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи и како резултат на тоа се подобрени планирањата кај најголем број од наставниците

Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем.

Родителите и учениците се запознати со листата на изборни предмети и активности и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците

Задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците.

На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.

Најголем дел од Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците.

Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.

Најголемиот број наставници применуваат формативно оценување.

**Слаби страни**

Незначителен број од наставниците сметаат дека немаат поддршка од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице при изготвувањето на планирањето за наставниот предмет.

Мал број од учниците не се согласуваат дека секое оценување е праведно.

Незначителен број од учениците и родителите не сметаат дека во училиштето има доволен избор на вонаставни активности и дека слободно по сопствен избор можат да се вклучат во истите. Исто така сметаат дека не се доволно вклучени во изготвувањето на планирањето на вонаставните активности.

**Приоритети**

Во делот со воннаставните активности засилено вклучување на учениците во изготвувањето на планот, како и креирање на активности кои се во согласност со нивните интереси.

Зголемување на активности во кои учениците ќе бидат вклучени во работилници со ученици од друга култура и друг наставен јазик . Засилување на соработката на ППС со наставниот кадат во поглед на изготвуањето на наставните планови и програми.

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

Советувањата на родителите се спроведуваат четири пати во текот на една учебна година (после секое тримесечје), после оддржување на одделенските совети. Учениците и родителите се советуваат доколку: ученикот има повеќе од три негативни оценки, има повеќе од десет неоправдани или сто оправдани изостаноци, ако учениците имаат недолично однесување. На родителите им се испраќаат покани, секој родител кој треба да присуствува на советувањето добива покана седум дена пред одржувањето на истото. Се изработуваат извештаи од советувањето кои ги добиваат и самите родители. Досегашната пракса покажала дека советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати.

Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава - Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето. Родителите се изјаснија дека е најдобро да се организира дополнителна настава пред тестови и испрашувања.

Училиштето врши анализа и има докази дека дополнителната и диференцираната настава придонесуваат кон подобрување на постигањата.

**Силни страни**

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квартални периоди.

Учениците редовно земаат учество во сите организирани општински, регионални и државни натпревари, каде што постигнуваат одлични резултати.

Училиштето има добро развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето.

Училиштето има стратегија за идентификување на надарените ученици.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Поголемиот број од учениците во нашето училиште се редовни на настава.

| |
|---|
| Советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати.<br>Во текот на целата година по сите предмети се организира дополнителна настава. Родителите се изјаснија дека учениците даваат позитивни одговори за наставата и активностите во училиштето. |
| **Слаби страни**<br>Училиштето беше вклучено во меѓународно тестирање во 2023 година ТИМСС 2023 и учениците на ова тестирање немаа многу добри резултати.<br>На училиштето во учебната 2024/25 не му беше доделен образовен асистент, и не располага со психолог и дефектолог за учениците со посебни потреби.<br>Во екстерните тестирања, споредбата со националниот просек покажува дека има простор за значително подобрување, особено во примената на знаењето и аналитичкото размислување.<br><br>Дел од наставниците во едно од подрачните училишта не секогаш одржуваат дополнителна настава. |
| **Приоритети**<br>Со учениците да се работи во насока на развивање и поттикнување на критичкото размислување како и развивање на повисоките когнитивни домени и истражувачки вештини. Наставниците да ги планираат часовите со повеќе интерактивни активности во насока на поттикнување на креативното размислување кај учениците, примена на различни перспективи во реализација на наставните содржини, давање можности за откривање различни решенија на дадени задачи од наставната содржина. Редовно да ги одржуваат часовите за дополнителна и додатна настава. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме**

Имиџот на училиштето, неговата слика, како и климата и културата во него, се одлични и претставуваат синоним за училиштето, како и за неговата афирмација на локално, национално и меѓународно ниво. Во училиштето се истакнати кодекси на однесување и куќен ред, на кои се придржуваат сите вклучени страни. Наставниците, стручната служба, учениците и родителите водат грижа за дисциплината и однесувањето на учениците. Постојано се води педагошка евиденција и документација, како и записници и извештаи за управување со различни ситуации во текот на работата на стручната служба. Учениците имаат ученички парламент и активно учествуваат во донесувањето на одлуки и решавање на проблеми. Тие имаат и ученички правобранител и редовно учествуваат во активности според програмата што е доставена за работа. Во училиштето се почитуваат правата на децата, а наставниците имаат соодветни активности, како наставни, така и воннаставни, со кои учениците се запознаваат со своите права и обврски, а исто така и родителите. Училиштето гарантира еднаков третман на сите ученици и обезбедува правичност и еднаквост, со ист пристап за сите ученици. Училиштето и наставниците имаат постојана и продуктивна соработка со родителите и старателите на учениците, кои активно учествуваат во училиштниот живот и во работата на училиштето. Покрај тоа, училиштето има активна соработка со локалната заедница, институции, невладини организации и акредитирани организации кои ја следат работата на училиштето, донираат соодветна опрема или обезбедуваат интелектуални услуги. Редовно се организираат предавања, едукации и се реализираат наставни и воннаставни активности за превенција и справување со врсничко насилство. Во соработка со локалната средина и надлежните институции, се организираат трибини и настани за заштита од дрога, алкохол и пушење, како и за заштита и превенција од заразни болести, квалитетот на храната и здрава исхрана. Во училиштето се спроведуваат редовни санитарни и систематски прегледи за наставниците и учениците. Педагошко-психолошката служба редовно води евиденција и документација во согласност со потребите на учениците, постојано комуницира со наставниците и родителите за справување со социо-емоционалните проблеми на учениците и на тој начин води грижа за нивното ментално здравје. Во соработка со учениците, наставниците и родителите, ППС обезбедува поддршка и насочување за продолжување на образованието на учениците.

**Силни страни**

- Училиштето има позитивна клима.
- Училиштето има кодески за однесување и куќен ред со кој се запознати учениците, наставниците, родителите и сите засегнати страни.
- Училиштето има детски парламент.
- Училиштето има ученик правобранител.
- Училиштето има соодветна евиденција и документација за дисциплина, однесување, формирање на соодветни тела, учетво и донесување на одлуки од страна на учениците.
- Училиштето има активна соработка со родителите.
- Училиштето има активна соработка со локалната заедница.
- Училиштето е афирмирано и постојано застапено во локалните и националните медиуми.
- Училиштето има еднаков и правичен пристап кон сите ученици.
- Училиштето организира работилници, едукација и наставни и воннаставни активности за превенција од насилството.
- Училиштето организира предавања, самостојно и во соработка со организации и институции во врска со превенција и заштита од пушење, дрога и алкохол.
- Училиштето води грижа за здравјето на учениците и наставниците.
- Училиштето води грижа за социо-емоционалната состојба и менталното здравје на учениците.

**Слаби страни**

– Училиштето не е транспарентно во однос на буџетот, односно вработените и родителите не се доволно информирани во врска со финансиските средства со кои училиштето располага.

**Приоритети**

- Редовно да се објавува буџетот на училиштето со цел вработените и родителите да бидат информирани за финансиските средства со кои раководството располага.

**Подрачје 4: Управување и раководење**

**Опис/резиме на подрачјето**

Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро. Во текот на самоевалуацискиот период, беше утврдено дека училиштето има воспоставени основни механизми за управување и раководење.

Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. Најголем број од родителите (40,6 %) се согласуваат дека УО навремено и транспарентно ги објавува сите донесени одлуки.

Раководниот орган - директорот, има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Ја извршува својата функција во согласност со законската регулатива и се стреми кон инклузивен пристап при донесување одлуки. Наставниот кадар е вклучен во процесите преку активна работа на стручните активи, комисии и тимови а учениците и родителите се информирани за одлуките преку родителски средби, известувања на социјалните медиуми, локални портали и советувања**.** Работи тимски при процесот на креирање политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште, редовно и транспарентно. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и вонннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Сместувањето и просторните капацитети се многу добри.

Најголем дел од наставниците 51,5 % се изјасниле дека училиштето многу добро планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и вонннаставните активности.

Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија. Библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот.

Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручнен соработник педагог. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Обезбедувањето на наставен кадар е многу добро. Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси.

Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот,

образовните реформи и современтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.

Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж, за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители. Континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето.

Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели, план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат доследно.

Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината.

**Силни страни**

Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро. Сместувањето и просторните капацитети се многу добри. Училиштето бележи значителен напредок во однос на техничката и материјалната опременост, што директно придонесува за подобрување на наставниот процес и административната ефикасност. Оваа технолошка надградба овозможува современ и интерактивен пристап во наставата, подобра интернет-поврзаност, зголемена безбедност и поефикасно одржување на училишната средина

Наставничкиот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Најголем дел од родителите сметаат дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен.

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика.

| |
|---|
| **Слаби страни**<br>Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на наставниците<br>Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето, но и покрај тоа<br>одреден процент на наставници и родители се изјасниле дека не се запознати со тоа како се троши буџетот. |
| **Приоритети**<br>Ревидирање на Правилникот за оддавање признанија на наставниците и негова примена.<br>Откривање на начин на информирање на сите чинители во училиштето за тоа како се троши буџетот.<br>Преземање мерки и активности за санирање на кровот во централното училиште.<br>Преземање на мерки и активности на училиштето за подобрување на енергетската ефикасност на училишните зграда во централното и подрачните училишта. |

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето:**

- ✓ **Едукација на наставниците за работа со уреди од асистивна технологија, со што квалитетот на својата работа како наставници би ја подигнале на едно повисоко ниво.**
- ✓ **Формирање фонд на награди за учениците кои постигнале исклучителни резултати, со цел да се мотиваат и поттикнат за идни успеси.**
- ✓ **Реновирање на кровот и поставување фотоволтаични панели кровот од училишната зграда во централното училиште, со цел да се осовременат и да се подобрат условите за работа и да се заштедат финансиски средства.**
- ✓ **Реконструкција на санитарните јазли со нови плочки и санитарна опрема во централното училиште, ПУ Мороишта, ПУ Ложани, да се осовременат и да се подобрат хигиенските услови за учениците и вработените.**
- ✓ **Опремување на училници со ИКТ средства за осовременување на наставата, останати нагледни средства. Замена на столарија во училниците како и канцелариски столчиња за наставниот кадар во кабинетите, во најголем дел би придонесле за квалитетот на наставата да биде на највисоко можно ниво.**

- ✓ **Обновување на внатрешниот дел од училишната зграда (ѕидови и тавани) со термоизолација, заштедата на енергијата да биде на високо ниво.**

- ✓ **Промена на подот во училишната зграда во централното училиште, со цел да се подобрат хигиенските услови, безбедноста на учениците и вработените, естетскиот аспект, но и да се заштеди топлотна енергија.**
- ✓ **Промена на котлите за парно на нафта и поправка на постојните радијатори, училиштето ќе заштеди поголеми финансиски средства и поголема топлотна енергија.**
- ✓ **Обучување на наставниот кадар за комплетна имплементација во процесот на инклузија, екипирање на стручни профили кои се неопходни за непречено функционирање на инклузивниот процес.**
- ✓ **Дополнување на книжниот фонд во библиотеката со нови лектирни изданија, со цел истражување и проширување на знаењето.**

**Комисија за спроведување на СЕУ:**

1. Јованка Спасеска - претседател (одделенски наставник)
2. Катерина Спасеска - педагог
3. Златко Анѓелкоски - предметен наставник
4. Мирче Лазороски - предметен наставник
5. Елизабета Спироска - родител

З А К Л У Ч О К

Извештајот за работа на училиштето ООУ „ Свети Климент Охридски “ – с. Драслајца, Струга, за учебната 2024/2025 година ја одразува состојбата на училиштето во услови на програмски и други промени и новини во сите сфери на животот и работата на училиштето. Се посветува посебно внимание на активностите планирани со Визијата на училиштето како училиштето би бил и би претставувал клучен фактор за добросостојбата на учениците, вработените и месното население. Општинското Основното училиште „ Свети Климент Охридски “ – с. Драслајца, Струга, настојува да биде респектабилен субјект во непосредното опкружување и тоа е негова трајна ориентација. Тоа е цврсто решено да чекори по патеките на современо училиште каде образованието, воспитанието и културата ќе се клучни фактори за јакнење на едуцирањето на идните генерации.

- Сите планирани активности од Годишната програмаза работа на училиштето генерално се реализирани;
- Реализирани се  активности во кои училиштето се вклучи и ја збогати својата дејност;
- Средниот успех на училиштето е 4.34;
- 196 ученици преминаа во наредното одделеление, а еден ученик останува во истото одделение, со што се постигнати солидни резултати во воспитно-образовната работа на целото училиште;
- Училиштето ги реализира приоритетните задачи поставени за оваа учебна година;
- Се реализира стручното професионалното усовршување на воспитно-образовниот кадар со следење на семинари организирани од надлежни установи како и Бирото за развој на образованието и Министерство за образование и наука;
- Успешно се оствари соработката со родителите за континуирано следење на учениците и информирање на родителите за актуелни прашања;
- Училиштето во текот на целата учебна година водеше континуирана грижа за физичкиот, емоционален и социјален развој на учениците;

**Годишен извештај за работата на ООУ „Свети Климент Охридски“ – с. Драслајца, Струга**

**МП**

**Претседател на Училишен одбор** **Директор**

Наумка Велевачковска Н.В.

**/Наумка Велевачковска/** **/Мирослав Размоски/**

Драслајца, 14.08.2025 година